СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 ноември 1991 година

Скопје, ноември 1991 година

**25-та СЕДНИЦА, 9.XI.1991 г.**

ДНЕВНИОТ РЕС СЕ НАОЃА НА СТР.1


| | |
|---|---|
| 1. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | 3, 33 |
| 2. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | 15, 80, 159, 163, 164, 196 |
| 3. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 16, 154, 159, 160 |
| 4 .ЏЕЛАДИМ МУРАТИ | 19 |
| 5. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | 25 |
| 6. ШАБАН ПРЕВАЛА | 30 |
| 7. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | 31 |
| 8 . ФАИК АБДИ | 35 |
| 9. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | 39 |
| 10. ИСМЕТ РАМАДАНИ | 43 |
| 11. АСЛАН СЕЛМАНИ | 45 |
| 12. БЛАГОЈ ХАНЏИНСКИ | 48 |
| 13. ФЕРИД САДУКУ | 52 |
| 14. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | 54, 144, 165, 185, 209 |
| 15. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | 58 |
| 16. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | 61, 63 |
| 17. РИСТО КЕЛЕШОВ | 69 |
| 18. ХАМИТ АЛИУ | 69 |
| 19. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | 73, 151, 179, 193, 195, 206 |
| 20. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | 76, 158 |
| 21. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | 78, 149, 182 |
| 22. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | 83, 143, 184 |
| 23. ТОДОР ПЕТРОВ | 82, 156, 166, 169 |
| 24. ПОЛОЖАНИ | 94, 212, 213 |
| 25. ТИТО ПЕТКОВСКИ | 95, 175 |
| 26. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | 103 |
| 27. ПЕТАР ГОЃЕВ | 105 |
| 28. НАСЕР ЗИБЕРИ | 118, 184 |
| 29. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | 123, 164, 203, 212 |
| 30. БЛАГОЈ ТОШЕВ | 125 |
| 31. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | 127 |
| 32. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | 128, 130 |
| 33. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ | 131 |
| 34. ЕШТРЕФ АЛИУ | 134, 146, 159, 211 |
| 35. АСЛАН СЕЛМАНИ | 142 |
| 36. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | 148 |
| 37. ЈОРДАН БОШКОВ | 148, 157, 178 |
| 38. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | 158 |
| 39. ДОСТА ДИМОВСКА | 163 |
| 40. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | 164 |
| 41. ШИКОВСКИ | 168, 192 (прилог-нема), 194 |
| 42. ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ | 174 |
| 43. ЉУБОМИР ЈАКИМИВОСКИ | 177 |
| 44. КИРО ПОПОВСКИ | 179 |
| 45. ДРАГИ АРСОВ | 185 |
| 46. ВЛАДО ПОПОВСКИ | 190 |
| 47. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | 205 |
| 48. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | 204, 205 |
| 49. ЕМИНИ | 210 |
| 50. НИКОЛА КРСТВЕСКИ | 211 |
| 50. ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | 212 |


ПРОДОЛЖУВА

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од 25-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 9 ноември 1991 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија со почеток во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дами и господо пратеници,

Ја отворам 25-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ни еден пратеник не ме извести дека од оправдани причини не може да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата се поканети и присуствуваат претседателот на Република Македонија, членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот и суд^ите на Уставниот суд на Македонија и членовите на Комисијата за уставни прашања од редот на научните и стручни работници од областа на правото.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Утврдување на Предлогот на уставот на Република Македонија.

2. Утврдување на Предлогот на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој е за предложениот дневен ред да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Минуваме на **точката 1** Утврдување на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Дами и господа пратеници,

На денешната седница ќе треба да го утврдиме Предлогот на уставот на Република Македонија и Предлогот на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, кој потоа согласно постапката предвидена во Уставот ќе треба на седницата закажана за утре Собранието да ги усвои и прогласи.

Комисијата за уставни прашања на вчерашната седница го утврди Текстот на Предлогот на Уставот и текстот на Предлогот на Уставниот закон.

При утврдувањето на текстовите на Предлогот на Уставот и на Уставниот закон Комисијата ги имаше во предвид и со посебно внимание ги ценеше бројните предлози и забелешки искажани во текот на јавната дискусија, како и амандманите од комисиите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и Владата на Република Македонија.

Врз основа на овие предлози Комисијата изготви пречистен текст на Предлогот на уставот и на Уставниот закон за спроведување на Уставот кои непосредно пред седницата ви се поделени.

Исто така, поделени ви се амандманите по текстот на Предлогот на уставот и Уставниот закон како и извештаите на комисиите и Извештајот на Комисијата за уставни прашања.

Во врска со текстот на Предлогот на уставот на Република Македонија во својство на претседател на Комисијата за уставни прашања ќе поднесам воведно излагање.

(Прилог).

Поминуваме на утврдување на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Ве молам пред да отвориме расправа бара збор господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**

Почитувано претседателство,

Сакам еден предлог да дадам, бидејќи Извештајот од работата на Уставната комисија беше поделен непосредно пред почетокот на седницата и колку што успеав да го прочитам има дваесеттина нови амандмани, кои што се усвоени од страна на Уставната комисија и за кои што ценам дека има потреба пратениците подетално да се запознаат, предлагам да се даде пауза од триесетина минути, како би можеле пратениците да се запознаат со овој извештај и со целината на новиот Предлог на утврдениот текст на Уставот на Република Македонија кој што беше поделен утринава на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали се прифаќа предлогот за пауза? (Се прифаќа).

Бидејќи има предлози повеќе и за два часа пауза, предлагам пауза до 13 часот.

Седницата прекина со работа во 10,50 часот.

ДАМИ И ГОСПОДА ПРАТЕНИЦИ,

НА ДЕНЕШНАВА .СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ТРЕБА ДА ГО УТВРДИМЕ ПРЕДЛОГОТ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ШТО ВО ПОСЛЕДНИВЕ МЕСЕЦИ БЕШЕ ГЛАВНА ПРЕОКУПАЦИЈА И ПО КОЈ, ПОСЕБНО ВО КОМИСИЈАТА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА СЕ ВОДЕШЕ МОШНЕ ИНТЕНЗИВНА РАСПРАВА. НО, СЛОБОДНО МОЖЕ ДА СЕ КАЖЕ ДЕКА ДОНЕСУВАЊЕТО НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕТСТАВУВА ЕДЕН ПОВЕЌЕМЕСЕЧЕН ПАРЛАМЕНТАРЕН, НАУЧЕН, СТРУЧЕН И ИНТЕЛЕКТУАЛЕН АНГАЖМАН.

УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА ПРВПАТЧВО ПОВЕЌЕВЕКОВНАТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО КОЈА МАКЕДОНИЈА Е КОНСТИТУИРАНА КАКО НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, ПРЕТСТАВУВА АКТ НА ЕДНА САМОСТОЈНА И СУВЕРЕНА ДРЖАВА ВО КОЈА СЕ ОБЕЗБЕДУВА И ГРАЃАНСКА РАМНОПРАВНОСТ И ТРАЈНО СОЖИТЕЛСТВО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД СО АЛБАНЦИТЕ, ТУРЦИТЕ, ВЛАСИТЕ, РОМИТЕ И ДРУГИ НАЦИОНАЛНОСТИ КОИ ЖИВЕАТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

УСТАВОТ Е ПЛОД НА СЛОБОДНО ИЗРАЗЕНАТА ВОЛЈА НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА РЕФЕРЕНДУМОТ ОД 8 СЕПТЕМВРИ ГОДИНАВА, КОГА ТИЕ СКОРО ПЛЕБИСЦИТАРНО ГО

ДАДОА СВОЈОТ ГЛАС "ЗА" МАКЕДОНИЈА И ЗА НЕЈЗИНАТА РАМНОПРАВНА ПОЗИЦИЈА ВО ЈУГОСЛАВИЈА, НА БАЛКАНОТ И ВО ЕВОРПА. ВО ОВОЈ МИГ КОГА СЕ НАОЃАМЕ ПРЕД ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НОВИОТ УСТАВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Е НЕОПХОДНО ОДНОВО ДА СЕ НАГЛАСАТ ОВИЕ ОПРЕДЕЛБИ НА МАКЕДОНИЈА.

ОВОЈ УСТАВ. НЕ Е НА ШТЕТА НА БИЛО КОЈА ЧЛЕНКА НА ДОСЕГАШНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА ЗАЕДНИЦА, НИТУ НА ШТЕТА НА СОСЕДНИТЕ НАРОДИ, ТУКУ ТОЈ НАГЛАСЕНО ГО ОТВОРА ПАТОТ КОН ЕВРОПА И СВЕТОТ. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАСНО И НЕДВОСМИСЛЕНО СЕ ОПРЕДЕЛИ ЗА НЕПОВРЕДИВОСТА НА ГРАНИЦИТЕ И ЗА СУВЕРЕНА И САМОСТОЈНА ДРЖАВА КОЈА ЌЕ СЕ ЗАЛАГА ЗА ДОСЛЕДНО ПОЧИТУВАЊЕ НА ОПШТОУСВОЕНИТЕ ПРИНЦИПИ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ, СОДРЖАНИ ВО ДОКУМЕНТИТЕ НА ОН, ЗАВРШНИОТ ДОКУМЕНТ НА ЌЕБС ВО ХЕЛСИНКИ И ПАРИСКАТА ПОВЕЛБА. СЕ ОПРЕДЕЛИВМЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДЕЊЕТО НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ДА ГО ЗАСНОВУВА ВРЗ ПОЛНО ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА -ТЕРИТОРИЈАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ И СУВЕРЕНИТЕТ, НЕМЕШАЊЕ ВО ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ, ЈАКНЕЊЕТО НА МЕЃУСЕБНОТО ПОЧИТУВАЊЕ И ДОВЕРБА И РАЗВОЈ НА СЕСТРАНА СОРАБОТКА СО СИТЕ ЗЕМЈИ И НАРОДИ ОД ВЗАЕМЕН ИНТЕРЕС.

ТЕКСТОТ НА УСТАВОТ ШТО ГО ИМАТЕ ПРЕД ВАС, СЕ ГРАДЕШЕ ВО ЕДЕН РЕЛАТИВНО КУС ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД, СО НАПОРНА И ОДГОВОРНА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА, СО ПОМОШ НА ЕКСПЕРТСКАТА ГРУПА, ЗНАЕЊЕТО НА СТРУЧНИТЕ ЛУЃЕ, НА НАУКАТА, ПРЕДЛОЗИТЕ И ИНИЦИЈАТИВИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ, НА НИВНИТЕ АСОЦИЈАЦИИ И НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ. НИЗ БОГАТСТВОТО НА ИДЕИ И ПРЕДЛОЗИ, ШТО СЕКАКО СЕ ПРИДОБИВКА

НА НОВИОТ ПЛУРАЛИСТИЧКИ АМБИЕНТ, ДОЈДЕ ДО ИЗРАЗ ЖЕЛБАТА ДА СЕ НАПРАВИ ОРИГИНАЛЕН И АВТЕНТИЧЕН УСТАВ ПРИМЕРЕН НА МАКЕДОНСКИТЕ СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ, НА ДРЖАВНО-ПОЛИТИЧКАТА ТРАДИЦИЈА И НА ДЕМОКРАТСКИТЕ И ЦИВИЛИЗАЦИСКИ СТАНДАРДИ НА ЕВРОПА. КОМИСИЈАТА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА ПРАВЕШЕ НАПОРИ, ВО ДЕМОКРАТСКА И ТОЛЕРАНТНА АТМОСФЕРА, ДА СЕ ВОДИ ДИЈАЛОГ И ЗА НАЈЧУВСТВИТЕЛНИТЕ ПРАШАЊА И НА ТОЈ НАЧИН СЕ НАДМИНУВАА ТЕСНО-ПАРТИСКИТЕ ПОГЛЕДИ И ПРЕОВЛАДУВАШЕ АРГУМЕНТАЦИЈАТА ЗА РЕШЕНИЈАТА ^КОИ СЕ ВГРАДЕНИ ВО ПРЕДЛОГ- УСТАВОТ.

ЈАВНАТА ДИСКУСИЈА ШТО ТРАЕШЕ РЕЛАТИВНО КУСО ВРЕМЕ БЕШЕ МОШНЕ ИНТЕНЗИВНА И БОГАТА. ВО НЕА СЕ ВКЛУЧИЈА ГОЛЕМ БРОЈ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ИНСТИТУЦИИ ОД РЕПУБЛИКАТА, ПРИ ШТО Е ОСОБЕНО ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ПРИДОНЕСОТ НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА ,НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ, УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА, УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ", КАКО И БРОЈНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИТЕ И ПОЕДИНЦИ

ЈАВНАТА ДИСКУСИЈА ГИ ПОДДРЖА ОСНОВНАТА КОНЦЕПЦИЈА И РЕШЕНИЈАТА ВО УСТАВОТ, НО'ИСТОВРЕМЕНО ДАДЕ ГОЛЕМ БРОЈ НАЧЕЛНИ И КОНКРЕТНИ МИСЛЕЊА, ЗАБЕЛЕШКИ И ПРЕД ЛОЗИ ШТО УСТАВНАТА КОМИСИЈА ГИ РЕСПЕКТИРАШЕ И СИТЕ ТИЕ ВО ГОЛЕМА. МЕРАШРИДОНЕСОА ВО ОБЛИКУВАЊЕТО НА КОНКРЕТНИТЕ РЕШЕНИЈА СОДРЖАНИ ВО УСТАВОТ.

МОЖЕ СЛОБОДНО ДА СЕ КАЖЕ ДЕКА КОМИСИЈАТА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА ОД САМИОТ ПОЧЕТОК НА СВОЈАТА РАБОТА БЕШЕ ОТВОРЕНА КОН ЈАВНОСТА.

ДАМИ И ГОСПОДА ПРАТЕНИЦИ,

ПРЕДЛОГ- УСТАВОТ ГО ДОНЕСУВАМЕ ВО ВРЕМЕ КОГА ЕВРОПА СЕ АНГАЖИРА ОКОЛУ РАЗРЕШУВАЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА КРИЗА И НА УРЕДУВАЊЕТО НА ИДНИТЕ ОДНОСИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА ВО ОВИЕ МИРОВНИ НАПОРИ НА ЕВРОПА, МАКЕДОНИЈА НАСТАПУВА КАКО РАМНОПРАВЕН И СУВЕРЕН ПАРТНЕР ЧИИ ОПРЕДЕЛБИ ДОБИВААТ НЕСОМЕНЕНА ПОДДРШКА И АФИРМАЦИЈА ВО ЕВРОПА И СВЕТОТ. ДОНЕСУВАЊЕТО НА УСТАВОТ, МОЖЕ СЛОБОДНО ДА СЕ КАЖЕ, ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЕН ЧЕКОР И ДОБАР ПАТ ДА ДОБИЕМЕ МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАНИЕ ОД ЕВОРПА И СВЕТОТ. ТОА Е ДЕМОКРАТСКИ И ЦИВИЛИЗАЦИСКИ ЧИН ВО ОВА ЈУГОСЛОВЕНСКО БЕЗУМИЕ, КОНСТРУКТИВЕН НАПОР ВО УСЛОВИ НА ДЕСТРУКЦИЈА И ИСКЛУЧИВОСТ, НАПОР ДА СЕ БИДЕ МИРОТВОРЕЦ КОГА ВО НЕКОИ ДЕЛОВИ НА ЈУГОСЛАВИЈА БЕСНЕЕ ВОЈНАТА. ЗАТОА, МАКЕДОНИЈА СО ДОНЕСУВАЊЕТО НА УСТАВОТ, СВОЈОТ ПАТ КОН САМОСТОЈНОСТ И СУВЕРЕНОСТ ГО ЧЕКОРИ ЛЕГИТИМНО, ДЕМОКРАТСКИ И ЦИВИЛИЗИРАНО.

ВО ПРЕДЛОГ- УСТАВОТ ШТО ТРЕБА ДА ГО УТВРДИМЕ НА ДЕНЕШНАВА СЕДНИЦА, СЕ ОПРЕДЕЛИВМЕ ЗА САМОСТОЈНА И СУВЕРЕНА, ГРАЃАНСКА И ДЕМОКРАТСКА ДРЖАВА МАКЕДОНИЈА ВО КОЈА ГРАЃАНИНОТ Е ОСНОВНИОТ СУБЈЕКТ И НОСИТЕЛ НА ПОЛИТИЧКАТА ИНИЦИЈАТИВА И ПОЛИТИЧКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ. СО НЕГО МАКЕДОНИЈА СЕ ПРОФИЛИРА КАКО ГРАЃАНСКА, ДЕМОКРАТСКА И СОЦИЈАЛНА ДРЖАВА ЗАСНОВАНА ВРЗ НАЧЕЛАТА НА ПОВЕЌЕПАРТИЗМОТ И ПАРЛАМЕНТАРНАТА ДЕМОКРАТИЈА. ОСНОВЕН НОСИТЕЛ НА СУВЕРЕНИТЕТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Е НАРОДОТ КАКО ЗБИР НА СЛОБОДНИ И РАМНОПРАВНИ ГРАЃАНИ, КОИ

ВЛАСТА ЈА ОСТВАРУВААТ ПРЕКУ ДЕМОКРАТСКО ИЗБРАНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО ПАРЛАМЕНТОТ, ПО ПАТ НА РЕФЕРЕНДУМ И ДРУГИ ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНА ДЕМОКРАТИЈА. ЗАТОА, ПРЕДЛОГ- УСТАВОТ Е УСТАВ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ВО ЧИЈ ЦЕНТАР Е ГРАЃАНИНОТ И НЕГОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА.

ПОАЃАЈЌИ ОД ТЕМЕЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА УСТАВНИОТ ПОРЕДОК НА РЕПУБЛИКАТА, ОСОБЕНО ВНИМАНИЕ Е ПОСВЕТЕНО ВО ДЕЛОТ ЗА ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ. ВО ОВОЈ ДЕЛ Е ВГРАДЕН ЦЕЛИОТ КОРПУС НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ КОИ СЕ СОДРЖАНИ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНВЕНЦИИ, СО ШТО МАКЕДОНИЈА ЌЕ СЕ НАЈДЕ ВО РЕДОТ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ЗЕМЈИ НА ЕВРОПА И СВЕТОТ. ВО ОВАА СМИСЛА, ПОСЕБНО БИ ГИ ОДБЕЛЕЖАЛ ЕДНАКВОСТА НА ГРАЃАНИТЕ ПРЕД ЗАКОНОТ; СЛОБОДАТА НА УВЕРУВАЊЕТО, МИСЛАТА И ЈАВНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ НА МИСЛАТА; СЛОБОДАТА НА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗАРАДИ ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА НИВНИТЕ ПОЛИТИЧКИ, ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛНИ, КУЛТУРНИ И ДРУГИ ПРАВА И УВЕРУВАЊА, ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ; ПРАВОТО НА ШТРАЈК И СЛИЧНО.

СО ОГЛЕД НА ФАКТОТ ШТО ВО МАКЕДОНИЈА ПОКРАЈ МАКЕДОНСКИОТ НАРОД,. ЖИВЕАТ АЛБАНЦИ, ТУРЦИ, ВЛАСИ, РОМИ И" ДРУГИ НАЦИОНАЛНОСТИ, ВО ПРЕДЛОГ- УСТАВОТ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ПРАВА ОВИЕ НАЦИОНАЛНОСТИ СЛОБОДНО ДА ГО ИЗРАЗУВААТ НЕГУВААТ И РАЗВИВААТ СВОЈОТ ИДЕНТИТЕТ И НАЦИОНАЛНИТЕ ОСОБЕНОСТИ И СЕ ГАРАНТИРА ЗАШТИТА НА ЕТНИЧКИОТ,

КУЛТУРНИОТ, ЈАЗИЧНИОТ И ВЕРСКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА НАЦИОНАЛНОСТИТЕ ПОСЕБНО ТРЕБА ДА СЕ ОДБЕЛЕЖИ ПРАВОТО НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНОСТИТЕ НА НАСТАВА НА СВОЈОТ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, НА НАЧИН УТВРДЕН СО ЗАКОН.

УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕДВИДУВА СОБРАНИЕТО ДА ОСНОВА СОВЕТ ЗА МЕЃУНАЦИОНАЛНИ ОДНОСИ КОЈ Е ПОТПОЛНО НОВА ИНСТИТУЦИЈА ШТО СЕКАКО ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОТЕМЕЛНО РАЗГЛЕДУВАШЕ НА ПРАШАЊАТА ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАЦИОНАЛНИТЕ ОДНОСИ. ПОСЕБЕН КВАЛИТЕТ Е ТОА ШТО СОБРАНИЕТО Е ДОЛЖНО ДА РАСПРАВА ПО МИСЛЕЊАТА И ПРЕДЛОЗИТЕ . НА ОВОЈ СОВЕТ. НОВИОТ УСТАВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СО ТОА ЈА ИЗРАЗУВА ОПРЕДЕЛБАТА ЗА ГРАЃАНСКА РАМНОПРАВНОСТ И ТРАЈНО СОЖИТЕЛСТВО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД НА АЛ"БАНЦИТЕ, ТУРЦИТЕ, ВЛАСИТЕ, РОМИТЕ И ДРУГИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ ШТО ЖИВЕАТ ВО МАКЕДОНИЈА.

ВО ОВАА ПРИЛИКА ТРЕБА ДА СЕ НАГЛАСИ ДЕКА КОМИСИЈАТА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА ПОСЕБНО ВНИМАНИЕ ИМ ПОСВЕТИ НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ- УСТАВОТ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА'ГАРАНЦИИТЕ НА ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА. ПРИТОА, КОМИСИЈАТА ПОСЕБНО ВОДЕШЕ СМЕТКА ВО УСТАВОТ ДА СЕ ВГРАДАТ ОДРЕДБИ СО КОИ ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ ДА СЕ ДЕФИНИРААТ ПОПРЕЦИЗНО И КАТЕГОРИЧКИ ДА СЕ ОТСТРАНИ МОЖНОСТА ОД ЖИВИНОТО ДЕГРАДИРАЊЕ СО ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ. ВО ОВАА СМИСЛА, ВО ОДРЕДБИТЕ ВО КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ ОГРАНИЧУВАЊА, ДАДЕНИ СЕ ПРЕЦИЗНИ И ЈАСНИ КРИТЕРИУМИ ВО УСТАВОТ, ВО КОИ СЛУЧАИ ТОА МОЖЕ ДА СЕ ПРАВИ И ТОА НЕ Е ПРЕПУШТЕНО САМО НА ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ.

ПОСЕБНО, ТРЕБА ДА СЕ ОДБЕЛЕЖИ ФАКТОТ ШТО ГРАЃАНИНОТ МОЖЕ ДА СЕ ПОВИКА НА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА УТВРДЕНИ СО УСТАВОТ, ПРЕД СУДОВИТЕ И ПРЕД УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА ВО ПОСТАПКА ЗАСНОВАНА НА НАЧЕЛАТА НА ПРИОРИТЕТ И ИТНОСТ.

ВО ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПОАЃА ОД ТЕМЕЛНАТА ОПРЕДЕЛБА ЗА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА СОПСТВЕНОСТА И СЛОБОДАТА НА ПАЗАРОТ И ПРЕТПРИЕМАШТВОТО КАКО ПОСТУЛАТИ ВРЗ КОИ ЌЕ .СЕ ГРАДИ И РАЗВИВА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА. НОВИНА ВО ОВОЈ ДЕЛ ПРЕТСТАВУВААТ ОДРЕДБИТЕ СО КОИ СЕ ГАРАНТИРА ПРАВОТО НА СТРАНСКИТЕ ВЛОЖУВАЧИ СЛОБОДНО ДА ГО ИЗНЕСУВААТ ВЛОЖЕНИОТ КАПИТАЛ И ДОБИВКАТА. ОВАА УСТАВНО- ПРАВНА ГАРАНЦИЈА СЕ НАДЕВАМЕ ЌЕ ГО ЗГОЛЕМИ ИНТЕРЕСОТ НА СТРАНЦИТЕ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКАТА ШТО Е "• ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНО ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА НАШИОТ ЕКОНОМСКИ ~ РАЗВОЈ.

ВО ОВОЈ ДЕЛ СЕ СОДРЖАНИ И ОДРЕДБИТЕ СПОРЕД КОИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВОВЕДУВА СОПСТВЕН КРЕДИТНО-МОНЕТАРНИОТ СИСТЕМ. НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Е ЕМИСИОНА БАНКА И ТАА Е САМОСТОЈНА И ОДГОВОРНА ЗА СТАБИЛНОСТА НА НАЦИОНАЛНАТА ВАЛУТА, ЗА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА И ЗА ОПШТАТА ЛИКВИДНОСТ ЗА ПЛАЌАЊАТА ВО РЕПУБЛИКАТА И КОН СТРАНСТВО. НА ОВОЈ НАЧИН И ЕКОНОМСКИ СЕ ИЗРАЗУВА СУВЕРЕНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ СЕ ПОЈДЕ ОД ОПРЕДЕЛБАТА ТАА ДА СЕ КОНЦИПИРА ВРЗ ПРИНЦИПИТЕ НА ПОДЕЛБАТА НА ВЛАСТА НА ЗАКОНОДАВНА, ИЗВРШНА И СУДСКА.

ВО ТАА СМИСЛА СОБРАНИЕТО Е ДЕФИНИРАНО КАКО ПРЕТСТАВНИЧКИ ОРГАН НА ГРАЃАНИТЕ И КАКО ЕДИНСТВЕН НОСИТЕЛ НА ЗАКОНОДАВНАТА ВЛАСТ НА РЕПУБЛИКАТА. СО ЦЕЛ ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ СТАБИЛНОСТ НА ПРАТЕНИЧКАТА ФУНКЦИЈА И НА СОБРАНИЕТО ВО ЦЕЛИНА, ПРАТЕНИКОТ ДА ГИ ПРЕСТАВУВА ГРАЃАНИТЕ А НЕ САМО СВОИТЕ ИЗБИРАЧИ, ВО УСТАВОТ Е УТВРДЕНО РЕШЕНИЕ ЗА НЕОТПОВИКЛИВОСТ НА ПРАТЕНИКОТ.

МЕЃУ ПОЗНАЧАЈНИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ ШТО ЈА ОДРЕДУВААТ ПОЗИЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО ВО ПОДЕЛБАТА НА ВЛАСТА ТРЕБА ДА СЕ СПОМЕНАТ: ДОНЕСУВАЊЕТО И ИЗМЕНУВАЊЕТО НА УСТАВОТ, ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА ВОЈНА И МИР; ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА МЕНУВАЊЕТО НА ГРАНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКАТА; ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА СТАПУВАЊЕ И ИСТАПУВАЊЕ ОД СОЈУЗ ИЛИ ЗАЕДНИЦА СО ДРУГИ ДРЖАВИ; ИЗБОРОТ НА ВЛАДАТА И ВРШЕЊЕТО НА ПОЛИТИЧКА КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД НЕЈЗИНАТА РАБОТА И НАД ДРУГИТЕ НОСИТЕЛИ НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ ШТО СЕ ОДГОВОРНИ ПРЕД СОБРАНИЕТО.

ВО ДЕЛОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ, ОПРЕДЕЛУВАЈЌИ СЕ ЗА КОНЦЕПТОТ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ДЕМОКРАТИЈА ВО ПРЕДЛОГ- УСТАВОТ СООДВЕТНО Е УТВРДЕНА И ПОЗИЦИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА И НЕГОВИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈА ПРЕТСТАВУВА РЕПУБЛИКАТА ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО И Е ВРХОВЕН КОМАНДАНТ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА МАКЕДОНИЈА. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА МОРА ДА БИДЕ ДРЖАВЈАНИН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЛИЦЕ КОЕ НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ НАПОЛНИЛО 40

ГОДИНИ. ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКАТА ИСТО ТАКА НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ИЗБРАНО ЛИЦЕ КОЕ ДО ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ НЕ БИЛО ЖИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАЈМАЛКУ 10 ГОДИНИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 15 ГОДИНИ. СЕ ОЦЕНИ ДЕКА ВАКВИ ПОСЕБНИ УСЛОВИ И ОГРАНИЧУВАЊА КОИ ВО УСТАВОТ СЕ ВГРАДЕНИ САМО ЗА ОВАА ФУНКЦИЈА СЕ НЕОПХОДНИ И СЕ СРЕЌАВААТ ВО УСТАВИТЕ НА СКОРО СИТЕ СОВРЕМЕНИ И ДЕМОКРАТСКИ ДРЖАВИ.

ВО СОГЛАСНОСТ СО СВОЈАТА УСТАВНА ПОЗИЦИЈА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГО ОПРЕДЕЛУВА МАНДАТОРОТ ЗА СОСТАВ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ДОДЕЛУВА ОДЛИКУВАЊА И ПРИЗНАНИЈА И ДАВА ПОМИЛУВАЊА, ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОН. ТОЈ Е ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

ОСНОВЕН НОСИТЕЛ НА ИЗВРШНАТА ВЛАСТ И КРЕАТОР НА ПОЛИТИКАТА НА ИЗВРШУВА&ЕТО НА ЗАКОНИТЕ И ДРУГИТЕ ПРОПИСИ Е ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРИНЦИПИТЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНАТА ДЕМОКРАТИЈА ВО ПРЕДЛОГ-УСТАВОТ Е ВГРАДЕНО РЕШЕНИЕ СПОРЕД КОЕ ВЛАДАТА Е КОЛЕКТИВНО ОДГОВОРНА ПРЕД СОБРАНИЕТО.

ВО ОДРЕДБИТЕ НА ОВОЈ УСТАВ СЕ ДЕФИНИРА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО, КАКО ГАРАНЦИЈА НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО И ЗАШТИТАТА НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ГРАЃАНИНОТ ВО СОГЛАСНОСТ СО НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО ВО УСТАВОТ Е УТВРДЕНО СУДИИТЕ ДА СЕ ИЗБИРААТ БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕТО НА МАНДАТОТ.

ВАЖНО МЕСТО ВО СТРУКТУРАТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗАЗЕМА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА КОЈ ЈА ШТИТИ УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА.

ВО ПРЕДЛОГ- УСТАВОТ ИМ СЕ ГАРАНТИРА ПРАВОТО НА ГРАЃАНИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЧИИ ЕДИНИЦИ СЕ ОПШТИНИТЕ ВО КОИ ГРАЃАНИТЕ НЕПОСРЕДНО И ПРЕКУ ПРЕТСТАВНИЦИ УЧЕСТВУВААТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА ПРАШАЊА ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ОСОБЕНО ВО ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ, КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ, КУЛТУРАТА, СПОРТОТ, СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА, ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТУВА&Е, ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, ОСНОВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ВО ДРУГИ ОБЛАСТИ УТВРДЕНИ СО ЗАКОН.

ГРАДОТ СКОПЈЕ Е ПОСЕБНА ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЧИЈА ОРГАНИЗАЦИЈА СЕ УРЕДУВА СО ЗАКОН.

ВО ДЕЛОТ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ СЕ УРЕДЕНИ УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА СУВЕРЕНИТЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОД АСПЕКТ НА СТАПУВА1БЕТО ВО СОЈУЗ ИЛИ ЗАЕДНИЦА СО ДРУГИ ДРЖАВИ ИЛИ ИСТАПУВАЊЕ ОД СОЈУЗ ИЛИ ЗАЕДНИЦА СО ДРУГИ ДРЖАВИ. ПОАЃАЈЌИ ОД ФАКТОТ ДЕКА СЕ РАБОТИ ЗА НЕОТУЃИВО ПРАВО НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАРОДОТ И ГРАЃАНИТЕ, ОДЛУКАТА ЗА ТОА ЈА ДОНЕСУВА СОБРАНИЕТО СО КВАЛИФИКУВАНО- ДВОТРЕТИНСКО МНОЗИНСТВО НА ГЛАСОВИ И ТАА Е УСВОЕНА АКО НА РЕФЕРЕНДУМ ЗА НЕА ГЛАСАЛО МНОЗИНСТВОТО ОД ВКУПНИОТ БРОЈ ИЗБИРАЧИ.

ВО ПРЕДЛОГ- УСТАВОТ СЕ УРЕДЕНИ И ПРАШАЊАТА ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ на одбраната на републиката,/ воената состојба и вонредната состојба.

ДАМИ И ГОСПОДА ПРАТЕНИЦИ,

ПРЕДЛАГАЈЌИ ВИ ГО УСТАВОТ НА УСВОЈУВАЊЕ, САКАМ ДА ИСТАКНАМ ДЕКА ТОЈ ДОСЛЕДНО ГИ СЛЕДИ И ПРЕДЛОЗИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРЕД СОБРАНИЕТО, УШТЕ ВО ФАЗАТА НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА НЕГОВО ДОНЕСУВАЊЕ. ОВОЈ УСТАВ, МИСЛАМ ДЕКА ИМА ТРАЈНИ ВРЕДНОСТИ И ЗАЕДНО СО УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА НЕГОВОТО СПРОВЕДУВАЊЕ, ЗАПОЧНУВА ЕДЕН КРУПЕН ПРОЦЕС НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ДРЖАВНОСТА НА МАКЕДОНИЈА. СО НЕГО ОЗНАЧУВАМЕ НОВ ПОЧЕТОК, ОТВОРАМЕ НОВА ЕПОХА ВО КОНТИНУИТЕТОТ НА ПОСТОЕЊЕТО И ЖИВОТОТ НА МАКЕДОНИЈА. ТОА И ПАДНА ВО ЗАДАЧА НА ОВАА ГЕНЕРАЦИЈА. ВО ТОА ИМЕ, ВЕ ПОВИКУВАМ ДА ГО УТВРДИМЕ ПРЕДЛОЖЕНИОТ УСТАВ А УТРЕ И СВЕЧЕНО ДА ГО ПРОГЛАСИМЕ.

БЛАГОДАРАМ.

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преминуваме на утврдување на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес. Молам,. кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Денеска тоа сигурно нема да биде. За чуените зборови акламација, денеска нема да говориме, туку ќе говориме за тоа дали има потреба и основ за донесување на овој Устав. Таа, откако во тоа ќе се увериме што ќе биде тогаш и ќе одлучиме на кој начин , дали тоа ќе биде со прегласување, усогласување, надгласување, или акламација. Тоа ќе биде само форма на донесување на овој Устав. Говорам сега во овој момент како претседател на Законодавно- правната комисија на ова Собрание што е и основа да се најде дали постои уставен основ за донесување на нов Устав или не. Тоа е првиот дел .

И второто прашање што треба да го разрешиме пред да се одлучиме на ова е дали има потреба за донесување на Устав. И откако ќе ги утврдиме овие две основни причини, ќе одлучиме каков Устав и дали овој, или поинаков ќе усвоиме и прогласиме. Лично сметам дека уставна можност за донесување на Устав постои затоа што сегашните уставни амандмани тоа го дозволуваат да се врши измена. Таму не е предвидена клаузула на донесување нов Устав, меѓутоа, само за измена на уставот и така се работело. Меѓутоа, тврдам како правник да Собранието може да одлучи да донесе и нов Устав. Така и направивме со усвојување, прифаќајќи го предлогот кој беше своевремено поднесен и од пратеничката група на ВМРОДПМНЕ, па се повлече во корист на предлогот на претседателот на Републиката да донесеме нов Устав.

Значи, прв основен услов кој требаше да се исполни е постоење на уставна можност да се донесе Устав. Откако ова е неспорно останува прашањето дали Собранието има потреба денеска, утре или било кој ден да донесе нов устав. Околностите кои се и начинот на кој постои македонската држава и интересот на сите пратеници на овој парламент да создадеме наполно самостојна, независна и суверена држава Република Македонија за кое и добивме гаранција преку распишаниот референдум кој се спроведе на ден 8 септември оваа година. Значи исполнет е и овој услов дека има потреба да се донесе Устав. Основните два услова за преминуваше на донесување на Устав господа пратеници, се исполнети. Ова како државници сме должни пред да пристапиме на усвојување на Уставот е да го констатираме. Без ваква правна констатација Уставот ќе ни има дефект. Затоа користејќи го овој момент сега и говорницата, кажувам дека од овој момент ако се согласиме да ги усвоиме овие два > услови како битни, ќе можеме да продолжиме со работа на усвојувањето на текстот на предложениот устав.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали некој друг бара збор.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги дами и господа, драги пријатели, драги пратеници, дојде денот кога мораме да одлучиме за нашата држава. Зошто да не бијат камбаните? Ќе мораме член по член да го испитаме секој став од сите комисии односно од Уставната комисија и од луѓето кои учествуваа како стручњаци за донесувањето на Уставот. Според мене, според моето сфаќање многу време помина за жал да се донесе овој законски акт, овој Устав за кој со години го мечтаеше нашиот народ. Како член на една партија национална, како човек нека пишуваат што сакаат новинарите, како човек кој случајно

пак ќе повторам сум тука, за некои членови од Уставот ќе бидам резервиран. Меѓутоа, во присуство. на претседателот на Републиката на членот на претседателството на почитуваната Влада и на вас, почитувани пратеници ме радува еден факт кој во моментот пред вашите очи гледам дека еден симбол го нема. Ме радува фактот дека утре, или друг ден заеднички сите ќе ги решиме и симболите на нашата држава на независна и слободна Македонија за која малку или повеќе вашите дедовци, татковци и вие самите сте придонеле. Ќе имам прилика господине претседателе понатаму ќе ми дадете збор и нема да ми го одземете и да ги истакнам и тие моменти кои веќе куцаат пред нашата врата односно бијат пред нашата врата. Се друго што ќе направиме тоа ќе биде само за доброто на нашиот народ. Никој го нема правото ниту во Европа, ниту во Хаг, ниту во Обединетите нации, ниту тука меѓу нас да му го земе правото на некој народ и малцинство. Тие се моите сфаќања кои ги имам добиено во домашното воспитување, во училиштето и понатаму во животот. И јас ви реков дека и ќе го потцртам, дали сум видовит или не сум видовит, дали сум случаен, а случаен сум затоа што ја гледам Македонија утре слободна, го гледам Македонецот слободен и сите народности и малцинства слободни во една весела Македонија, во една обединета Европа без маки и скитања, но внимавајте ќе предупредам на уште една работа и еден Македонец ако остане исфрлете го од вашите глави дека можете да го уништите Македонецот. Не. Еден Македонец ако остане ќе стане вампир. Тие се моите видувања. Вампирот ќе стане врапче, тие ќе станат многу врапчиња. За жал јас сум од такво религиозно семејство. Во секоја врба, во секоја гранка од дрвата, во секоја куќа, дури и во овие куќи ќе вика: ВМРО, Македонија.

Не сакам да ја фалам мојата партија, но ВМРО и Македонија, не е тоа пропаганда, не се ограничувам од другите партии и од другите сфаќања на партиите, затоа што плурализмот мора да живее, а не може да живее без тоа што го кажав, ќе живеат и сите други партии кои се во овој Парламент ќе присуствуваат и понатаму. Ќе присуствуваат во овој Парламент, во оваа земја ќе живеат можеби и слободно ако се борат за правото и за добробитот на Македонецот. Да не се лажат. Сега можеби некој ќе се навреди. Јас ја зборувам вистината пред вас и пред македонскиот народ. Ми е жал што не присуствува претседателот на Владата и некои други претставници на. Владата, ми е жал што не присуствуваат некои од мојата партија дека се носи еден законски акт со кој се потврдува самобитноста. Знам една работа и ќе ја потцртам, во времето на едноумието, во времето кога ечеа затворите и на југ и на запад и на исток, наши луѓе во името на тој народ хараа низ дијаспората во името на овој народ. Тоа беше голема лага. Ги молам претставниците на печатот секој мој збор да се запише дословно. Ми се чини дека јас зборувам од името на повеќето од вас, затоа што не напаѓам никоја партија. За да го лажеш еден народ, за да му ја одземаш слободата на тој народ кој го застапуваш, тоа е голем грев. Но, да го оставиме тоа на страна. Да се вратиме денес кои сме и какви сме. Какви сме, тие сме како што се гледаме. Сега ќе ве молам во жртвалникот на татковината да не ги оставиме нашите тела, но да го оставиме нашиот памет и нашите мисли да донесеме Устав кој го заслужува македонскиот народ и граѓаните кои живеат во оваа земја. За да се донесе тој устав, лицемерието., интригата, задните мисли ќе си ги оставиме дома во куќата, во ќошот, а тука настапуваме од името на луѓето кои нас не избрале, а ние знаеме кој не избрал.

Секоја лоша мисла е мисла на сатаната, е мисла на самоуништувањето. Не сакам никого да напаѓам, не сакам никого да навредувам, но затоа ќе ве молам при донесувањето на одлуките за секој став, за секој член од нашиот устав, прво, ќе се запазат интересите на интегритетот на слободата, на независноста на нашата Македонија, на нашата држава. Ако тргнеме од тој факт сите наши претставници во името наше, во името на народот, односно ништо не сме ние без народот, ќе имаат право и легитимитет да не застапуваат во сите организации, во Обединетите нации во Европските организации и во сите структури кои го решаваат денес животот на Европа и на светот. Ако не тргнуваме од таа наша долга замисла заснована врз тој Устав што ќе го донесеме, ние драги пријатели,дами и господа сме го излажале нашиот народ. Јас сега реков, го молам претседателот потоа да ми даде збор. Уште една напомена, нападите врз еден и врз друг член во Владата, или во Парламентот тие се тешки навреди врз нашиот народ. , Историјата да не се повтори.

Ви благодарам и наредниот пат кога ќе се јавам за збор, ќе зборувам по некои членови од Уставот. Ве молам да ме сфатите правилно.

**СТОЈАН АНДОВ**

За збор се јави потпретседателот на Собранието господинот Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, свесни сме дека денеска се наоѓаме пред одговорен и историски момент пред донесување на нов Устав на Република Македонија. Се надевавме уште од почетокот од донесувањето на иницијативата за нејзино променување дека ќе визионира односи, перспективи и среќна иднина на сите граѓани, на целото население на Република Македонија. Впрочем Уставот го гледаме како шанса за

мирен, достоен и стабилен живот на сите граѓани кои својот долгорочен профитен, политички и егзистенцијален интерес ќе го најдат во овој највисок документ на Републиката во која квалитетот на живеењето се засновува на развојот на демократијата и законот за правото како единствен систем на власт, на унапредувањето на индивидуалниот и колективниот општествен живот воспоставувајќи граѓанска и национална еднаквост и заедништво. Од предлог текстот на Уставот кој го имаме секој пред себе заклучив дека основните правно- политички поставки имаат теоретско сознаен и практичен карактер. Според тоа, тие поставки не се толку теорија, т.е. систем на уверувања, туку пред се збир на правни норми со кои се операционализира општественото живеење индивидуално и колективно интегрално. Секако има и многу забелешки за што укажуваат и поднесените амандмани, но начелен и практичен приговор на Предлог Уставот е дека тој содржи недоискажани ставови и норми кои оставаат длабоки дилеми, а основната дилема е дали Уставот овозможува процут, или декаденција на сожителството и дали овој документ е направен за еднонационална, многунационална, или граѓанска држава. Во целиот комплекс на правни норми, правила, принципи и односи на Уставот, според моето незнаење констатирам три, за мене исто така битни категоријални поими.

Прво, човекољубието или хуманоста. Второ, правичноста. И трето, ќарот сфатен како судбина на нашиот човек. Нешто необично, но поими кои навистина суштествуваат со содржината на Уставот, а која би рекол кореспондира со историјата на времето. Имено, човекољубието, или хуманизмот е основен закон на етиката врз чија основа треба да се уредуваат односите поединец семејство, општество држава, што значи рамноправност на секого според библискиот став "љуби го ближниот свој

како самиот себе". Овој принцип не е содржан во Уставот. Постојат големи исклучоци и Уставот е со многу непознати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**: (продолжение)

Вториот поим, правичноста претпоставува да се знае, да се стори она што во определена ситуација треба да се стори. Од аспект на временскиот миг и пред Одлуката што треба да донесеме овој поим е во понепосредна врска со рамноправноста и сожителството. Рамноправноста како темелен принцип на Уставот на многунациоанална заедница не се спомнува на оној степен што би требало да го има нашата заедничка држава Македонија. Постапката на донесувањето на Уставот ќе биде правилна ако ја изразува волјата и интересот на сите граѓани. Ако тоа не е, тогаш неправилно постапуваме или го правиме она што не треба да го сториме денес. Поимот "ќар" во овој контекст е во непосредна врска со хуманоста и правичноста. Од правичноста на сведување на односите меѓу себе во Уставот останува стабилноста, мирот, лојалноста, граѓанската послушност, непоколебливсота, а сите сме заинтересирани Уставот д а се почитува и доследно да се почитува. Во овој контекст албанците се залагаат за сопствено трансформирање, за себе потврдување и во Уставот и во законите и во практичниот живот и сигурност. Создаден е кај нив извесен скептицизам дека не се разбираат од другите, дека не постои историска храброст, готовност и подготвеност да се рече да за нивните барања, градејќи со тоа големо да автентично обликување на политика на рамноправно живеење. Во оваа политика треба да се инвестира уште повеќе без пристрасти, негирања и релативизам.

Јас би кажал уште нешто за албанците како граѓани, како население, како народ кое живее во Македонија во сите досегашни етапи во Републиката т.е. и во револуцијата и во изградбата на југословеанското општество, посебно на Македонија е втемелен и теорискиот и практичниот придонес, како и историскиот реалитет на албанците во сите сегменти и

сфери на општеството и општественото живеење. Нејзината ангажираност се сретнува и се препознава и во усовршувањето и во доградбата на државно правната , политичката и уставната доктрина на Република Македонија. Во овој контекст таа беше прогресивна силам, значаен субјект и секогаш се бореше во тој државноправен концепт да го најде себеси да го најде себеси заедно со другите и тоа во неколку аспекти. Во правилното разрешување на националното прашање, во создавање на заедница во слободно обединети народи врз база на рамноправност, во преобразбата на животот и општествените односи, во победата на напреднати и новите односи во консолидација на внатрешните меѓунационални односи, во афирмирањето на меѓународната улога на Републиката, во градењето на правците на сожителството и заедништвото меѓу македонците, албанците и другите кои живеат во Републиката, во градењето на политички и правен систем соодветен на националната структура на Републиката, на демократските односи и меѓусебните почитувања. Без сомневање сето ова е достоен кредибилитет на албанците за автентично обликување на сопствена македонска политика во разрешувањето на националните проблеми и на другите проблеми присутни и врзани за нивната рамноправност. Сепак, ќе се повикам на една филозофска изрека, доста стар филозоф, во која се вели "немој да им го правиш на другите она што не сакаш тебе да ти го прават". Втората изрека е "прави им го на другите она што сакаш тебе да ти го прават". Овие филозофски изреки се битни детерминатни на филозофијата на живеењето и сожителството во нашата Република. А Уставот како највисок државно правен акт, закон за над законите треба многу повеќе да им обрнува внимание на овие законитости.

Моделот на парламентарната демократија што моментно функционира во Републиката, во проекциите на новиот Устав битно не ги

менува односите, посебно меѓунационалните односи, за кои сме сите заинтересирани да се надминат и да оградат. Тоа е императивна задача на секој субјект. Овој модел евидентно се манифестира во двопринципниот пристап, т.е. комбинацијата на националниот со граѓанскиот елемент во Уставот, што е битно односно што битно ги антагонизира националните односи и се губи суштината рамноправност. Што се случува сега? Македонија има шанса самозаедничии да живееме. Уставот е за народот, за граѓаните, иако се маргинализира еден колективитет, дел на граѓаните, тогаш нема зошто да гласаме или да го одржуваме Уставот. Во секој случај колку е ова точно го потврдува неконсеквентноста на преамбулата кадеа Македонија се дефинира како национална држава на македонскиот народ, а не и држава на албанците, турците, ромите итн., кој кредибилитет го имавме со претходниот устав. Ова, иако за некои незначајно прашање имплицира морална, политичка и правна конценквенца. Во барањата што ги истакнавме и инсистиравме да се вградат во Уставот тргнавме не во максимални зборот "Максикални " го употребувам во филозофска смисла и политичка како автократски модел, туку од она што е реално., што е битно и што е оптимално. А што се случува? Неоставаруваме ни минимални барања. Од тој аспект употребувањето на Уставот е проблематична. Впрочем ако Уставот го опсервираме од два аспекта и тоа од нормативно структурален и второ динамично процесуален, констатирам дека првиот аспект задоволува оти ги регулира формалните рамки на дејствувањето и употребливоста на Уставот. Вториот аспект се однесува на реалната практика те. содржината и процесите на донесувањето на конкретните одлуки. Колку одредени решенија се прифатливи,. употребливи во конкретни, историски моменти. Не сакам понатаму да го продолжувам излагањето, но и без тоа, морам да го уважам неспорниот факт дека

заштитата на националните права во донесувањето на новиот Устав треба да се соочи со појавата на силно изразената македонска техноградост. Но без оглед на тоа што не го делиме ваквиот вид политички менталитет, ние не можеме да избегаме од барањето патишта за надминување на поларизацијата, на присутните односи кои се секој ден реалност и обезбедување на она што се може и што се мора во Уставот.

Бидејќи сме исправени пред историскиот момент и од на времето,да прибереме сили, одредени оправдани барања, кои се однесуваат под рамноправноста, барања од пратеничката група да се вградат во Уставот, сметам дека време е, тука сме сите заедно и да ги разгледаме да ги операционализираме и да ги вградиме, кои би го обезбедувале онаа стабилност, оние односи што сакаме навистина да ги вградиме и да ги имаме како граѓани, сожители на оваа Република. А дека"тоа не е така укажуваат сите поднесени амандмани од пратеничката група и поединци се одбиени од уставната и од другите комисии.

Разгледувањето на овие моменти и нивното прифаќање до оној степен кој е овозможен, кој е реален и објективен, сметам дека ќе биде многу побезболно да се усвои Уставот и да имаме документ кој ек гарантира сожителство и рамноправно живеење во оваа заедничка татковина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се зави пратеникот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Дами и господо, јас намерно нема да кажам дека е ова историски момент, затоа што толку имаме историски моменти и толку ќе имаме, но е неспорно дека ова е еден од најзначајните моменти во Историјата на

нашиот народ. Овој Парламент до сега водеше, веројатно и понатаму ќе продолжи да води една висока дипломатија. Ние со една таква дипломатија Македонската држава веќе ја афирмиравме во Светот. Со една таква дипломатија ние постигнавме консензус кој многу прашања досега, почнувајќи од платформата, декларацијата, донесувањето на Одлуката за Уставот и денес истото тоа треба да го направиме со усвојување на Уставот. Таа дипломатија висока се се реализира и со самото тоа што ние обезбедивме во македонската држава мир, демократија, слободи, права, за разлика таму каде што / не беше присутна. На тој начин ние спасивме многу градови од рушевини, го спасивме практично нашето огромно материјално богатство, спасивме многу животи. За жал некои живото и ги изгубивме, некои мајки се во црно завиени, но тие ќе беа во огромни размери ако ние не водевме овде во Парламентот една политика на една таква дипломатија. Ние во постигнувањето на целите и задачите уште од првиот момент немавме разлики. Целите и задачите на сите пратеници тука во Парламентот, на сите партии беа едни, кои денес еве на еден начин ги формираме и во овој Устав. Ние имавме различити приоди во остварувањето на тие цели и задачи. Некои партии беа за побрзо разрешување и достигнување на тие цели. Други партии беа во една помирна по демократска, по правна процедура, меѓутоа, во цела таа работа никогаш задачите и целите не ни се разликуваа. Имаше и различни размислувања како и денес овде. Имаше и различни предлози и тоа е дел од демократијата и тоа го чини колоритот на нашиот парламент. Меѓутоа, секогаш успевавме на крај да постигнеме договор да се договориме и стие тие наши цели и задачи да бидат во интерес на целиот народ кој што живее во оваа држава Македонија.

Ако ние и денес успееме да ги смириме своите емоции и страсти, ако и денес успееме логиката да биде таа која ќе добие право на граѓанство рационалното да биде повисоко од ирационалното, ние уште еден значаен чекор ќе направиме напред. Тука ние сме застапени повеќе партии, тука се застапени и повеќе народи. Во тој поглед има и различни интереси, но ние со овој Устав мислам дека успеавме да направиме еден голем чекор напред, отколку што го имавме. Нормално е дека не можеме да донесеме устав кој ќе ги задоволи само потребите и желбите на една партија. Живот е многу сложена работа. Тој може ј да се обезбеди и понатаму да постои и да стои низ компромис, низ договори итн. Овој Устав не може да се смата дека еднаш донесен за секогаш тој не е за цементиран, па и најновите предлози во Уставот зборуваат за тоа дека може и на полесен начин и побрзо итн., ако животот одредени работи ги демантира тие работи да можат да се -внесат во еден нов устав ако тоа цивилизаторство друштво бара одредени промени во било која насока, да може тоа да се прави. Ако ние така пристапиме кон проблемите и ако така размислуваме логички, здраво итн., ние денес ќе можеме да постигнеме еден договор, да постигнеме консензус да го донесеме овој Устав. Ако ние поединечно настојуваме нашите барања услучиво да влезат, неводејќи сметка и за другите потреби и барања, тогаш ние ќе одиме во маргините и тогаш можеме да зборуваме за едни повложени состојби и за едни состојби кои нема да користат на ниеден народ во оваа македонска држава.

Овој Устав обезбедува сите оние цивилизаторски достигнувања коиве веќе постојат во земјите во кој владее деморатија, владее правото, кој што денес на нас во тој поглед во однос на правата и слободата на граѓанинот, на човекот ни одржуваат лекции и кои еве и во овој наш устав гледате

страховит чекор напред. Веројатно, ние ако и понатаму продолжиме да размислуваме и понатаму да работиме на тој Устав. секогаш можат да се најдат подобри решенија, но тоа не значи дека со донесувањето на овој устав во тој поглед ќе треба да престанат едни такви размислувања. Ние ако сакаме , а за тоа се договоривме и овде сите сакаме да направиме една суверена независна држава во која ќе владее демократијата и правото, таква една држава мора да има и еден акт кој ги регулира тие односи во неа. Отсуството на еден таков акт, таа држава не ја прави демократска и држава во која ќе владее едно такво право. Ние овој Устав треба што побргу да го донесеме, затоа што треба да се зафатиме со едни крупни проблеми кои стојат пред нас. Нашиот народ живее многу тешко. Социјалните проблеми се огромни, стопанството е доведено во еден колапс, огромен број на луѓе се без работа, младите немаат перспектива, завршуваат факултети, школи, никој не се вработува, не се градат нови фабрики, тие што сме ги изградиле полека пропаѓаат, се уништуваат,т.н. Многу се зафативме со политикава. Тоа не значи дека ние сме тука погрешиле. Та а ни беше и наметната, таа е и нужна, меѓутоа што побргу ние ќе успеевме овие проблем и да ги разрешиме и што побргу влеземе во областите кои се од животен интерес на народот, толку поуспешно ќе му служиме на тој народ и толку довербата на тој народ спрема нас ќе биде. зголемена. Јас како пратеник имав многу амандмани, имав многу предлози, имав предлози по фундаментални прашања нешто е прифатено, голем дел не се прифатени, тоа не значи денес да имам друг став спрема овој Устав, друг однос итн. Како колеги, како пратеници, како одговорни луѓе јас ве повикувам ние на еден начин кој е достоинствен, кој е прифатлив, кој е логичен да го усвоиме овој Устав, затоа што тој помина низ една многу

широка процедура, огромен број амандмани, секој амандман имаше соодветен третман, многу чекори се направија напред и денес не ни сотанува ништо друго, туку да покажеме една зрелост и да го направиме тој, на крај да кажам, многу значаен и историски чин во интерес на сите нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Шабан Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, почитувани гости, денес навистина пред нас е Предлогот на уставот на Република Македонија, откако по него заврши широката и конструктивна јавна дискусија, и Комисијата за уставни прашања и сите други комисии на Собранието дадоа сериозен придонес за неговата конечна содржина.

Според моето мислење, донесувањето на овој највисок државноправен акт на Републиката во услови на плурализам и кога Југославија се трансформира во посебна асоцијација, односно Македонија станува суверена и самостојна држава, претставува и своевиден договор за идниот заеднички живот и за идните односи на овие простори. Затоа, денес имаме и последна шанса тој договор да го поставиме врз што е можно поздрави темели.

Предложениот Текст на Уставот, без сомневање, во голема мера претставува основа за тоа, особено ако се има предвид гарантирањето на граѓанските права. Имам впечаток дека ако Уставот во целина беше граѓански, ќе беше подобро. Меѓутоа, бидејќи во неговото конципирање се отишло во компромис во него да се истакнуваат и регулираат и чисто национални прашања, Уставот како да е недоречен во некои домени.

Имено, уште во самата преамбула, првиот дел, се отстапува од принципот на доследност кога се работи за тоа како била конституирана Македонија, па произлегува дека таа била само национална држава на македонскиот народ, а знаеме дека Албанците и припадниците на некои други народности и етнички групи биле конститутивен елемент од Крушевската република па се до АСНОМ и Уставот од 1963 година, а според Уставот од 1974 година Македонија беше национална држава на македонскиот народ и држава на албанската и турската народност и на етничките групи што живеат во неа.

Понатаму, отстапува доследноста и кога се работи за националната рамноправност, што е утврдена како цел во вториот дел на преамбулата.

Во јавната дискусија по Уставот произлезе дека токму поради тоа членовите 7 и 48 на овој документ како да се предвидени повеќе за ограничување отколку за некоја вистинска рамноправност во службената употреба на јазиците и писмата, односно во образованието и во другите домени на националните права на националностите. За жал, укажувањата и поднесените амандмани за подобрување на решенијата во овие и во некои други делови на Уставот само делумно се прифатени или се отфрлија. За подобрување на текстот на Уставот во тие делови не се успеа и на вчерашната седница на Комисијата за уставни прашања, па поради тоа денес се излегува со, условно да речам, половични решенија. Објективно гледано со Предлогот на Уставот во однос иа она што беше на планот на правата на националностите, поголемата ерозија што уследи после фамозната 1981 година се направи чекор напред но тој не само што е мал, туку е доста условен со законски решенија.

Затоа, предлагам да се усвојат амандманите на Парламентарната група на ПДП и НДП што се однесуваат на преамбулата, членовите 7, 44, 48, 69 и 115. Со усвојувањето на овие амандмани всушност ќе се продолжи традицијата на Крушевската Република и со право, бидејќи токму денес и утре кога треба да се прогласи Уставот на Републиката се повторува историскиот Илинден од 1^03 година. Како делови на два разделени и напатени народи во еден заеднички простор да не ја пропуштиме можноста за договор за вистинско и искрено сожителство.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, вековните идеали на македонскиот народ, изразени низ национално ослободителните борби, почнувајќи од Разлошкото, Кресненското и Илинденското востание и Народноослободителната борба, а посебно од државно- правните традиции на Крушевската Република, историските одлуки на АСНОН, Декларацијата

за независност донесена од овој Парламент, референдумот од 8 септември оваа година, денес се реализира со донесувањето на првиот граѓански Устав на Република Македонија, кој ќе овозможи Македонија уставотворно да стане суверена самостојна демократска и социјална држава. Низ широката јавна расправа, консултација со највисоките научни институции, собраниските тела, се дојде до Предлогот на уставот за кој денес расправаме и од нашата трезвеност, совесност, длабоката национална свест, историската одговорност на секој од нас пред народот зависи што ќе изгласаме и дали ќе правиме држава за сите граѓани или ќе направиме полигон за меѓусебни пресметки.

Уставот ни отвора врата кон Европа со основните одредби за правата и слободата на човекот и граѓанинот, економско социјалните , еколошките и културните права и нивната гаранција, основите на економските и меѓунационалните односи, организацијата на државната и судската власт, локалната самоуправа, меѓународните односи, одбраната. Новата уставна определба на Републиката треба да биде темел на постојаното зацврстување на сожителство на сите граѓани во Републиката, без оглед на национална, верска, политичка и културна припадност и инспирација за нивно заедничко залагање за општиот општествен просперитет м за се подобрата заедничка иднина.

Носејќи ја големата одговорност пред народот во овој историски миг, во овие немирни времиња, кога околу нас се води братоубиствена војна, кога војната ни се заканува и на нас, треба повеќе од било кога до сега да надвладее разумот, свесни за тоа дека градиме држава македонска и должни сме да обезбедиме мир на народот. Затоа треба да го усвоиме Предлог на Уставот на Република Македонија,кој со сите свои карактеристики е европски и во согласност со сите декларации и повелби донесени од европските народи во последните години.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, очекувањето на македонскиот народ и на сите граѓани во Македонија е свртено кон овој историски чин, односно донесување на највисокиот државно- правен акт во нашата Република. македонското општество и држава имаат историска шанса во лицето на овие народни претставници, избрани на првите повеќепартиски избори во Републиката да ги удрат темелите на државата и да отворат нова перспектива на иднината на Македонија. За само една година од одржувањето на првите повеќепартиски избори Македонија го изоди скоро најтрнливиот дел од патот на совладувањето на демократијата, покажувајќи дека располага и со потенцијал и со смисла и со желба да стане дел на новата Европска и светска историја и конституција.

Со донесувањето на овој Устав Македонија постигнува неколку цели.

Прво, уставно правно и политички се дефинира конечно позицијата на Македонија во однос на досегашната Југословенска заедница како самостојна и суверена Република спремна во согласност пред се со сопствените интереси, политички, економски, културни и други, да гради нови односи со сите поблиски и подалечни државно- политички субјекти. Со тоа отпаѓаат сите можни забелешки од типот дека Македонија нема став за Југословенската државно- политичка криза, дека главно решенијата се очекуваат од надвор без наше активно учество или дека пак актуелното политичко раководство води погрешна политика и на штета на македонските интереси.

Второ, заокружувањето на самостојната уставна позиција и посебен државен субјект, Република Македонија јасно ја искажува својата намера во однос на меѓународниот фактор и барање за нејзино прифаќање како рамноправен член на постојната меѓународна заедница.

Впрочем, конструктивниот приод на македонските претставници во мирното разрешување на југословенската криза во меѓународните институции и во билатералните средби наидува скоро насекаде на одобрување и прифаќање, освен кај некои домашни партиски кругови со отворени сомневања и критики во искреноста и правилноста на нашата политика.

Трето, со овој Устав Македонија во однос на сите други републики оди најдалеку во правната изградба на новите општествено политички, економски меѓунационални и човечки односи. Мораме да признаеме дека со ова се прават такви крупни промени што можеби незабележало ниту едно општество за толку кус период. Се гарантираат сите видови на сопственост, поделба на власта, правна држава, независно судство, нов тип на локална самоуправа, заштита на човечките права и квалитетно подигнување на меѓунационалните односи.

Во спротивно, недонесувањето на овој Устав значи задржување на старите општествени односи, за кои сите политички партии во своите програми искажаа неподелена оценка на осуда и спремност тие да се менуваат. Значи ли тоа дека парламентарните партии предвремено се опијанија од власта и ги зафати стерилниот конформизам па не се склони на никакви промени.

Четврто, овој Устав е обид да се фокусира граѓанинот како точка во која на мирен начин се разрешуваат спротивставените гледишта, националните исклучивости и конфронтации. Имено, создадена е основа за консензус по скоро сите прашања. Сигурно дека некои решенија во Уставот може да бидат уште поправедни, поцелосни или поприфатливи, но е прашање дали со еднострани решенија или нивна поинаква формулација би успеале да дојдеме и до овој резултат што го имаме денес. Создадена е демократска основа да се разрешуваат по мирен пат најголемите меѓунационални односи. Така на пример, инсистирањето од една страна македонската држава да биде конституирано по урнекот на Хрватска,

морам да спомнам, не ни ветува никаква среќа, туку животот се пополнува со конфронтации, натамошни делби и рушење на мирот во Македонија. Исто така, и за другата страна голема е заблудата ако среќата на својата националност се бара за некаков специјален статус во оваа Република, па било тој да се гарантира или да биде под патронат на некоја голема светска сила.

Според тоа, на крајот би сакал да кажам дека судбината на секој народ во конечна смисла не се решава со еден правен акт, туку дали луѓето што живеат во едно општество, во една држава се спремни да градат односи на добра волја и заеднички живот. Среќата не е географски поим, ниту ја има повеќе Исток, ниту на Запад, ниту на Север ниту на Југ. Среќата се наоѓа во нас, во нашите луѓе, во нашите граѓани, во нашата Македонија, а не надвор од неа.

**ФАИК АБДИ**

Почитуван господин претседателе, почитувани дами и господа, не можам да речам дека денес и утре не е свечен ден. Мислам дека денес и утре, овие два дена се најголемите денови од сите денови во овој период што го изминавме, заради тоа што ние веќе разговараме за едни многу нови односи, создавање нови односи, слободни односи, демократски односи, плурализам, ние разговараме за дефинирање на државата Македонија не со устав на дефиниција како што порано беше да речам во неа конститутивни елементи нациите, разговараме за уставна дефиниција на држава каде што главен збор има граѓанинот. Конститутивен елемент е граѓанинот и човекот.

Според тоа, мислам дека им должиме на сите генерации кои не се овде,кои отидоа, на оние генерации кои многу порано од нас бараа создавање на вакво демократско општество им должиме многу. Ете, ние ја имаме таа среќа денес да разговараме за еден ваков Устав и конечно утре да веруваме дека со акламација ќе го прифатиме.

Навистина, малку боде нешто во овој Устав. Ете, тргнавме од еден многу мал национален елемент во Уставот, преамбулата. Колку јас гледам, тоа е така. Вековниот стремеж и желба на Македонците и на другите, Албанците, Турците, Власите, Ромите итн., за создавање една заедничка заедница на слободни и рамноправни граѓани, тоа не е изразено така, изразено е малку поинаку. Да го оставиме тоа на времето. Можеби еден ден нема воопшто да постои да речам таа свест кај нас граѓаните, кај човекот за една ваква преамбула, па макар нека е таа во десет- дванаесет редови како што предложи експертската група и сите комисии, ние овде пратениците. Можеби нашите економски проблеми што сега не газат, гладта што се заканила на нашите граѓани ќе не натера еден ден, а тоа ќе биде многу блиску, да заборавиме на се друго и да мислиме на економијата, да создадеме реални услови за да може нашите вработени, се разбира со мир во Југославија на овие балкански простори да се вратат назад на работа, да работат во четири смени, во три, во две, како што беа организирани, па и повеќе, да го заработат своето парче леб и да почнеме да се развиваме многу побрзо отколку до сега. Ако тоа биде така, и ако во Европа одиме со овие мисли, тогаш Европа е наша, тогаш сигурно нашиот живот и нашиот човек ќе биде многу поудобен, поблагодарен на ова собрание, на овој Парламент овде. Да не се расправаме многу.

Кога веќе сум тука, да кажам неколку зборови во име на мојата партија и во име на дваесетина граѓани кои не се Роми, а припаѓаат на првпат овде спомната една национална група, Власи, бидејќи тие немаат претставник во овој Парламент. Власите изразуваат голема благодарност кон овој Парламент, до експертската група и Комисијата за уставни прашања, и сите комисии кои ги разгледуваа материјалите заради тоа што се спомнати во преамбулата на било кој начин. Дали во оној прв дел кој што е многу важен, или оној втор дел како граѓани, сожители итн. меѓутоа, ете се спомнати.

Партијата за целосна еманципација на Ромите на Македонија на 3 ноември имаше пленум, ги разгледа сите материјали и даде целосна поддршка на политиката на ова Собрание, на Владата и на господинот Киро Глигоров, господинот Тупурковски од аспект на надворешната политика што се води како држава, како Македонија, од аспект на Уставот, кажа доста работи кои што се содржани внатре..Драги колеги пратеници, морам да изразам едно големо задоволство до сите вас, до овој македонски народ, оваа македонска држава, наша заедничка заедница дека првпат во еден државен документ стои името на оваа поранешна етничка група, сега народност или малцинство како го викаме Роми, прв пат низ сите времиња и меридијани една ваква народноста група има своја држава де-јуре и де-факто. Благодарам во име на Ромите на сите вас што се овде. Верувајте, Ромите од Македонија, никогаш своите интереси нема да ги стават врз интересите , на Република Македонија, ами своите интереси ќе ги најдев внатре во интересите на оваа Република Македонија, а тие интереси ќе бидат образованието и воспитувањето, културата, прогресот, напредокот, еманципацијата. Ние го избравме најдолгиот пат, но тој е единствен, нема друг пат. Верувам во чесноста на сите вас во оваа држава, наша заедничка заедница дека на мене ќе ми верувате дека тоа е така и никако поинаку.

Јас овде гледам еден дел од Уставот и грижата според Уставот на Република Македонија за нашите сонародници во странство, за иселениците. Понатаму за граѓаните на Македонија кои се надвор од Македонија на времена работа во странство. Па тука е значи грижата за сите граѓани. Тоа е големо нешто. Ние мора како граѓани да бидеме свесни дека тоа е општа грижа за сите граѓани без разлика дали е Македонец, Апбанец, Турчин, Ром, Влав, итн. Да не ви одземам многу време, мислам дека во овој историски миг ние мора да бидеме со огромна совест за нашите желби. Ако едно време бевме критикувани во уставните документи

дали ќе го внесеме класното или националното и се пазевме да не дојде до национална и класна диференцијација, сега разговараме за националното, многу малку повеќе за граѓанското. Сепак, внатре да има елементи од класното. Мораме да се задоволиме во овој момент со вакво нешто. Ако Европа го бара ова од нас, ако со овие постапки на Уставот влегуваме во Европа и ако нашите луѓе во дијаспората и нашите работници и нашите браќа и сестри кои се надвор од Југославија, на работа во други земји со ова задоволни, мислам дека нема потреба ние да употребам еден народен термин да р'чкаме во нешто. Ги повикувам сите колеги пратеници, народни пратеници онака како колегата од ВМРО Анастасов зборуваше и ние му се смеевме, меѓутоа, морам да кажам дека во неговите зборови беа содржани многу чисти мисли искажани на оваа говорница..

**ФАИК АБДИ** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ако и тоа го кажеме на оваа говорница заради одговорноста во овој момент затоа што доста се расправавме за тие прашања да го овековечиме овој устав и да дозволиме да ги реализираме нашите права, обврски итн., граѓански и сите други, врз основа на овој Устав и се што ќе произлезе од овој устав, а не врз основа на некои други 'рчкања. И така да се ослободиме од некои мисли кои што погрешно би биле набедени некаде, односно некого. Донесуваме огромни одговорности пред генерациите што се пред нас овде и пред генерации што ни доаѓаат. Ние го создаваме ова граѓанско општество и заради тоа е нашата одговорност голема. Мислам дека сме многу свесни и мислам дека ова утре ќе биде со акламации прифатена. Ве повикувам само така да го усвоиме овој Устав, да бидеме доследни на него и веднаш потоа да се свртиме на многу тешката економска состојба на гладта што е приступна веќе и во нашата Република за да можеме да се прекинеме во оваа тешка зима и да се затоплат нашите коски, деца итн. Сигурно ќе имаме еден подобар живот во она наша утрешнина Сигурно и она што го започнавме на 8 септември и како Декларација и како Референдум и овој устав што го носиме сега, се надевам дека ќе го усвоиме, јас без резервно зборувам, веројатно, ќе даде поттик на многу други држави во Југославија да се однесуваат вака, бидејќи ако така не се однесуваат и Србите и Хрватите и ние ќе го почувствуваме онаа лошото. Најверојатно Европа и светот ќе ги прекинат сите врски со нас, а тогаш ќе завладее нешто многу полошо,а тогаш ќе речеме ајде да се дружиме, затоа што многу сме гладни и многу сме необлечени итн.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Ќе се ..обидам на кратко да ја изнесам мојата лична оценка во врска со значењето од

донесувањето на овој Устав. Потребата од донесување на нов Устав е врзана со неопходноста за конечно заокружување на Македонската државност. Таа е обврска на овој Парламент.

Прво, ние сме должни да ги донесеме сите потребни акти со кои ќе ја материјализираме суверeноста на Република Македонија.

Второ, тоа е должност која произлегува од референдумот на кој граѓаните од Македонија се определија за Македонија како суверена и самостојна држава која може конечно да се конституира со уставот на ваквата држава, заради тоа и се вика конституција. /

Трето, потребата да го донесеме новиот Устав на Република Македонија е наложена од настаните во Југославија и Европа во врска со меѓународното признаваше на Републиката. Тешко ќе може да се добие меѓународен правен легитимитет, ако немаме демократски донесен устав и ако немаме корпа на граѓански права.

Во југословенски рамки Македонија треба што побрзо да се појави како суверен и полновластен субјект кој што со полн капацитет како правен наследник ќе влезе во односите во односите на правната субстенција. Уставот на Македонија ќе им даде конечно полн легитимитет и на онака легитимните промени на Република Македонија зацртани со Декларацијата за независност, и со референдумот кој манифестираше политички суверенитет, а со Уставот ќе се манифестира покрај политички и правен суверенитет.

Во таа светлина поинакво значеше ќе добијат и евентуалните посегнувања по Македонија со актите присутни кои треба да ги донесеме, а со кои не само што ќе ја потврдиме државата, туку ќе создадеме перспектива да се престроиме како слободно граѓанско општество, како пазарно стопанство со слободно претприемништво врз која база ќе треба да се уреди социјалниот и политичкиот систем. Сигурен сум дека не ќе

можеме ниту милиметар да мрднеме од овој социјален систем ако не создадеме уставни основи за нов систем, што значи покрај политичките присилни, потребата за нов Устав е економска, социјална и системска.

Бидејќи се слушаат различни гласови, дека не бил неопходен уставот, за признавање на Македонија, дека тој не бил значаен ниту за огладувањето на целосен суверенитет на Републиката, ниту за нужните промени во економскиот систем и дека било подобро да се донесат конкретни закони и акти од обласа на раздружувањето и разграничувањето од други области, ќе речам само едно. Тој пат / мислам дека во моментот е неполезен и би довел до потешки последици. Бидејќи за сите такви акти ќе биде приговорено дека не се легални за уставот, бидејќи не можат да решаваат одделни прашања и односи без основа на системот што ги содржи Уставот, едноставно тоа би биле еднострани исфорсирани акти кој повеќе ќе ни ги подгреваат страстите и ќе не водат кон анархија и немир. Ако се поставиме така, тогаш сигурно ќе им помогнеме на оние кои сакаат да не отстранат од легалните општества. Ќе им помогнеме на оние кои сакаат да ги оправдаат своите агресивни намери, а од друга страна ќе им одможиме на оние кои би сакале да ни подадат рака  и поткрепа на патот за самостојноста и изградувањето на демократско општество. Без устав овој народ нареден период би означувало втурнување на Македонија во длабока политичка и економска социјална криза, во анархичност со политички сукоби и неизвесност за нејзината легитимација пред официјална Европа и пред соседите. И јас правам политичка дистанца во однос на одредени членови што се препишани во Уставот. Меѓутоа, сметам дека залагањето на Комисијата беше да обезбеди висок стандард на права што секако претставува и голем товар на Републиката.

Второто прашање е прашање што сакам да го истакнам во врска со прашањето на граѓанскиот карактер на Уставот и на системот што го утврдуваме. Сметам дека тоа решение во Предлог- уставот, единствена вистинска перспектива преку која можеме да излеземе од недемократските колективистички системи. Граѓанскиот модел што ни се нуди е еден вид виза за интеграција на Македонија во Европа. Со такви решенија како што се нудат ќе се ослободиме од колективни монополи на власта. Тие секогаш носеле узурпација и стекнување на незаслужени привилегии. Тие секогаш создавале колективни непријатели, подобни и неподобни, а ги потиснувале човековите права и граѓанските слободи. Затоа денеска треба да ја избегнеме стапицата и да не дозволиме на еден таканаречен класен еднопартиски идеологизиран и репресивен систем да влеземе во водите не исклучивиот национален систем, кој со едната нога секогаш се потпира на национализмот. Начинот како носител на суверенитетот не може да се држи без непријателот на нацијата. Националниот политички модел создава хиерархија и ги потиснува нивните оправдани интереси и права. Создава конфликти и се одржува на нив. Во таков систем и општество не може да се ослободи привилегии и неправди , масовна психоза на загрозеност и недоверба.

Ако сакаме да веруваме дека сакаме да создадеме отворено и слободно општество во кое ќе се претпочитува способноста, еднакво без дискриминација, ќе се гарантираат слободите и правата, тогаш немаме друго освен граѓанскиот систем. Тој тргнува од човекот и граѓанинот и институциите што постојат, пред се заради гаранцијата на тие права. Редно е системот да му служи на човекот и граѓанинот, а редно е Македонија да се вброи во демократските и граѓански општества. Дека предлог Уставот претставува добра основа за изградба на демократско и модерно општество со широки слободи и права и со владеење на законот може да

се заклучи на крајот на краиштата од пофалните оцнеки за уставот што дојдоа од странските многу високи експерти што неодамна беа и наши гости.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Тандеруа депутет,

Господине претседателе, почитувано пратеници, кога позицијата на припадниците на мојот народ би била добра и задоволителна и јас денеска би бил многу слаткоречив. Меѓутоа гледајќи ја и позицијата во самиот устав и понатаму по се изгледа не можам да бидам многу слаткоречив. Можам да бидам ако низ јажето на акробаторите не би се движел разумот низ нашата совест.

Зборуваме дека имаме историски шанси, го повторуваме тоа. Меѓутоа, најблиску до историската шанса е и историската грешка. Шанса или грешка тоа зависи од нас. Донесуваме устав највисок правен акт. Ако копнежот за самостојна и суверена држава која треба да покрени и меѓународно признавање, не се заснива врз сувереноста на сите националности што живеат во неа, крајниот епилог за мене е непредвидлив. За жал така почнува и текстот на уставот на преамбулата.

Совршено ми е јасно дека Македонскиот народ, можеби со ретки исклучоци^се борел и се бори за национална и социјална слобода, но во исто време, токму на овие простори и албанскиот народ се борел за национална и социјална слобода. Иако велиме дека нормативниот дел на уставот е граѓански, националните чувства никогаш не згаснуваат. Затоа треба да вградиме такви механизми и понатаму да заживее како таков. Денеска како што пишува во преамбулата, Македонскиот народ се повикува во самиот себе како единствен наследник на Македонија. Како некој да оставил тестамент само за македонскиот народ. Албанците веќе како да претставуваат непожелен конститутивен елемент во тој историски контекст, само затоа што инсистираат да бидат рамноправен субјект во државноста.

Дали тоа значи преќутно, фала богу некои партии на тоа гласно укажуваа дека сега е најпогодното време со наш имиџ да владееме над другите националности. Точно има една игра се вели чик- погоди. Слушајте почитувани пратеници. Не сме толку наивни. Тука живееме со векови а уште сакаме да се препознаваме. Во преамбулата ни се наметнува екстракт од историја пречистена од другите националности,а историското постоење на албанскиот народ во Македонија просто се декандира. Ако државата се вика Република Македонија, мора ли тоа да значи и во модерното денешно комуницирање приматот елемент во државата да го има само македонскиот народ, а на другите да им наметне уставен ног- даун за да им брои права до десет. А тие другите се скоро другата половина наградени во Македонија. И со еден ваков национален сооднос се, стремиме за стабилна и демократска Македонија. Можеби за некој е горка сатисфакција во мојата среќа другите да се унесреќат или во мојата голема среќа, другиот да биде малку среќен. Тоа може да биде и тежок товар за Македонија. Посебно во овие тешки времиња кога се рекапитулира државноста во европски, политички констатации на Македонија. Господа, прошетајте ја малку Македонија ќе видите кој се живее во Македонија. Нашата учтивост и како парламентарна група и нашиот културен дијалог, не како што претходниот се јави, не смее да се злоупотреби. Нашите амандмани и нашите досегашни дискусии се во рамките на националната рамноправност, ништо повеќе. Со тоа и со тие амандмани не узурпираме права на другите. Нашата позиција во Уставот ако биде како и на сите, тогаш бидете сигурни дека ќе бидеме лојални граѓани на Македонија. И нема да бидеме во аутсајдерство кога се донесуваат вакви важни акти. Ако Уставот е граѓански, не смее да има категоризација народ, националности, малцинства и т.н. како што е тоа во

членот 48. Кога се зборува за јазиците зошто сеуште кога расправаме за јазиците расправаме со предрасуди. Зарем не е богатство за едно општество да се рече и здраво живо и тунгатјета и мирдита и како си итн. Кога расправаме за членот за консензус итн. зарем ако се постигне политички консензус меѓу парламентарните групи се згрозуваат правата на другите. Токму кога се зборува за виталните прашања, национални прашања, зошто да нема консензус. Кој кого загрозува тука. Тоа ние напротив треба да го негуваме сите заедно.

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господо. Неодамна пред ова Собрание и пред овој состав по повод давањето на согласност на иницијативата за измена и дополнување на уставот на Македонија сите ние, изразивме најубави зборови дека за прв пат во својата историја, сите народи во Македонија демократски и слободно ќе расправаме, а потоа заеднички ќе го усвоиме и свечено ќе го прогласиме. Меѓутоа, за жал за несреќа на некој од нив не се случи така како што низ целата историја живеевме заедно, заедно го делевме и лошото и доброто, меѓутоа кога требало да му се радуваат на победата, не му се радувале подеднакво сите.

**НАИМ СЕЛМАНИ:** (Продолжение)

А некои од нив продолжиле и натаму да живеат во надеж дека ќе дојдат подобри денови. Мораме да признаеме дека во поранешните времиња во својата концепција за заедничкиот и рамноправен живот на Македонците, Албанците и другите биле поблиску него денес, па дури и во времињата кога ги осудувавме како времиња на лоши меѓунационални односи. Тоа што е основно за целата постапка е тоа што дека Албанците со своето целосно битие покажаа дека се за заеднички живот. Дека Албанците не сносат никаква одговорност за било што ќе настане од овој неуспешен договор. Имено, прифаќаме Македонија да биде национална држава на Македонците, а покрај тоа и држава на албанскиот народ и другите. Ова не беше прифатено ни во јавната расправа ни во работата на комисиите на Собранието па ни од овој парламент како што се одвиваат работите.

Во преамбулата на Уставот се набројуваат толку националности, етнички групи имунитети меѓу нив и Албанците, се со цел да се намалува историскиот допринос на Албанците за Македонија. Мора да признаеме, ако веќе набројуваме толку колективитети и сме толку широкогради према сите, тогаш мораме да ги наброиме и Србите и Бугарите кои што според моето длабоко убедување ги има далеку повеќе од овие што ги набројуваме во преамбулата. За прв пат во својата понова историја Албанците не се носители на сувереноста на државноста на овој Устав па и на државата. За прв пат еден највисок правен и политички акт како што е Уставот, Албанците се набројуваат како граѓани од втор ред, па во некои општини како трети и сл. За прв пат званично му се забранува употребата на

националните симболи, јазикот, историјата и слично. Му се забранува образованието и културата, му се ограничува дневното информирање, радиото и телевизијата, 30 односно 15 минути дневно. Се гази низ доприносот кој што Албанците го дадоа во Илинденското востание и покасно, а да не разговарам за Питу Гули кој што мислам својот допринос го дал за правата на Албанците Во Македонија, не за Албанците во Албанија. Во јавната расправа и во работата на Собранието секој предлог кој што се предлагаше од Албанците со цел да се надминат некои од состојбите со акламација се утврдуваше па мака и тој / предлог беше во интерес на самите Македонци. Не се покажа никаква спремност за разбираше и коегзистенција према Албанците. Се разговараше како да сме дојдени од друга планета, меѓутоа, тоа е така.

Албанците немаат потреба да тагуваат за минатото и сегашноста. Тие се присилени да за својата судбина и иднина самостојно решаваат и тоа сами. Албанците не можат и не смеат да прифатат правен и политички статус него тој што го имале до минимум 1974 година. Како можеме да го прифатиме член 2 на Уставот каде што се повикува дека е граѓански устав, а преамбулата е сосема нешто друго, а да не зборуваме за член 7 во кој што дел од Албанците се ставени дел од втор ред, а дел од трет ред. Член 44 и член 45 му се забранува образованието на свој мајчин јазик. Член 48 му се забранува историјата, културата и културните институции, односно се што е национално. Посебно за истакнување е забраната на националните симболи кои што низ целата своја историја ги имале и ги истакнувале. Наместо да се оди прогресивно овде се враќаме назад некаде од триесеттите години, меѓутоа тогаш бевме во иста позиција и Албанците и

Македонците, а сега кога чекавме да се радуваме заедно тоа не се случи. Така во животот некој се радува а некој пак се надева во иднината. Ние не сме во можност тоа да го спречиме, меѓутоа не ни е нас својствено проблемите да ги решаваме со недемократски средства.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

До пред малку, во првите клупи седеа надворешните членови на Комисијата за уставни прашања, се надевам дека ќе се вратат да им изразиме барем една скромна благодарност за се она што го направиме во еден исклучително краток рок откога им ја испоставивме задачата да го припрема текстот на Нацртот на Уставот на самостојната и суверена македонска Република, да им се заблагодариме за сето знаење, трудот, трпението и разбирањето за анализа и претрес на се она што беше понудено и во фазата на јавната расправа и во фазата на припермите на Нацртот и на Предлог на Уставот.

Почитувајќи го дигнитетот на денешната седница иако чувствувам потреба и да полемизирам и да реплицирам со некои ставови кои што беа искажани од оваа говорница ќе се задржам и ќе се вратам на она што сакав да го кажам самиот независно од тоа што сум испровоциран да зборувам и нешто поинаку врз база на ставовите кои што беа во неколку последни дискусии искажани овдека, заради тоа што во никој случај не можам да се помирам со полувистините кои што се изнесуваат од оваа говорница, кои што прават бура од ушите на нашиот обичен човек независно од »тоа дали Албанец, Македонец, Ром, Турчин итн. заради тоа што нашиот човек

сигурно не го прочитал Уставот и за Уставот знае само толку и само така како што ние, неговите претставници ќе му кажеме овде од оваа говорница. Ако му кажеме на некого дека со Уставот на Македонија е забрането да се вика мирдита да се вика нассн, дека се забранува образованието, културата итн. тогаш треба да знаеме и сите да бидеме свесни дека не е така едноставно пред целата јавност да се сеат ветришта зошто сите заедно тежнееме бура. Многу голема тежина има секој збор што ќе го искажеме на оваа говорница.

Првата македонска република Крушевската Република како што знаете стигна само до Манифестот со кој што беа прокламирани само основите за сожителство на сите граѓани што живееја во неа независно од национална припадност и верска припадност.

Втората македонска држава создадена во виорот на Втората светска војна по четиригодишната борба на македонскиот народ на страната на антифашистичката коалиција со одлуките на АСНОМ 1944 година скоро стигна да му поклони на својот народ за новата 1947 година еден речиси целосен граѓански устав кој што потоа за многу кратко време ги изгуби сите атрибути на граѓанските устави од тоа време.

Оваа, трета македонска република инаку прва самостојна и суверена национална држава дефинирана со волјата на македонскиот народ изразена на референдумот од 8 септември се конституира на правни основи кои што и овозможуваат барем за почеток со крената глава да влезе во заедницата на европските народи со кои што сакаме да живееме во мир, добрососедство и творечки однос како рамноправни учесници во натпреварите за подобро утро на секој наш граѓанин.

Ќе се повторам себеси од пред неколку седници кога реков првиот македонски повеќепартиски парламент досега ги положи успешно сите испити, се разбира ако се земат за објективни причините и условите кои што го детерминираат нашиот несоодветен однос према економските проблеми. Имено, новосоздадените состојби во поширокатa заедница во која што сеуште живееме и со која по утрешното се надевам сигурно прогласување на Уставот на Република Македонија ќе ги раскинеме сите уставни стеги кои ни носеа повеќе лошо или добро, а посебно процесите на демократизацијата и потребите на македонската држава практично на ова наше собрание му / ја наметнаа улогата на уставотворно собрание. Затоа, и ја ценев неговата успешност према решенијата што ги донесе во сферата на државната политика на Републиката на внатрешен и надворешен план на афирмацијата на таа политика, донесувањето на Декларацијата за суверенитет, донесувањето на Одлуката за распишувањето на референдумот итн.

Меѓутоа, денес се наоѓаме пред историски испит од кој што зависи заокружувањето на државно- правниот статус на Републиката, осамостојувањето на Македонија и нејзиното прво и трајно стекнување со меѓународен субјективитет. Донесувањето на Уставот на суверената и самостојна македонска држава не е единствениот предуслов за стекнуваше на меѓународниот субјективитет, меѓутоа е секако еден од основните. Со него ќе се верифицира новиот статус на македонската држава во меѓународни рамки во кои Македонија со овој закон над законите ќе се претстави како држава во која се гарантирани сите човекови права и слободи што ги познава современата демократска светска заедница почнувајќи од правото на живот, правото на слобода, правото на мислење,

совест и вероисповест, правото на слободно изразување, правото на мирни собири и здружувања односно партиски организирања, правото на почитување на приватниот и семејниот живот, па се до правата за склучување на брак и засновување на семејството и сите останати универзални права кои што се дефинирани и придобиени со инструментите на универзалната декларација за човековите права, Меѓународниот договор за граѓанските и политичките права, Меѓународниот договор за економските, социјалните и културните права на обединетите нации, завршните документи на ЌЕБС, Париската повелба и Конвенцијата на Европскиот совет за заштитата на човековите права. Со новиот Устав Македонија ќе се претстави како држава во која превладеа демократската атмосфера спротивно од она што во некои дискусии беше заговарано од овде и разбирањето за потребите од соживот со сите национални ентитети на македонските простори во кои тие можат да најдат гаранција за остварувањето на своите права.

Македонија ќе се претстави со новиот Устав како демократска, социјална и правна држава во која јасно се разграничени законодавната, судската и извршната власт. Дефинирани и обезбедени инструментите на парламентарната демократија, гарантиран плурализмот на сопственоста, пазарната економија и друго. Конечно Македонија го донесува врвниот документ во кои што ја потврдува својата демократичност и мирољубивост и спремност за рамноправно учество во светските интегративни процеси и јасна дистанца од ретроградните антиисториски и антицивилизациски процеси во Југославија.

Оттука, и произлегува огромната историска одговорност пред нас пратениците и политичките партии зошто нас не обврзуваат пред се интересите на нашите бирачи, на македонскиот народ кој што се содржани во заложбите за мир, демократија, зачувување на територијалниот интегритет на Македонија, заокружувањето на нејзиниот државноправен статус и меѓународното признавање. Со Уставот го уредуваме заедничкиот дом за соживот на сите граѓани на Македонија, притоа се наоѓаме пред најголемиот испит на зрелоста, дали сме дораснати и кадри сами да си го уредиме животот во заедничкиот дом или ќе покажеме дека сме неспособни за тоа, и ќе им дадеме можност на другите да ни ги решаваат домашните проблеми, или во краен случај да ни наметнат решение кои најмалце ќе ни одговараат на сите во Македонија. Никогаш не,сум верувал во тоа дека некој друг однадвор може подобро да ги почувствува нашите специфичности и потреби и да понуди решенија во кои ќе бидат тие санкционирани во целост. Затоа, да не очекуваме премногу добра однадвор, да не се доведуваме во состојба други да ни ги решаваат проблемите, судбината е во наши раце и треба да вложиме посебни напори и посебен труд да ја обезбедиме иднината на оваа македонска држава и иднината на сите поколенија, на сите граѓани кои што живеат во неа за навек.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Јас по професија не сум правник за да можам во детали да дадам свој правен коментар за овие уставно- правни прописи. Сметам дека човек не е потребно ни да биде тоа за да може да ја разбира суштината на формулацијата на преамбулата и на неколкуте негови членови во

нормативниот дел од Уставот.

Секоја почит на членовите на Уставната комисија која даде голем придонес за да се хармонизираат многуте прашања, меѓутоа недоволно за да може овој основен правен акт на Република Македонија да ги задоволува основните барања на Албанците, Турците, Ромите, Муслиманите и др. од јавната расправа. Ова што го реков ќе се обидам да го поткрепам со следните аргументи.

Категорички се институираше во преамбулата по секоја цена да се задржи формулацијата национална држава на македонскиот народ што ќе беше единствен пример во светот. Аргументацијата дека таквата формулација мора да постои бидејќи македонскиот народ друга држава нема е неодржлива. Како што е познато во светот во повеќето случаи нациите имаат по една држава. Истиот случај го имаме и во Босна и Херцеговина каде и Муслиманите од Босна немаат друга држава, меѓутоа сепак Босна и Херцеговина се дефинира како држава на сите граѓани и држава на муслиманскиот, српскиот и хрватскиот народ и обратно во Швајцарија каде има пример каде државотворните народи кои имаат други држави а во Швајцарија се државотворни народи.

Исто така, изразувам незадоволство што никаде во овој Нацрт на Уставот не се спомнуваат и Муслиманите во Македонија кои не се во мал број.

Второ, што се однесува до прашањето на носител на сувереноста, сметам дека формулацијата на членот 2 е непрецизна бидејќи дава можност за поинакво толкување на истиот затоа што поимот народ може да се поистоветува со поимот нација.

Трето, редок е случајот на повеќенационалните структури во светот кога во Уставот не е предвиден консензус така што на овој план наместо да се служиме со европска практика и стандарди овој Устав ги прифаќа средноамеричките и афричките стандарди. Се прашувам кои се тие механизми кои ги заштитуваат другите нации во оваа ^Република односно кои гарантираат дека нема да бидеме перманентно нагласувани.

Инаку, реално што се однесува до правата на човекот овој Устав има добри стандарди и со уште малку толеранција, демократичност можеше да се дојде до усогласување на малкубројните отворени прашања.

Намерата, да се одеше во овој правец на некои од господата го оспорија тоа, враќајќи не на почеток и така кај Албанците создадоа антиуставно расположение. И на крајот да кажам некои как намерно се потрудија да не се најде заеднички јазик да и овој Устав не се усогласува до таа мера за да не го прифаќаат албанците и така да ја дестабилизира Македонија. За такво нешто сметам дека Албанците не сносат никаква одговорност напротив тие максимално се потрудија да најдат заеднички јазик.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани, пратеници, дами и господа,

Нас особено не радува што многу говорници овде, денеска се определија и веќе го прифаќаат патот кој што го заговараше ВМРО и кој што денеска и се остварува. Сето она што ВМРО го кажа ние сме денеска сведоци и живееме со таа стварност

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОСКИ**: (продолжение)

Остануваат уште неколку работи, а за кои што верувам дека преку еден демократски дијалог ќе бидат остварени. Тоа е донесувањето на овој Устав на Република Македонија и меѓународното признание на Република Македонија.

Ние сметаме дека овие две работи кои што ќе бидат одредена завршница на остварувањето на македонската држава треба да ги донесеме заеднички во овој Парламент.

Овде се искажаа одредени незадоволства кои што имаат одредена прикриена форма на едно незадоволство од степенот, или од висината на одредени права кои што се дадени по предлогот на Уставот.

Во оваа прилика како член на Уставната комисија од ВМРОДПМНЕ сакам да кажам дека најсериозно пријдовме како политичка партија во работата на Уставната комисија и гледавме се она што ќе се напише и пишува во тој Устав биде односно да искажува одредена состојба што е присутна во Републиката односно ние го правиме Уставот според потребите на нашето живеење во Република Македонија.

Овде се искажаа одредени незадоволства за кои што јас сметам дека овде немаат место од проста причина што, ако се послужам само со дел од образложението, кое што е дадено во текстот на предлогот ќе се постави прашањето кој треба да биде задоволен, а кој не треба да биде задоволен. Во образложението се говори дека се напушта фактот, а она што беше определба на нашата партија за националниот карактер на државата и' се вика дека тоа е како историски факт треба да остане во колективната меморија. Што е тоа? Па ние, никогаш не сакаме во меморија да го оставиме дека Македонија е национална држава, или била. Ние сме да биде.

Сфаќате зошто викам во овој предлог на Устав некој треба да биде незадоволен. Да одиме понатаму. Вели не трпи колективистички носители на суверенитетот, ниту колективистички доминантни субјекти. Значи, нема национален карактер оваа Република Македонија. Тоа го предлага нашиот предлог на Устав, кој што треба денес да го усвоиме и како колективен носител на сувереноста се определува народот, во образложението овде како демос, а тоа значи граѓани. Според тоа, каде е ова незадоволство и кој треба да биде незадоволен од ваквото дефинирање на Република Македонија.

Сакам да подвлечам и да биде јасно. Правото на самоопределување е право на народот. Во Македонската држава тоа право е на македонскиот народ. Ние денеска си дозволивме заради Европа да градиме еден Устав кој што е на највисоко ниво на утврдување на права и слободи на граѓаните. Тоа е неспорно. Мене ме зачудува што некој од овде, од оваа говорница ќе стане и ќе рече дека немаме права, па се споредуваме со Африка, со Чад итн.

Едно е јасно, на сите и на сите оние што учествуваа во подготовката на овој Устав дека правата на националните малцинства, а јас ќе го употребувам терминот како што е во предлогот на Уставот, а кога ќе дојде расправата по преамбулата, и членовите по нормативниот. дел да се служиме со она за што сме се залагале. Правата на националностите во овој предлог се утврдени на највисоко рамниште, на ниво на Европа меѓу четирите дури светски земји, како што беше образложено и кажано на Комисијата за уставни прашања.

Се поставува прашањето дали ние ќе бидеме задоволни или не дека овој е национален или граѓански Устав. Во што е разликата? Ние залагајќи се за национален устав, но во ваква корпа на права на националностите ние сме отколку да е граѓански и слично. Ние самите си дозволивме да се доведеме во ситуација, не сите, во овој случај го издвојувам ВМРО дека ние

во оваа ситуација се доведовме да се прашува Европа, па вика кој живее на таа територија, кој народ и носи Устав со кој се негира себе си. Ние, навистина, во овој Устав ги нема Македонците. Говориме за бројни националности, а македонците каде се? Па, ние не се лутиме што вака ни се наметнува едно прашање да се реши во Уставот, туку едноставно се лутат другите, кои што не би требало. Кога велам се лутат други, поаѓам од тоа, ако внимателно се следи настапувањето на одредени пратеници од оваа говорница имаме една отворена, но така на културен начин прикриена закана. Ние со закани треба да расчистиме. Ние не сме овде да се конфронтираме со било кој. Ние сме овде да одлучиме и да ја споделиме судбината на Македонија онака како што личи на народи кои што живеат во Европа.

Поаѓајќи од тие позиции ние секогаш се залагаме и останува ме на становиштето дека треба по мирен демократски пат да се бориме институциите на системот за остварување на Македонија, бидејќи се залагаме и велиме дека е правна држава, неспорно е дека ние до крај ќе се бориме за она што како партија се залагавме да влезе во Уставот Ако бевме надгласани, па и сега бевме надгласани, па што? Едноставно сакам да речам ние ќе одиме и до последен момент ќе се залагаме за нашите заложби за националниот карактер на Македонската држава. Бидеме надгласани, здравје боже. Одиме понатаму. Не завршува векот со овој Устав. Ние ќе се бориме до крај за да се избориме за националниот карактер. Тоа е нашата основна легитимација. Ние денес, кога целата светска јавност и Европа е уперена пред нас, јасно е дека треба да дадеме и една порака до народот, не само во Македонија, туку и надвор, во дијаспората дека оваа е наша национална држава во која што како граѓани ги обезбедуваме сите права на сите националности што живеат во неа.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници

Во начело Предлог уставот е помалку национален, по малку унитарен, по малку граѓански, од се има по малку.

Уште во преамбулата, како интегрален дел на Уставот е гравирана националната боја каде Македонија се конституира како национална држава на македонскиот народ, а не и држава на албанците, турците, ромите и други. Во овие редови албанците се спомнуваат само како случајни сожители на македонскиот народ. Овде проектантите на Уставот како да забораваат на историската улога на албанскиот народ во Крушевската република, како и АСНОМ. Албанците не се случајни сожители на македонскиот народ, бидејќи тие живееле во овие краишта и пред Самоиловата држава и пред да се објави Манифестот на Крушевската Република, со што се докажува нивната автохтоност. Овде, исто така се заборава на нивниот број на националното и културното добро итн.

Господин Глигоров често пати се обраќа до албанците, а и на другите дека ќе имаат потполна рамноправност. Колку е ова постигнато јасно зборува преамбулата и неколку членови на Предлогот на уставот. Тој и во Хаг кажа дека нема потреба од никаков специјален статус, бидејќи тие права не само што се во согласност со сите меѓународни норми, туку тие се содржани и во Предлогот на уставот и добар дел на тие права веќе подолго време се применуваат во практиката. Колку се применуваат во практиката ќе ве потсетам само на три.

Во некои општини во Републиката каде живее албанското население сублимирана е наставата во средните училишта на албански јазик, а во некои други редуцирано на драстичен начин.

Второ, во некои општини каде живеат албанците не се спроведени во практика резултатите на повеќе партиските избори, а во Тетово и Гостивар Владата на Македонија постави извршен одбор.

Трето, албанците не се пропорционално презентирани во државните органи.

Во однос на Уставот од 1974 година овој предлог на Устав прави чекор назад. Се мисли на преамбулата, каде Македонија беше конституирана како држава на македонците, албанците, турците и на другите кои живеат во неа. Во овој контекст, кога се повикуваме_ на меѓународните конвенции ќе истакнам дека истите обезбедуваат еднаш стекнатите права повторно да не се ограничуваат. ,

Ако ова и трите точки што ги спомнав се во согласност со меѓународните правни норми, тогаш не албанците, туку овој Предлог на устав на Македонија треба да има специјален статус во меѓународната правна регулатива. Албанците во Македонија не бараат никаков специјален статус кој ќе биде во подредена улога во однос на другите, туку потполна рамноправност со другите. Крајно е неодржлива тезата дека барањата на албанците за полна рамноправност водела кон федерализам во Македонија. Таквите кои ја пласираат оваа теза треба да се помират со фактот дека сакале или не Македонија со векови била федерална, а и сега е, затоа што во неа живеат повеќе народи. Да се затворат очите пред овој факт значи политичка заслепеност со тешки последици. Ниедно поколение нема право да донесува одлуки со последици за иднината на новите поколенија. За разлика од другите републики, црната кутија на несреќата најдобро е чувана во Македонија. Меѓутоа, дури тогаш кога ќе се дешифрираат апелите и неразбирливите повици во оваа кутија ќе се види што било по среди и дури тогаш ќе се седне и правилно ќе се оценат

состојбите за така наречената македонска криза. Пропагирајќи го сожителството на македонскиот народ со албанскиот и другите кои живеат во Републиката врз нерамноправна основа однапред е осудена на пропаст, бидејќи да живееш заедно значи да живееш на рамноправна основа затоа што само рамноправните можат да живеат заеднички.

На крајот да речам и ова. Не може да има обединета и стабилна Македонија со разделени народи кои живеат во неа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа, еве и ние исто така, сакаме да придонесеме околу новиот предлог на Уставот кој секако за Македонија и за сите нас е и те како историски.

Уставот е еден основен правен акт кој претставува правна основа за донесување на сите други правни акти.

Уставот, претставува политички фундамент за сите уредувања, односно регулирање на општествата. Тој е акт кој ќе служи како огледало за реализација на правата на човекот, гаранција на сите дејности на животот на народите што ја сочинуваат оваа мултинационална Република. Карактеристиката на Уставот како единствен извор и целосен обвиен во оваа форма, тесно е повразано со фактот дека системот на правните норми не признава други правни еквивалентни акти во поглед на правната сила на Уставот. Се исклучуваат сите можности за спротивставување помеѓу нејзините норми и законските норми, бидејќи сите закони произлегуваат од самиот Устав. Со оваа кратка елаборација уште од почетокот сакам да кажам дека овој нацрт што е даден или предлог на разгледување не може да се третира како акт кој нуди правда, полна национална рамноправност и слобода на народите што живеат во Македонија. Правно историското наследство и фундаменталното право на Албанците со овој предлог устав на флагрантен начин се крши бидејќи албанците во Македонија постојано биле историски државотворен елемент на државноста на Македонија почнувајќи од Крушевската Република 1903 година од крвниот Илинден, почнувајќи од вториот Илинден 2 август 1944 година во Прохор Пчински и денеска и денеска третиот Илинден 5 ноември 1991 година.

Со тоа сакав да потенцирам дека и со постоечкиот устав од 1974 година Албанскиот народ во оваа Република беше државотворен елемент. За Албанскиот елемент во овие историски акти зборува и тоа дека претставува историска победа на националната самосвест, бидејќи биле фактички непорекнувана сила на самите историски традиции и процеси на ова подрачје. Македонскиот и албанскиот народ биле потчинети до вчерашната историја и со заеднички сили се бореле за правда и за национална рамноправност и мир. Во овие развојни демократски процеси во Европа, не дозволува историската совест на овие два народа, сега со овој проект - Устав, албанскиот народ да се лишува од правата на државотворност на оваа Република што ги ужива до денес. Единствено едно среќно право е да создаваме Устав што ќе овозможува правда, полна национална рамноправност и слобода на народите во Македонија.

Вака ќе бидеме поблиски еден до друг, посилни и вака заедно ќе бидеме респектирани и во Европа.

Сите национални колективитети, сите вери во Република Македонија се определени заедно во една единствена држава, Македонија. Ова е историски факт. И заедничка среќа на овие колективитети, односно народи е нужност соживотот. Но, во овој проект

Устав, албанците како втор народ по големина во составот на оваа Република е лишен од правата што ги уживал и на флагрантен начин се исклучува како државотворна националност, третирајќи го со статусот националност односно национално малцинство. Но, постоечките правно историски факти го оспоруваат овој статус на Албанците по овој проект Устав од следниве причини.

Прво Албанците во Македонија ги карактеризира нивната: етничка, територијална, историска, јазична, културна, социјална и друга компактност.

Второ, Албанците во Македонија живеат во своите етнички територии како автохтон народ.

Трето, Албанците во Македонија на тие територии каде што живеат се мнозински народ и географски поврзан народ. Овие причини се основа за правен статус на албанскиот народ во Македонија и задолжително го исклучува статусот на националност, односно национално малцинство. Јас сакам да ме сослушаш. Албанскиот народ како што веќе се цитира секаде и често пати и на оваа говорница не претставува три четири куќи во Валандово, во Гевгелија, во Кочани, Делчево, Гостивар, Тетово. Затоа имај трпение тоа да го кажам во целост.

**СТОЈАН АНДОВ**

Ве молам, од говорницата никој на никого во салата директно и лично да не му се обраќа и обратно. Говорницата е за обраќаше на сите присутни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**

Албанците во Македонија не се и не можат да се третираат како националност, односно национално малцинство ни по бројот што го сочинуваат повеќе од една третина од вкупното население во Македонија, ни по степенот на националната самосвест ниту пак по степенот на духовно, културниот развој. Албанците на Македонија живеат на компактен начин во компактни територии и залагањата за да им се намали статусот на национално малцинство се тенденциозни, политичко македонско убедување, нереални, а за нас неприфатливи. Од друга страна постојат

големи разлики помеѓу националностите во Македонија во која е и Албанската која по ниту еден валиден критериум не може да се третира како национално малцинство. Меѓутоа, принципиелната причина е во тоа што сум убеден дека концептот за поделба на луѓето во мнозинство и малцинство им припаѓа на регресивните системи во кои основата на животот не е солидарноста, не е соживотот и заедништвото и толеранцијата меѓу луѓето, туку се има за цел доминација на една група на луѓето спрема другата група на луѓето. Доминација на една вера спрема друга вера во една национална држава. Враќањето на националните малцинства во нашиот уставен систем би значело и ретерирање во областа на меѓучовечките и меѓунационалните права кои постојат уште од 1963 година. Се работи за тоа дека категоријата народност .може да се смета за чиста конструкција на самоуправниот систем. Тоа. стана трибут на почетокот за надминувањето на малцинскиот вредносен систем со кој се одразуваше субјективитетот и на граѓанинот припадник на народноста и народноста како национална посебност. На тоа и се засновуваат уставните определби на Југославија и Македонија дека народите и народностите се рамноправни во оваа Македонија и Југославија.

Овие народи македонскиот и албанскиот знаеле во ропство да го афирмираат заедништвото кога со сила окупаторот сакаше да ги раздели. Се наметнува едно прашање. Зошто во мир сакаме конфликтни ситуации. Одговорот е едноставен, така сакаат експертите односно подготвувачките на новиот Устав каде предвидуваат и подготвуваат еднонационален Устав во Македонија игнорирајќи ги сите други вери, јазици и национални колективитети. И најпосле сакаат да не убедат дека во Европа не примаат само како еднонационални држави, а како мултинационални држави и

колективитети не можат да не примат. Кога имаме една ваква елаборација гледано од историски, политички и културен аспект, што претставува објективна фактографија на нашата реалност, тогаш си земам за право да кажам дека овој Предлог- устав како што е примитивен, исто така е израз на македонскиот национален ексклузивитет што сигурно е катастрофално за сите нас, бидејќи не е во состојба да се носи со развојот на демократските процеси на денешна Европа.

Понатаму, овој Предлог- устав, за чудо, моја забелешка, -целата идна регулатива ја остава во сила на законот. Уставот останува формален акт сам по себе, а не извор од каде ќе произлегува идната регулатива на политичкиот систем.

Таквите ретроградни претензии и дејствувања на таквите ретроградни гарнитури стана реалност за албанскиот народ уште ~ 1981 година која беше плод на болшевизмот, на таква~политика што денес се крунисува и со крвопролевање низ нашите територии што ја водат српските деспоти. Затоа е историски час за сите нас да застанеме на заеднички фронт против овие примитивни, ретроградни сили за доброто на сите нас, за доброто на сите народи, за доброто на заедништвото, сигурната перспектива, бидејќи имаме време да ги поправиме дејствијата на една политика што ни се заканува непосредно. Зарем не е срамота за сите нас Законот за образование со постојниот Устав, правата што ги уживаа да се земат на еден арбитрарен начин, за еден систем, наводно на мешаните паралелки што претставува своевиден преседан во Европа и со тоа секако потиснуваше на јазикот на еден народ кој секако го користел до денес. Овие малку примери од многуте што ги има на теренот што се и факти на теренот и вистината во оваа Република произлегува правото на самиот албански народ.

Демократските сили во Македонија, формално се артикулираат за да се камуфлира идниот национален деспотизам. Овој Предлог- устав само по себе зборува за фактот дека правата што ги уживаа Албанците до вчера и до денес со постоечкиот Устав арбитрарно се лишени.

Овие факти се објективност на оваа трагична деценија за Албанците во Југославија, а посебно и во Македонија.

Можат ли овие отворени рани да се легализираат во една држава која себеси ја прогласува за демократска, пропагирајќи политика на мир и коегзистенција внатре меѓу своите народи визави соседите. Не е ли ова една примитивна лакрдија на овој Предлог- устав што притискува не само во сегашноста, туку и во иднина и ја изолира во перспектива Републикава и нејзините народи во ретроградна само свесна политика, ја остава во дезориентиран на токму сега кога демократските процеси се дочекаа со ентузијазам и љубов од сите народи, бидејќи за прв пат во нивната историја успеаја со голема совест и полна национална самосвест да ја засакаат демократијата, бидејќи во болшевистичкиот деспотизам е окупаторски систем и се наметна на сите подеднакво.

Повторно се наметнува на прашањето дали овие сеќавања дами и господа пратеници, на тој суров Балкан и на таа сурова историја можат да дозволат повторувања на вчерашните трагедии? Одговорот е едноставен. Не! Бидејќи опциите за демократска перспектива во Европа силно се зацртани во финалните документи од институционализирани европски органи.

Народите повеќе не можат да се излажат. Сите празни ветувања од арсеналот на националниот ексклузивитет се во служба на потрошените националистички политики кои за цивилизираниот свет се неприфатливи како денес, така и утре. Остануваат исклучиво изолирани, останува

вистината. Очит пример е српската окупаторска политика во Косово каде што 2 милиони народ таа уште ги поробува. Таа политика останува арбитрарна и го растури заедништвото на сите народи во Југославија, го издаде меѓународното достоинство на Југославија, пролевајќи ^бесрамно крв на нашите деца, мајки, татковци, браќа и кој не друг.

Нели ова не значи за една политика на диктат, на сила на властодршците што е против волјата на народот и оваа трагедија носи само катастрофални состојби со несогледливи последици.

Неслучајно елаборирав накусо огромните потешкотии најугословенските народи сакајќи да ги охрабрам демократските сили внатре во Македонија, која нема да дозволи да стане плен на калкулациите на националните ексклузивитети, зашто како такви никогаш нема да бидеме до Европа, а камо ли во неа, бидејќи окраавени никој во цивилизираниот свет нема да не прими. Народот ќе го доведат во работ на сиромаштијата и немаштијата.

Токму затоа се ангажираме со сите демократски сили, со толеранција и меѓусебно разбирање да изградиме таков Устав каде македонскиот народ, албанскиот народ и сите други национални колективитети, заедно се носители на сувереноста како единствена долгорочна алтернатива и за среќа на сите нејзини народи во оваа мултинационална Македонија.

Длабоко сум убеден оти епохата на конфронтации и разединувања во Европа е завршена и надмината, затоа за нашата среќа без друго треба да бидеме рамноправни за да ја осигураме слободата, правдата, рамноправност и мир за сите наши народи без разлика на вера и јазик.

Само вака ќе осигураме демократско управување кое ќе се базира на волјата на народот, докажувајќи ја реафирмацијата на слобода и полна

рамноправност на сите наши народи во согласност со Повелбата на Обединетите Нации.

Слободата на народите не може да биде резултат на изолација, но само реципроцитет помеѓу народите што ги поврзува среќата во заедништвото значи не ексклузивитетот, туку поврзаноста, бидејќи слободата, правдата и рамноправноста се сјајот на човештвото. Треба да се каже дека сите системи во кои носител на суверенитетот се колективитетите, воглавно се тие регресивни системи, тие се тоталитарни системи и нивните носители се регресивни снаги на системот, а за жал нашиот Устав уште во почетокот со тоа стартува.

И на крајот, предлагам амандманите што ги поднесоа двете партии, прво да се разгледаат дали тие пречекоруваат од она што до вчера ние го имавме и го уживавме, или е тоа минимум она што бара албанскиот народ, конкретно во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да направиме една пауза за ручек до 17 часот

Во 17 часот ќе продолжиме со работа.

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

За збор се јави пратеникот Ристо Ќелешов.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Основана наша задача е донесување на Уставот, бидејќи тоа е наша должност, одговорност и една од најсериозните задачи која стои пред нас како пратеници и чие позитивно решение го очекуваат македонскиот народ и македонските граѓани . И покрај тоа што Уставот обилува со компромисни решенија, и покрај тоа што не е по мерка на секој, сечие партиско и политичко и лично убедување, и покрај тоа што преамбулата и нормативниот дел се во контрадикција и заедно со сите недостатоци, сепак, текстот на предлогот на Уставот на Републиката обезбедува владеење на правото и демократијата, ги гарантира капиталните претпоставки за траен соживот на истите граѓани на територија на Република Македонија, без разлика на нивниот број , вера и нација. Конечно обезбедува континутетит на позитивната македонска политика и го гарантира до заокружувањето на македонската држава како прифатлив меѓународен субјект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ.**

Дами и господа, ценето претседателство. Денеска сведоци сме на , но и учесници на сестраните длабоки, општествени и човечки промени и збиднувања. Овие трансформации одлучуваат или настојуваат да

воспоставaт рамноправни односи со граѓаните на една етничка групација со другите. Тие одлучуваат или настојуваат да одлучуваат за создавање на формација , која ја менува, ја зајакнува улогата на човекот. Поточно, воспоставување на механизми за неговото душевно,социјално и колективно ослободување. Колку и да е таквите механизми се ставаат во функција на заштита на темелните , индивидуални права и слободи, индивидуални и колективни на човекот во пракса сеуште се судруваме со една изразена поделба во однос на прокламираните принципи во основите / на меѓународните документи за човековите права. За жал , таа поделба се сретнува и во примерот со уставната и паваната положба на албанците во Македонија, впрочем , како и во цела Југославија. Затоа со посебен интерес се оценува односно се очекуваше изготвувањето на новиот устав на Македонија, особено кај албанците и тоа од две основни причини.

Прво, затоа што изготвувањето на Уставот се прави во значајно време и во интерес на демократизацијата во цивилизираниот свет.

Второ, затоа што уставотворецот уште при давањето на иницијатива за донесување на новиот устав ветуваше модел на устав прифатлив за сите. И двата овие моменти имаат своја силна попоткрепа во фактот дека Македонија е една национална мешана средина во која освен македонците живеат и албанците и другите народи, кои се многу важен фактор во општествено- економскиот и политичкиот живот во оваа Република. Токму затоа во воспоставувањето на национална рамноправност претставува неопходен услов за заеднички живот и натамошна коегзистенција. Историјата не учи дека согласувањето може да се постигне само под услов

ако човекот не се изразува само за себе дека етничка групација не ја определува својата фаворизирана положба само за себе, туку и во однос на другите. Овој пат е запоставен , а потоа игнориран и во текстот на Уставот на Републиката и на тој начин ги сочува најблиските односи помеѓу македонците и албанците. Уставот на Македонија декларативно и провизорно го следел универзалниот модел на слободите и на правата на човекот. Мислам дека токму овде лежи основниот проблем. Наместо Уставот да се составува според моделот на една хетерогена национална средина што ќе се примени или нема да се примени , претпоставува еден општествен, неоспоред реалитет уставотворецот со цел да се определи за моделот на Уставот на слободни и рамноправни граѓани, што е прифатлив само за хомогените национални средини. Еден ваков приод како да ја детерминирал структурата , така и содржината на уставот. Кому, секако, можат да мусе припишат многу забелешки било да се тие начелни или конкретни на кои ќе им се припише потребниот, професионално- научниот аргумент.

Основните определби на Уставот, членовите од 1 до 8 се неприфатливи,5нарочно тие што се однесуваат одредувањето на статусот на албанците и на службена употреба на јазикот и на писмото. Кај албанците во Македонија израсна свеста дека тие се политички субјекти потполно рамноправни со македонскиот народ. Имаат потполно право да бидат носители на суверенитетот и тука треба да се бара основната причина што тие неизлегоа на референдумот за независноста на Македонија и тоа не дека беа против прогласувањето на независноста, но со право ги поставија барањата оваа независност да ги опфати и нив како државотворен елемент.

Дадените формулации на званичната употреба на јазикот и на писмото го повредува и тешко е правото на албанците за употребата и слободниот развој на мајчиниот јазик. Ја спречуваат националната афирмација на еден етнички колективитет во Македонија како што е тој на албанците.

Единствена прифатлива варијанта е почитувањето на рамноправноста на јазикот и на писмото во средините каде што албанците го сочинуваат мнозинството на народот. Секакво друго решение е импонирано и за албанците е неприфатливо. Бидејќи во спротивно . со меѓународните документи и со човековите права кои што осудуваат секаква форма на дискриминација, што значи во сферата на службена употреба на јазикот и на писмото во соодветните национални средини.

Основните слободи и човековите права не можат да бидат надвор од националниот интерес, зашто во Уставот на Македонија е неопходно не само да се одредат туку и да се гарантираат колективните права на албанците како нација. Горчливото искуство од минатото и во сегашноста не поучуваат дека не се доволни само вербалните изјави, туку се бара силни механизми во создавањето на националната рамноправност, на слободата и на колективните права. Треба да се санкционираат со највисокиот правен акт , а не со посебни акти, како декларации и друго што ја немаат принудната сила која што ја има уставот. На посебен начин треба да се санкционираат правата на образованието и воспитување на мајчин јазик. Полна опфатеност по плановите и наставните програми на историските и националните содржини на јазикот и културата, правото на службената употреба на јазикот и на албанското писмо на насловите на местата на живеалиштето на натписите и на фирмите, адекватно национално учество на кадрите на вршење на функции на власта од

општината до Републиката, правата на употребата на националните и верските симболи и прославата на важните историски датуми. За употребата и реализацијата на овие права албанците бараат уставната гаранција, ветувањата дека употребата и нивната реализација ќе се регулира со посебен закон не претставува уставна гаранција без посебна нивна заштита со силни и правни механизми, како што се на пример за решавањето на консензусот , за прашањата со посебен интерес во сферата на меѓунационалните односи. Прифаќаме само устав и уставни решенија кои / се поставени на рамноправни односи. Во овој дух прифаќаме само конструктивни дискусии, а не и политички дисквилификации, политичката реторика не може да ја заменува потребната, професионална и научна аргументација.

Би сакала во најмала рака денес да биде присутна животната заедничка логика, за што да заклучиме, да живееме заедно, значи, да живееме рамноправно. За што, само рамноправните можат да живеат заедно. Тоа , за жал уставот не го нуди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Најпрвин , сакам лично да протестирам од непримерниот притисок од средствата за јавно информирање пред оваа седница каде што се изречени однапред дисквалификации и се прејудицираат одлуката овде денес или во наредниот ден без да се отвори можност, бидејќи нормално за тоа се работи на денот на одржување на седница за демократска комуникација и спротивни гледања на работите од овие што ги изнесуваат новинарите, верувам, поаѓајќи од тие принципи за кои што овие денови толку многу

слушавме и тоа принципите на независното новинарство.

Уште нешто сакам да кажам што обично не практикувам, бидејќи секогаш се држам до суштината на проблемите, меѓутоа, денес не можам да одбегнам постојано ми се јавува една асоцијација, некои глувчиња, оние што се навиткуваат, па човек не знае кога се навиткани, додека не почнат да трчаат и кои што веројатно, бидејќи се за еднократна употреба, ако им треба навиткување, можеби понекогаш треба и пауза за да се донавикаат за да можат да функционираат.

За мене околу самиот документ нема дилеми и околу тоа ќе се изјаснам кога ќе биде расправата конкретно по амандманите, но, сакам да осветлам една друга димензија во врска со изготвувањето на документот. Прво, да констатирам дека овој Устав е под притисок на политичко-безбедносната ситуација, пред се, во контекст на југословенската криза, но и од аспект на состојбите во Република Македонија. Зашто, инаку како толку краток рок може да очекуваме , еден непримерен краток рок, да изготвиме и да донесеме ваков сериозен документ. Исто така, останува впечатокот дека покрај основниот мотив кој што ни се наметнува да го прифатиме постојат и други мотиви кои што не се до крај јасни. Во прилог на таквото размислување се отворените прашања зошто во експертската група не учествува ниту еден експерт по уставно право. Не сакам да поверувам дека проблемот е во неможноста да се дисциплинираат можеби такви авторитетни личности.

Исто така, за мене е многу симптоматично зошто на ниедна од седниците, а тоа го гледаме и во материјалот од извештаите не се земени за вградување бројните забелешки во јавната расправа од граѓаните, а тие забелешки инаку добро се систематизирани и пратениците ги добија. Со тоа точно се знае кои се желбите на македонскиот народ. Овој процес на донесување на овој акт го карактеризира висок степен на партиско-дисциплинирање и јас верувам дека најголем дел од пратениците имаат сериозен проблем со својата совест, во расчекор се со она што интимно го чувствуваат по потреба во овој сложен момент за Македонија, од она што партиите го налагаат.

Најтешката дилема дали донесувањето на овој Устав не е повеќе во функција на најавените предвремени избори, само по себе се поставува и прашањето на кого се потребни гласовите на припадниците од албанското малцинство. За што, инаку како да се сфати тоа што иако скоро две третини и повеќе од пратениците во македонскиот Парламент припаѓаат на македонските политички партии, а дозволија во основниот документ од почеток до крај практично пред донесуваше да се провлекуваат такви отстапки , кои што се спротивни на македонските интереси. Како инаку да се објасни за веќе очигледно постоење на механизми на заштита на основниот изворен текст, кој што не доживеа битни промени ни под таквиот притисок на повеќе од 300 амандмани. Тоа се прашања на кои што вие треба сами да одговорите.

Но, сакам да дадам до знаење дека живееме во едно друго време кога и не е потребна голема временска дистанца за да се оценат некои работи и се лаже секој поведен од старите искуства дека народот ќе биде нестрплив и ќе чека некои други ситуации за да може да добие сатисфакција за ова што сега непосредно се случува. И на одговорноста на оние што се актери на ваквиот устав во делот за кои што и акцентирав од можната граѓанска војна во Македонија, бидејќи една е желбата да се води политика, да не речам и политиканство поткрепено од личните амбиции на градење на некој споменик, а друго е колку тоа други ќе го прифатат и колку ќе го издржи времето под контрола.

На крај, за да не одолговлечувам повеќе јас ве повикувам сите пратеници денес барем времено да бидете недисциплинирани, да ја напуштите партиската дисциплина и да се однесувате како обични граѓани кои што имаат право да го дадат својот глас за она што ќе ви биде презентирано во понатамошната расправа.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господине претседателе, господо пратеници,

Прво и основно пред да почнам да дискутирам и да кажам свое мислење имам една голема забелешка во однос на работата која што треба ние да ја работиме во овој Парламент. Ние имавме две единствени точки во дневниот ред, каде што првата точка беше да се разгледа односно да се види Предлог- уставот и уставниот закон.

Што се однесува до ова , ние со оваа дискусија која што до денес односно досега ја дискутираме поминаа веќе пет часа. Дискутираме за работа која што сметам дека требаше да ја дискутираме спрема Предлогот на уставот спрема амандманите што требаше да ги имаме, спрема она што ни е предложено и така да работиме, бидејќи сите се јавија и јас ја користам таа прилика да кажам неколку збора во однос на ова што цело време се дискутира. Слушајќи го целокупно разговорот на пратениците кои што се јавија во однос на дискусиите, јас сметам дека ова исто потполно за мене е дека се однесуваме на оној монизам кој што беше и порано. Ќе ме прашате зошто? Фино и едноставно. Затоа што во дискусиите при донесувањето на ваквите акти ние сме сведоци и порано дека прво го замаравме народот поготово овие што овде беа присутни а во исто време го замаравме и народот кој што не гледа сега. Тогаш народот не ги гледаше. Донесуваа одлуки од кога ќе се замореа. Ние сега на еден ваков начин , во една ваква дискусија која што течеше цело време во овие пет-шест часа се заморивме. Јас сега се прашувам како ние ќе почнеме да работиме во однос на донесување наѕамандманите , кои што ни стојат пред нас. Ние знаеме дека од господинот Петров имаме 130 амандмани.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Ако стане господинот Петров и да каже сега мораме да гласаме со ред по тие амандмани, нам ни треба не еден ден туку сто дена овде да се изјаснуваме и да се искажуваме по тие амандмани.

Што се однесува до натамошната работа, многу работи и многу убави работи слушнав во однос на нашето сожителство кое го имавме во текот на историскиот чин на македонскиот народ. Ги спомнуваме востанијата, го спомнуваме учеството, спомнуваме се, меѓутоа она фактичкото кое треба да го спомнеме го оставаме понатаму како треба да биде. Ние знаеме што е тоа "Крушевски манифест, знаеме што е тоа Кресненско востание, знаеме што е тоа Илинденско Востание. За тоа историја нам не ни треба, ние сите сме овде академци, сите имаме читано, сите имаме слушано, сите го знаеме тоа. Зарем треба некој сега тоа да ни го наметнува овде и да не замара нон стоп пет..шест часа, да ни кажува ние сме ова или она, сожители и што знам друго. Бидејќи не сакам многу да дискутирам, во текот на дискусиите по членовите можеби ќе се јавам пак, само едно имам да кажам.

Првите дејци на ВМРО, кои го формираа во 1893 година, го формираа онакво какво што е и еден од тие дејци прашал, рекол: што ќе правиме ако ја ослободиме Македонија, што ќе биде со нас? Другиот му одговара: Ќе ги земиме пиштолите и ќе се истепаме еден со друг за да не ја изгнасиме Македонија. А сега што треба ние да одлучиме, после донесувањето на ваквиот Устав, каде членовите и ставовите кои што не се прикладни за нашата суверена и национална и независна Македонија, која што ќе биде во сожителство со сите други малцинства кои што живеат во ова парче на Македонија, каков Устав ќе биде тоа? Сполајми.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Се јавив за збор уште пред три часа и сега се покајав што дојдов овде. Сигурно дека кога би отворил една дискусија врз основа на

Платформата на мојата партија, многу компарации на позитивно или негативно спрема текстот на Уставот би нашле. Меѓутоа, јас така оваа расправа не ја сфатив. Мислам дека во начело изградивме еден однос кој ќе биде вовед во расправата по текстот на Уставот. Ние овде отвораме теми кои се сигурно значајни и кои на одреден начин се теми за собири. Меѓутоа, овде имаме конкретен проблем и конкретен документ по кој треба да се изјасниме низ една процедура која е демократска.

Оттука, и во однос на уставната материја што овој документ : ја обработува, неправилно, иако многу значајно, прашањето на меѓунационалните односи и позицијата на националностите на Македонија да има единствено централно место. Треба да појдеме од она што овој Устав прави скок во однос на досегашните устави на Република Македонија и она што значи од позиција по Референдумот од 8 септември. Ако ние во овој момент, почитувајќи го целокупниот историски контекст и уставен континуитет на Македонија не сфатиме дека Македонија од секогаш била национална држава на Македонскиот народ, во која се обезбедува рамноправност со сите граѓани од било која друга националност, ние тогаш навистина тоа сожителство уште во стартот, во расправата по овој документ го ставаме под знак прашање. Кога ќе дојдеме конкретно до одредени решенија кои ќе ги компарираме со решенијата со европските и другите стандарди што светот ги познава, тогаш низ аргументи да докажуваме во колкава мера тие како што овде се вели ги ускратуваат или незнам како сѓ се нарекува позицијата на националностите во Македонија по однос на правата кои со Уставот се гарантираат Мислам дека тоа се паушални оценки и не би требало да поаѓаме од тоа како да овој Устав е донесен, па сега вршиме некоја критичка анализа. Дајте да видиме содржински што тој нуди, па низ аргументирана расправа по амандманите, а фала богу ги има доста, да појдеме проблем по проблем што тој Устав го решава да ги разглабаме. Мислам дека би биле пореални по стварноста отколку вака да отвораме тема.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не мислев да се јавувам, меѓутоа, ме воведоа на тоа претходните дискутанти кои говореа да кажам збор два дали постои некоја националност или не, и што тоа значи и основното што го поставив до парламентот, ние навистина имаме усвоено дневен ред. Меѓутоа, јас реков дали моментот е созреан и има потреба да го усвоиме тоа, сите овде кои се, да има место да донесеме Устав и понатаму да говориме,,тоа е едно.

Второ, дали на некој му даваме или земаме, ако одиме по оваа патека, да знаете никогаш нема да најдеме крај. Едно е јасно и гласно, тука / нема што да кажуваме и докажуваме. Македонија како држава постоела, постои и ќе постои. Македонија ,-нема да постои само како територијална географска појава, туку на неа морал да постои некој народ кој ќе ја преставува. Ако овој неспорен факт го примиме како вистина, тогаш нема ни националности.

Господа пратеници, покрај другите услови кои треба да ги цениме, треба да ја цениме и географската положба на оваа држава Македонија. Таа има четири граници, граничи со Бугарија, граничи со Грчка, граничи со Србија, граничи со Албанија, што значи дека постојат четири држави. Ако оваа држава меѓу нив постои, не можеме да говориме, ако тие држави се држави на тие народи дека истите тие народи ќе имаат храброст, потреба и начин да формираат друга држава со друг народ. Ова се основните принципи на кои се создава една држава. Тогаш кога оваа држава Македонија егзистира и постои меѓу овие четири држави, единствен заклучок е дека оваа држава е држава на Македонскиот народ. Признавањата и постоење на сите други не е негирање на тие луѓе. Се поставува прашањето дали граѓаните на оваа држава кои имаат соседна држава имаат интерес да прават нова држава, покрај својата држава. Во Комисијата за уставни прашања на членовите на Комисијата од ПДП и НДП им поставив отворено прашање дали тие се сметаат за дел на Албанскиот народ што живее во Албанија или не. Одговорот беше позитивен, дека се, тие дел од Албанскиот народ кој живее во Република Албанија. Република

Албанија граничи со Република Македонија. Во што е проблемот ,тука? Проблемот е во тоа, ако еден народ има своја држава, тој народ во друга држава како ќе биде пак народ? Затоа, тука е основот каде треба да се разликува матичен народ и народ на друга држава. Ако е народ на друга држава во матична држава, тој тогаш никако не може да биде рамноправен народ, туку ќе има еден статус кој ќе се разликува од матичниот. Науката, дали е тоа европска или светска, ги одредува како национални малцинства. Тука нема што да говориме . или да оспоруваме. Кога е ваква состојба, ни се приговори дека го спомнуваат Илинденското востание и се учествувало во него за создавање на Македонска држава. Јас одговарам затоа што на тие простори живееле, да. Меѓутоа, 1913 година тој народ албански одлучил да направи држава и штом направил една држава остатокот од тој народ, ако останал во друга држава, не може да биде народ со државотворна творба. Според тоа, овде ние не велиме дека тој како човек е помал, Албнец од Македонец. Се работи за конструкција на држава, а во оваа Македонска држава таа постои, додека другиот дел, граѓанскиот дел, материјалниот дел од Уставот, тие права на никој не му ги оспорува. Затоа, ако некој сега вели дека ние сме број, дека ние сме тој и тој, тој и тој, претставуваме еден колективитет, имаме една територијална целина, се прашувам кога тој народ што има таква целина ќе има намера да се издвои од матичната држава.

За да не би била таква работа, ако сакаме да !(идеме, не треба да ги набројуваме никој во преамбулата, без разлика кои и да се, затоа што ќе бидеме рамноправни тогаш и спрема Српскиот народ со исто ограничување, српскиот народ нема намера да прави Македонска држава како друга држава на српски народ. Бугарскиот народ нема намера како бугарски народ да прави друга држава со друг народ. Грците тоа го прават исто, сега останува само "прашање дали албанскиот народ на одредена територија ќе има интерес да прави две држави. Ако имаме меѓународен

општ интерес и принцип, ќе треба да остане да се каже дека оваа држава е на тој народ, меѓутоа, правата на човекот за кои се залага и Европа и целиот свет се друга работа, ќе ги решаваме со граѓанскиот дел. И само на овој начин навистина ќе бараме исто жителство, ќе бараме и разбирање и сб. Ау овде, што? Секој кој ќе се појави, ќе крене рака, јас имам право на народ, ќе правам држава со друг народ. Зошто е ова прашање такво? Што ќе биде, да седиме сега овие четири народи кои што ги наброив, кои опкружуваат. Ако оваа држава дојде во политичка, економска или во друга, да не речам во најтешката форма конфликт, тогаш дали овој народ овде ќе има интерес да остане оваа држава или ќе оди кон матичната. За да се надмине ова јас кажувам дека оваа држава ќе треба да биде на Македонскиот народ, во која држава ќе бидат признати сите права на граѓаните.

Според тоа, јас сум на позиција и мислам дека не треба околу ова многу да се задржуваме, треба да ги расправаме правата што ни припаѓаат на рамноправност како на човек, затоа што државата е на народот, а правата се на човекот и оттука сите сме рамноправни. Станува збор, не сакам да расправам подоцна кога ќе дојде за еден, два или три јазика, за тоа ќе се јавам во материјалниот дел, дали некој е навреден или не, меѓутоа, разберете ме, основен концепт треба да биде тој. Навистина, една држава која постои има свој идентитет а граѓаните се рамноправни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само нешто да се договориме. Предлагам во оваа вака важна расправа да не се изгубиме во реплики, туку секој да си добие збор. Секој ќе добие збор, а сега да одиме понатаму.

За збор се јави пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани граѓани, почитувани пратеници, после едно вакво стручно излагање од правната наука од меѓународен аспект и од граѓански аспект, толку сум воодушевен што една пофалба би изразил до господинот Стојановски. Па затоа мислам дека доаѓа време кога секој од нас се преиспитува околу донесувањето на одлука која е од големо и огромно значење за нашата сегашност, а уште повеќе за нашата иднина, за иднината на нашите поколенија и иднината на овој напатен, негиран, омаловажуван, истребуван, асимилиран и што уште не Македонски народ.

Си земам слобода да цитирам дел од размислувањата на мојот и ваш пријател писателот господин Симон Дракул.

"Прво, Уставот на една држава има шанса да биде успешен кога му е врсник историски одраз на народното или граѓанското мноштво, што се стреми правно да го вообликува. Постојат примерни генијални устави, а државите на кои им биле "вјерују" се стропоштуваат и на наш очиглед ничкум. Уставотворец во вистинска смисла на зборот може да биде само тогаш кога во тој врвен начелен текст ќе се сложиме колку што е можно поголем дел од вистината за населението што ја сочинува државата. А во Македонија држава создава овој и бескомпромисно најпрвин Македонскиот народ и најмалку неговите сожители во татковината би требало тоа право нему здушно да не му го признаат, да <му го оспоруваат. Наместо натегнувањето со измислени историски и правни аргументи а најпрво во што верувам тоа е и токму тоа нивна измисленост, човечки ред и доблест, јас би додал и обврска, во овој историски час за македонскиот народ да се биде со него во неговите напори за создавање своја самостојна држава. Звучи подло, но звучи и неумно нему, на Македонецот п ри секој негов нов чекор да му се става сопка во она што не е од сега, туку со столетија е решен да го создаде и тој тоа ако треба без секој друг ќе го создаде:

Се знае, меѓутоа, само кој вид сожители го начекуваат таквиот мачeник во тешкиот породилен час.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: продолжение

Освен за иднината, притоа треба да се води сметка и за минатото. Македонскиот народ, негови познати личности идејци зеле крајно корисно учество кај сите соседи што не опкружуваат во обликување и на нивната ослободителна револуција и на државноста и на писменоста. Нити е се само од вчера ниту ќе биде до утре. А силниот и самоуверен братски носител на сувереноста е столбот на моќта и прасостојбата на сите граѓани на државата. Конечно до кога само македонецот ќе му биде на некого брат? Греота и срамота е на декларираниот пријател на сожителот да му ја одземаш, да му ја делиш да му ја отргнуваш, грабаш последната радост. Ова парче земја што ни остана од толку грабања итн. Слушам некои господа експерти или сите господа од нашата ценета академија на науките и уметностите која патем за многу битни прашања не се ни јави се декларираат, се определуваат за некаков либерален или граѓански устав, заборавајќи го правото на овој народ и преку својот прв јас би додал, втор, бидејќи Уставот од 1946 беше прв македонски устав со граѓанска определба меѓутоа, се знаеше, декларирано беше кое носител на сувереноста, македонскиот народ. Вистинскиот демократски устав д а си го искаже и националното, не баре заборавaат дека нашите негатори заговараат дека на овие простори живее некаква си амортна маса, некакво созреано тесто, или не созреано кое можеш да го месиш и обликуваш како сакаш.

Сакам да кажам дека поимот малцинство треба господата да не го сфатат во фигуративна смисла. Во смисла на понижување, туку како општо прифатен поим во скоро сите цивилизациски држави кои и во чии устави се повикуваат.

Поимот националност што го предложи нашата врвна МАНУ се употребува при набројување на група луѓе кои се од различна националност. На пример, на коработ имаше луѓе од македонска, албанска, грчка итн., националност.

Прашањето зошто се залагам за правото на македонскиот народ во оваа македонска држава да биде носител на сувереноста е токму од уште еднаш ќе повторам негаторското и непризнавачко однесување на нашите први соседи. И затоа во овие услови треба децидно да стои некој утре да не полага право и на оваа македонска земја што уште ни остана. Затоа вие овде господа и другари и дел од вашите партии по општините Куманово, Тетово, Гостивар, Македонски Брод итн. се изјаснија преку соопштение на средствата за јавно информирање и ве обврзаа на некој начин да се залагате единствен носител на сувереноста на македонската држава да биде македонскиот народ и граѓаните во Република Македонија. Да не го заборавите тоа.

Јас овде би напомнал за инсимулациите дека ако не се донесе овој Устав вака како што е предложен Македонија ќе ја нема, дека нема да биде суверена, самостојна итн., тоа е чист апсурд. Бидејќи Република Словенија нема донесено нов Устав, меѓутоа има донесено уставни правни некои акти кои ја декларираат нејзината сувереност, надоврзуваки се на плездисцитот што го одржаа, исто што и ние го одржавме Референдумот. Но тој морам да повторам за жал албанците, поголемиот дел од нив на повик на нивните две партии не излегоа, не покажаа, може ќе ме реплицира за ова некој,

меѓутоа, претседателот не дава реплика и мислам дека е добро што не дава реплика, но требаше да се покаже една добра волја да му се помогне на овој народ, на овој македонски народ, да создадат своја држава.

Република Словенија нема донесено нов Устав, но многу е пред нас во усвојувањето на својата самостојност и на меѓународно ниво. Затоа мислам дека психотерапијата на миење мозок на народот и негово заплашување не води кон усвојувањето на демократијата во Република Македонија, а свесни сме дека, еве добиваме и теле/ грами, позната работа е тоа. Дали тие господа што ги праќаа телеграмите на еден начин на референдум ги прашаа своите вработени таму за каков устав се. демагошкото настапување на поедини пратеници дека ако денеска или утре го донесеме овој Устав сите социјални грижи се се поголемата беда и сиромаштија што го оптоварува секој македонски човек ќе ги снема преку ноќ и задутре ќе тече мед и млеко и секој од нас ќе вози автомобил итн., е веќе видено во изминатите 45 години, е чист апсурд, за прибирање политички поими и тоа многу евтини, со цел да мусе наметне на македонецот и страв од војна и беда за своите исконски тежненија за национална држава, сеуште негирана самобитност ги отфрли на својата прадедовска земја за да не се само докаже.

**ТОДОР ПЕТРОВ;**

Може ќе го искористам правото да изнесам некои мои видувања во поглед на конституирањето на македонската држава како самостојна и независна држава преку овој акт кој треба да го донесеме сега. Па во однос на амандманската расправа нема и да има потреба да се јавам.

Тоа сакам да го кажам и од причина дека тие сите 132 амандмана што ги поднесов не ги поднесов за да нечие право или стрпление го узурпирам и некого малтретирам или тероризирам, туку од причини навистина како пратеник да придонесам да се направи текст, нормално и со мои видувања и размислувања како пратеник

Исто така не мислев сега да расправам, туку по амандманите меѓутоа, тоа е тоа. Расправите по овие важни прашања ќе ја водиме и по амандманите. Основен проблем што овој Устав го наметнува е прашањето на меѓунационалните односи и во право е ценетиот господин Шабан Превала кога вели дека навистина треба да се расправа за тие битни прашања од Уставот, образованието, јазикот, народот и националните малцинства.

Од тие причини:се јавив да кажам некои мови видувања. Прво лично сметам излагањето на пратениците од пратеничката група на ПДП НДП заради тоа погрешно настојуваат, а јас тоа ниту го прифаќам, ниту дозволувам како пратеник, бидејќи претставувам граѓанин на оваа држава, некој само да зборува од името на албанците, а сите останати да зборуваат од името на македонците, бидејќи и јас како пратеник зборувам по малку можеби до името на сите и од името на албанците, во поглед н а заштитата на нивните права како граѓанин и рамноправни граѓани на оваа држава за која што сакаме да го донесеме Уставот. Хендикепирани сме што расправата за меѓунационалните односи ја одлагавме од почетокот на конституирањето на Парламентот до денеска. Виновни сме заради тоа што секогаш кога се наметнуваше тоа прашање за расправа секогаш се даваше одговор немојте сека еве доаѓа Уставот, таму ќе ги решиме

меѓunационалните односи, што е вистина. Меѓутоа кога доаѓа сега Уставот за расправа и се наметнуваат меѓunационалните прашања и проблеми како приоритетни всушност и основни за да донесеме било каков текст, сега немојте да расправаме, ќе одлучуваме по амандманите. И целиот овој набој кој се поклопува и се набива врз нас самите како пратеници нормално дека на оваа расправа ќе дојде и доаѓа до израз. Затоа сметам дека сепак најголемата расправа, ако не по сите амандмани, тогаш барем за оние за образованието малцинствата и јазикот ќе дојде до најголем израз. Меѓутоа, бидејќи од одделни пратеници беше наметнато прашањето. а тоа во уставот мора да се регулира и мора да се објасни, на меѓunационалните односи жално е што дијалогот во овој Парламент ќе го претвориме во македонско- албански дијалог, бидејќи се застапени во поголем број на албанското национално малцинство во Македонија. Меѓутоа, некои работи не можам а да н е ги кажам, бидејќи не сакам да живеам ниту јас, ниту било кој друг со она лажно добар ден, лажно како сте со еден сарказам, иронија, за едно лажно сожителство, а фактични јас сум во една таква експлозивна атмосфера што се надбива и над овој парламент, ќе се донесе или нема да се донесе Уставот, кој ќе седи до крај, кој ќе си оди порано или подоцна или ќе го доживееме сите заедничкото финале од ова заседание. Затоа не ни се потребни многу познавања од историјата за да некој не убедува дали албанците ги удоволи на македонците или македонците на албанците или нешто друго. Доказ за некое заедничко сожителство за мене е она што сум го доживеал и преживеал од I960 година кога сум роден. Попис се организираше, не присуствувавме, референдум се организираше не немаше никаде, даноците дали се плаќаат, никој ништо не плаќаат во општините во Западна Македонија. Па се прашувам каде живееме. И во која

држава мислиме да живееме. Кој кого експлоатира, мајоризира, девалвира, деградира итн. Ме наведува во дилема одредбата или дефинирањето на тоа што претставува Македонија и каква држава треба да претставувам. Токму од тие причини сметам дека и во првите нацрти и предложи на Уставот имаше многу лутања се ставаа луѓето сами во заблуда. Се оперираше со терминот народ, а кога ќе прашаме кој народ, вели народ на збир на граѓани, за да на крајот може да испадне дека македонскиот народ претставува македонски збор на граѓани, а не постоење вековно и признавањето на постоењето на една македонска нација.

токму од тие причини, сакам да укажам дека една од битните консултативни елементи на секоја нација е и нејзиното државно правно конституирање, бидејќи нација без своја држава фактички не постои. Во крајна инстанца државата е синоним на постоењето на една нација која своето конституирање го заокружила и го заокружува со државно правното конституирање, со сите своите карактеристики, односно белези на таа нација. Заедничко етничко потекло, историско минато, компактна национална територија, култура, литература, јазик, писмо итн. Основен проблем за мене што од почетокот се наметнува до донесувањето на овој Устав во јавноста, или создаваше лажно обезбедување ние сме токму граѓански либерална држава со такви демократски определби, што не доаѓало предвид за устав од национален карактер. Нема да градиме национален устав ќе градиме граѓански устав. Зошто, сите сме исти, па никој не ја негира граѓанската рамноправност, независно од националната определба. Во поглед на конституирањето прашањето на создавањето на држава која што е синоним на постоењето на една нација и како заокружувањето на процесот на нејзиното државно правно дефинирање и конституирање а од тие причини и создавањето, односно конституирањето

преку овој уставно правен акт на Република Македонија, како национална држава на македонскиот народ, односно држава на македонската нација. Меѓутоа, не како држава само на македонската нација, туку како држава на рамноправни граѓани. Јас тука не гледам никаков проблем од нејзиното уставно дефинирање на републиката како држава на македонската нација и како држава на рамноправни граѓани. Лажната дилема која што од почеток му се наметнуваше дали сме за граѓански или национален устав, јас сметам дека е вештачка и лажна, заради тоа што сите држави во светот се национални држави. Ако не била Франција држава на француската нација, нема да се викала Франција, туку дел од Германија. Токму од тие причини за да се утврди и дефинира кој е носителот на државноста од таа гледна точка не може да постои национална рамноправност. Во оваа држава носител на државноста е Македонската нација, бидејќи таа го поседува правото на определување до отцепување, а не било кој друг. И од причина она што го кажаа и претходните дискутанти во своето излагање сметам дека нема потреба од никаква дилема за тоа кој е носителот на државноста на Република Македонија да се поставува на дневен ред. Определбата е за тоа дека Република Македонија е држава на македонската -нација. Меѓутоа, и држава на рамноправни граѓани, се остварува траен уставен и политички легитимитет за заштита на македонските национални малцинства, надвор од територијата на Републиката. Во меѓународното право која држава ќе дозволи од соседите Македонија да бара заштита на своите македонски национални малцинства кога ние го обезличуваме национално граѓанинот кој живее во оваа држава. Кој живее во оваа држава? Граѓани.

И ние ги имаме тие луѓе како граѓани и тие ги штитат и бранат своите граѓански права во нашите држави. Тогаш нема да постои во меѓународното право и комуникација поимот нација и национално малцинство. Грешка е што ние религискиот, етничкиот, јазичниот идентитет го врзавме само за националното малцинство, а европскиот совет и сите меѓународни механизми и институти не зборуваат само за национално малцинство, заброваат на јазички малцинства, религиски малцинства и за културни малцинства, малцински групи итн. Од тие причини сметам дека никој со тоа што Македонија ќе ја дефинира така како што се предлага како држава на македонската нација не. гради фашизам, геноцид или било каков фашизам на еден према друг. Јас верувам и покрај тоа било како да го донесеме Уставот со оние албанци со кој сум пријател или другар, мене Уставот нема да ме раздели. Во ЈНА тројца пријатели албанци од Косово. Па не постоеја партиите ПДП и НДП или некој друг кој што гради национализам тотата литализам врз едно национално малцинство за да ни каже дека тие биле или не биле подобни луѓе јас да се дружам со нив или да не се дружам. Затоа, сакам да укажам да го разбиеме овој проблем кој сами си го создаваме дека само ПДП и НДП има право да зборува за албанците, а сите други само за македонците. Такви односи не може да поставиме. Поготово ако сме за граѓанска држава во која велиме дека сите ние сме граѓански партии. Се извинувам не може никој и кога му треба да вика дека е граѓанин и кога му треба да го гради својот политички монопол или постоење врз основа на национална припадност. Од тие причини за мене не постои никаква дилема, поготово заради примената на нормите на меѓународното право кој е во Македонија е нација и дали останатите треба да бидат национално малцинство.

Сакам само една реплика на крајот да му одговорам на еден од пратениците кој што кажа каде се муслиманите, односно муслиманскиот

народ во Уставот. Ако некој треба да биде муслиман во оваа држава, тогаш јас се извинувам не вреѓам ничии национални чувства или припадност. Тогаш тоа се албанците заради тоа што некој сакаше или направи да ја претстави исламската религија како национална религина на албанците. Македонците можат да бидат муслимани, но ние бидејќи сме албанци муслимани, ние ќе бидеме само албанци, а не и муслимани. Тогаш нема потреба во Уставот да се спомнуваат албанци. Ќе стои само муслиман. И од тие причини" сметам дека со такви термини не треба да се калкулира во расправата. За нас најбитно ќе биде од кога ќе го донесеме Уставот, меѓународно правниот субјективитет на Македонија и сметам дека прашање е на денот, односно на моментот кога во сите соседни земји независноста на македонската држава како самостоен меѓународен правен субкјективитет ќе ја признаат, па и сите соседи, по однос на тоа дали сме нација, дали постои македонска нација и дали постои или не постои македонска држава.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ако Бугарија го отвори прашањето за меѓунационалните односи во Бугарија, Бугарите ќе останат во малцинство во сопствената земја и затоа на Бугарија и на Бугарите им е потребна и Македонија и Македонците како Бугари зашто само така можат национална доминација во некаква голема Бугарија во чии што рамки ќе влезе и територијата на Република Македонија.

Истото тоа може да се случи и со Република Грција. Во поглед на признавањето, непризнавањето на македонската нација заради тоа што ако го отвори меѓунационалното прашање Република Грција ќе произлезе дека во Република Грција Грците живеат само во Атина а во Северна Грција живеат Турци, Македонци, Власи и Албанци. Од тие причини за да Македонија навистина од јаболко на раздорот на Балканот стане фактор на стабилност и обединувањето во Европа и на Балканот со почитувањето на сите колективни права на сите малцинства и малцински групи, не само на националните малцинства и малцински групи, тогаш сите треба да ја потврдат нејзината конституција како независна и самостојна држава и во тие рамки сметам дека донесувањето на Уставот ќе придонесе кон заокружувањето на државно- правното конституирање на Република Македонија како самостоен меѓународно правен субјект.

Во интерес на расправата за понатаму бидејќи некои веќе кажаа дека имам поднесено најголем број амандмани, во текот на расправата мнозинството од нив ги повлекувам, не заради тоа што сум убеден дека не се добри, туку заради да го ускратиме времето на расправата, а сметам дека ќе се подзамисли што губи, а што добива ако се оди и дали е воопшто потребно да се оди и напушти оваа седница.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа,

Од повторувања нема потреба, исто нема потреба многу од историја, како Албанец само едно ќе речам јасно и гласно, припаѓам на онаа сорта која на овие простори е стара колку и овие планини. Тоа го докажуваме и ќе го докажуваме и научно и во секој поглед. Во краткава дискусија има и некои мали реплики, стално се вика нешто од Македонците грабаме, нешто земаме, нешто треба да земеме од она што нив им е одредено или предодредено. Тоа не е така, ние само го бараме она што нас ни припаѓа, што на некој начин ни е одземено или во најмала мера ограничено. И најпосле, пред мене и мојот татко и јас до оваа возраст заедно со моите синови стално слушаме колку права ни се дадени. Па господо, дозволете ние самите да кажеме колку сме задоволни од тие права и дали нас ни се дадени тие права. Или воопшто кој треба и зашто треба да ни ги даде тие права. Јас не знам по кој пат треба овде да повториме правата тие припаѓаат и доаѓаат со самото доаѓање, зашто некој треба нас да ни даде, зашто ние Албанците па и покрај нас и Турците и другите треба стално да се поставиме во позиција од некого нешто да молиме, да бараме да ни се даде, а н§кој секогаш да дава нешто.

По однос на она што сме ние, народ сме и ништо друго. Албанија не е наша матична земја, не ја сметаме за матична земја. Ние тука се чувствуваме во своја матична земја, матична Република, ние сме дел од албанскиот народ, шест ипол или седум милионски кој што живее на овие простори, дел кој во Македонија се чувствува како во своја земја. Така се чувствувам и така ќе се чувствувам. Не значи тоа делење на суверенитет. Па најпосле и така нека биде. Не сме ни единствен пример ни во Југославија, да не зборувам за други земји.

Државата не се гради само со устави, декларации и слични институции. Доколку Уставот, тој закон над сите закони како сакаме да речеме ние правниците, ако нема тој поткрепа кај целото граѓанство, тој претставува октроиран, наметнат устав. Тој не може да ги обврзува оние кои со него не се рамноправно заштитени.

И, едно мало појаснување во однос на Муслиманите, кои ги има во прилично голем број во Македонија, ја поддржувам тезата за Муслиманите како народноста категорија бидејќи поголемиот дел од нив тие го бараат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, најнапред да кажам дека не се согласувам со предлогот веднаш да поминеме на расправа на Уставот , по амандмани од причина што расправаме за основите за поставување на здрави темели на една нова суверена, самостојна македонска држава. Иако си дозволивме минатите седници и не знам колку наназад за дневниот ред да се расправаме овде и по пет и по шест часа, мислам дека имаме право да си дозволиме за фундаменталните решенија од кои зависи заедничкиот живот на овие простори во иднина и за него толку да потрршиме време. Ова во никој случај не значи заложба за бесконечни дискусии, впрочем секогаш сум, мислам дека и тука го покажав склон за кратки или прецизни дискусии и по можност и амандмански.

Верувам дека едно од клучните прашања за кои расправаме веројатно ќе биде една од главните теми со кои во практичниот живот ќе се соочуваме во иднина. И не само овдека во Македонија, денес мислам и Европа е соочена со проблемот на односот меѓу нациите кои што живеат на едни исти простори. И едноставно нема држава, јас барем не познавам таков пример која на многу идеален, идиличен, хармоничен начин ги има

решено односите меѓу припадниците на различните национални групации. Едноставно за тоа нема рецепт, зависно од тоа во која средина се наоѓаат, некои одат по пат на асимилација, некој ја спомна Франција, за мене не е тоа добар пример за решени меѓунационални односи и една Франција 200 години води асимилаторска политика кон припадниците на сите други групации кои што живеат во таа земја. Но тоа си е проблем на Французите како што наш проблем ќе биде да си ги решиме односите овде, во ова поднебје.

Денес Југославија е соочена со проблеми, од една страна имаме Хрватска која што има илјададогодишен стремеж да изгради национална држава, чисто национална држава, а од друга страна имате 200 годишен стремеж на Србите сите Срби да живеат во една држава. И до што доведе тоа се гледа до невидени човечки драми, до истребување до последниот човек и како ќе заврши таа драма тоа со сигурност ниеден од нас не може да го предвиди. Ако се направи мала историска ретроспектива во односите меѓу нациите, она што ние денеска го расправавме, она што траеше во јавната расправа по Нацрт- уставот на Комисијата за уставни прашања, па ако сакате и еве досегашниот тек на расправата покажува дека вечит е стремежот на народот, така да речам мнозинскиот народ кој што има своја држава да изгради национална држава во која односите ќе може да ги уредува по сопствен начин, како што има исто така историски легитимитет стремежот на деловите од други народи кои што во одделни историски околности се затекнале зад границите на својата држава да сакаат да живеат како рамноправни граѓани во таа држава. И едниот и другиот стремеж апсолутно има легитимитет.

Е, сега кога сакаме да градиме нови односи, да направиме граѓански Устав, да граѓанинот биде основниот субјект на политичкиот систем,

веројатно тоа не е ниту процес кој што ќе трае брзо, ниту пак решенијата кои што како ќе ги дефинираме во овој Устав еднаш за секогаш ќе бидат заковани и правило на однесување. Мислам дека кога денес расправаме за овој нависокиот акт на нашава држава и кога ги удираме темелите на една нова суверена и самостојна македонска држава, практично сме соочени со две алтернативи по мене.

Едната алтернатива е или ќе бидеме сведоци и учесници на политички трендови карактеристични за малите и периферни држави соочени со постојани револуции и контрареволуции, со војни, со државни удари и воени пучеви и диктатури и други облици на лична власт. Или пак ќе живееме во систем на односи втемелени на економските и политичките права и слободи, стабилни политички институции, пристојно ниво на политичка култура и задоволително ниво на општествена свест која од своја страна создава односи на заемно почитување, верска и национална толеранција, сожителство и недискриминација. Се разбира дека и Уставот не може да ги разреши сите спротивставени и противречни настојувања, трендови, не може да ги реши сите атавизми, економски и политички нелогичности. Но е сосема сигурно дека определувајќи се за втората алтернатива сметам дека нашиов Предлог на устав содржи основи за обезбедување на вредностите од втората алтернатива. Веднаш да кажам дека немам илузии дека Уставот е совршен нормативен акт кој воспоставува одлични и хармонични односи на граѓаните во државата македонска како национално хетерогена заедница. Тој не е ниту врв на демократијата што ја издржале критиката иако во себе содржи доста норми што ја издржале критиката на времето во најдемократските општества денес во светот. Но бидејќи демократијата е процес и тоа долгорочен за нивниот дострел во наши услови допрва треба да суди историјата.

Јас лично сум убеден дека решенијата во Предлог- уставот по однос на правата и слободите на човекот, и граѓанинот не се последен збор на

демократијата, но уште повеќе сум убеден дека ќе направиме добро ако на овие норми им дадеме можност да доживеат во пракса. Ова го говорам од причина што едноставно не е можно идеално да се нормира животот ако дури и направиме нормативен акт, таков идеален доколку не постои спремност за заеднички живот на граѓаните. на Македонија и доколку сите не ја чувствуваат Македонија за своја држава, за своја татковина и овој и таков Устав може да остане само како едно добро книжевно дело кое ќе остане во историјата што значи дека и праксата ќе ги наметне и решенијата а Уставот мора да содржи во себе барем малку подалекосежни норми за да може да ги воспостави таквите односи.

И, денес во Европа мислам на развоен план кога се прават регионални политики, односно кога во Европа се форсира политика на интегрално регионален развој мислам дека и овие самите поделби на нациите ќе станат беспредметни. Таквиот модел заснован на национална држава што Европа денес го напушта, а форсира концепт на заедничка развојна политика, мислам дека е предуслов за санирање и доградба на другите политички културни, и национални односи. Ваквиот приод неминовно имплицира збогување со националниот.,, суверенитет.

И сега, ако ми дозволите бидејќи често се навраќаме, а сосема кратко ќе кажам на проблемот на меѓунационалните односи доминантен во Македонија и денеска го слушнавме и од последниот дискутант неговото изричито залагање дека Албанците се во Македонија се народ и ништо друго, заради она што ќе претстои. За албанската политичка активност и мисла денес не е спорно дека Албанците се само народ и неприфаќаат никаква друга аргументација и никаква друга логика. За жал таквата

потврда доаѓа на таквите ориентации доаѓаат и од соседна Албанија. Единствениот и крунскиот, не, единствено крунскиот доказ за тоа е дека Албанците во Југославија по бројност се поголеми и од некои народи кои што имаат свои држави, како што е впрочем Македонија, како што е Црна Гора, како што е Словенија. Од друга страна во Југославија имате пракса и апсолутно јасен однос дека меѓу останатите југословенски народи дека Албанците се едноставно национално малцинство и биле и ќе бидат само национално малцинство, народност зависно од дефиницијата или националност како што сега тоа го дефинираме во нашиот Устав.

Барајќи статус на народ ние често слушаме од поединци како тие се изложени, па тоа го слушнавме и вечерва овде, како тие се изложени на асимилација, на геноцид, секакви видови дискриминации и слично. Тврдам, можеби некој ќе ме демантира дека Албанците не живеат никаде поарно отколку во Југославија, па ако сакате ни во Албанија, за тоа има многу аргументи. Немам никакви претензии да вршам некоја поширока теоретска елаборација за тоа не се чувствувам ни толку компетентен, тука има присутни многу покомпетентни луѓе и веројатно би било добро да учествуваат во нашата расправа, но би сакал да се осврнам само на некои теоретски становишта кои за мене се прифатливи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (Продолжение)

Од она што денес може да се прочита од научната мисла и теоретска нашата политичка практика, па и во светот има еден вид општа согласност околу две посебни значења за поенот народ.

Првата вредност се однесува на јазичните, културните, обичајните и други слични белези или особености на една заедница како што е народот. Значи белези по кои една група на луѓе се разликува од друга.

Втората вредност се однесува на белези што се правно политички карактер. Тоа се односи меѓу државата и поединецот. Тоа се белези на заемни права и обврски со кои исто така се создаваат разлики меѓу одделни групи во рамките на политичката заедница или државата. Значи, станува збор за етнички народ од една страна и политички или државен народ од друга страна. Политичкиот народ е поширок поим и во него може, но и не мора да влегува и етничкиот народ. Старите грци и старите Римјани имаат различни јазични карактеристики и обележја. Старите Грци со своите јазични средства ги означуваат првите со етнос, а другите со демоса, Припадниците на народ што ги носат политичките одлуки Аристотел ги нарекол граѓани, бидејќи биле на постојана служба во државата. Римјаните пак имаат поим на нација и популис. И денес во една Европа и двете категории се изразуваат со ист поим на народ поради што и доаѓа до многу сериозни збрки особено кога станува збор околу дефиницијата на положбата на различните групации во Уставот. Ако ова се земе за точно, а бидејќи јас го земам за точно бидејќи верувам на овие теоретичари, може

да се заклучи дека Албанците се етничка заедница или народ со бројни јазични, културни и историски особености што го разликуваат од другите такви заедници, Македонци, Турци и Власи и сите други што живеат на овие простори. Мнозинството на Албанскиот народ живее во Република Македонија која е суверена држава.

Делови на Албанскиот народ кои се населени во Југославија, во Црна Гора, во Македонија, во Србија, додека еден број Албанци живеат во другите европски и прекуокеански земји како иселеници или на привремена работа, како впрочем е судбина на сите помали народи. Тоа е судбина и на Македонскиот народ и на многу други. Впрочем таков етнички народ во Македонија има и други и во Македонија како вид народ се и Турците, Власите, Ромите и други. Постојат низа меѓународни документи кои заради ваквата измешаност на народите содржат претпоставки за создавање на услови за мирољубиви и пријателски однос меѓу нациите односно различните меѓунационални групации врз принципот на почитување на еднакви права и самоопределба на народите. Нема потреба тука да ги спомнуваме од 1952 година генералното собрание на Обединетите Нации итн., кои самоопределбата ја дефинираат како право на човекот во поширока листа на личните, на граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права. Но, тоа право е во директна корелација со еднаквите права на сите други чинители на меѓународниот поредок. Значи, правото на самоопределување се однесува на целината на еден народ, на сите негови припадници. Затоа и се вели дека секој народ има право на самоопределување. А тој секој еден народ е само народ, и тој еден народ има само едно право на самоопределување. Јас незнам, а мислам дека не е можно, не е замислива ситуација еден народ да се јавува неколку пати исти народ и сите од нив да имаат посебно право на самоопределување.

Поради тоа и логичен е заклучокот кога еден народ преку еден свој дел ќе се здобие со суверена држава, значи дека целиот тој народ се контитуира и како политички народ врз основа н правото на самоопределување без оглед на евентуалниот пат што впрочем е и правило во образувањето на државите врз народносна основа еден или неколку делови на тој народ да се наоѓаат надвор од границите на таа држава. Со други зборови само за делот од етничкиот народ што како мнозинство етнички доминантен влезе во националната држава може да се говори за народ од гледна точка на полна примена на правото за определување Само тој -дел од етничкиот народ се трансформира односно прераснува од етнички во политички народ. Во конкретниот случај не е спорно дека Албанскиот народ како етничка заедница врз основа на правото на самоопределување прогласи суверена~ држава уште на 29 ноември 1912 година и само по еден месец сите поголеми држави ја признаа и ја земаа под своја заштита. Значи, Албанскиот народ по негово полно значење може да говориме само за народот во Албанија и тоа мислам не е спорно. Без оглед на бројнсота во сите други делови во светот Албанците се само дел од Албанскиот народ, дали како малцинство, народност итн. И тука доаѓа за мене клучното прашање. Ако е тоа така, тоа е судбина на сите народи после 11-светска војна, дали сите други што живеат надвор од границите на таа држава, за која што говоревме, ќе ја признаат државата за своја, дали има можност да се однесуваат како лојални државјани, граѓани ан таа држава и ја признаваат за своја татковина. Ако е стремежот и натаму да се менуваат границите, да се прават големи држави сигурно дека судбината и на оваа држава ќе биде многу неизвесна како и за другите во кои што живеат народи што имаат такви стремежи. Тогаш теророт, насилството ќе стане

правило на однесување, а од мирот, спокојството, толеранцијата, разбирањето за кое што говориме нема д има ништо.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господо, почитуван претседателе, со оглед на тоа што многу дискутанти се јавија и поголем дел од дискусијата се повторува, јас ќе бидам сосема краток.

Навистина, можам да констатирам дека од некои пратеници во Македонскиот Парламент што изнесоа некои невистини, навистина не се во согласност со она што е вистина и реалност и факт во Македонија по однос на правата што Македонија досега ги давала на националните малцинства и она што го нуди со Уставот кој треба да се донесе и за кој ние водиме сега расправа.

Меѓутоа, јас сега веднаш сакам да кажам, и мое длабоко уверување е, во местото каде што живеам, со поголем број на луѓе каде што живеам, особено од Албанското национално малцинство мислам дека ставовите на тој народ не се поклопуваат со ставовите на пратениците во Македонскиот парламент. За жал можам да констатирам дека тоа е една голема дезинформација и лага и дека тие не се вистински пратеници и вистински застапници на тој народ, затоа што тие навистина се за едно вистинско сожителство во Македонија,меѓутоа врз други основи и други принципи врз кои ние треба да се отвораме едни со други и треба да комуницираме и кореспондираме.

Што се однесува за другиот аспект, во поглед на Уставот кој треба да го донесеме во поглед на државноста на Македонија некои дискутанти

повторија, и јас ги поддржувам дека Македонија навистина е ова последен чин и последен момент кога треба да ја заокружи својата државност. Една нација со своето зреење мора да се дооформи и да се доизгради во рамките на својата државност. А таа државност до сега 11авистина ја немавме, туку таа сувереност на Македонската државност беше пренесена во федеративна Југославија. Во овој момент кога ние сакаме да ја воспоставиме таа вистинска македонска држава мора Македонија да се конституира како национална држава на македонскиот народ. Со оглед на тоа што ние го користиме тоа право, правото на самоопределување и отцепување. Тоа и вчера и завчера беше и став дури и на Францускиот министер за надворешни работи Роланд Дима, а исто така и на Европската заедница. Вие добро знаете, а мислам дека знае и целата јавност во поглед на овие прашања не треба да имаме дилеми затоа што ние ако го занемариме принципот, или еволутивниот пат за развојот на една нација и формирањето на таа нација во рамките нас една држава, тогаш ќе ни се случат такви работи кој се случија во оваа сегашна Југославија и во цел источен блок затоа што националното прашање апсолутно не беше решено правилно како што треба да биде решено. Тоа е во рамките на државата. Затоа, јас посебно инсистирам дека Македонија мора во овој Устав да се конституира како национална држава на македонскиот народ.

Исто така да не западнеме во друга крајност, затоа што од она што го слушнавме денес од албанските претставници во Парламентот дека тие треба да го добијат статусот на народ, а македонецот, македонската нација или. македонскиот човек да го добие односно да ја добие категоријата граѓанин значи дека ние треба да се трансформираме како граѓани а тие го

застапуваат местото наш нацината или на народот. Тоа се едни контрадикторни нешта за кои навистина треба да водиме сметка за тој еволутивен пат и тоа од социолошки аспект и од научен аспект.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас сум еден од тие што сакам да го донесеме овој Устав и со сите фалинки и со сите незадоволства и колективни од парламентарен аспект и парламентарни групи. Ние скоро месец и пол не работиме заради повисоки цели. Во овој период меѓу тие повисоки цели беше да го подготвиме што поскоро овој Устав, кој што сметавме дека ни е неопходен за наредните чекори што требаше да следуваат и прано. Во овој период бевме принудени и во овие околности да направиме потфати и тоа 2.

Едниот беше да ја конституираме или реконструираме македонската држава да стане самостојна, суверена, заради сето она што се случуваше и заради тоа што е на крај краишта вистинска желба на овој народ. Истовремено, со тоа да ја отвориме вратата за неизбежните и корисните интеграции на македонското општество, македонската држава, најнапред со потесното опкружување на сите балкански држави и она што е исто така блиско опкружување, наша сегашна непосредна цел Европа.

Второто беше крупно, а денес за тој крупен чекор расправаме. Да усвоиме нормативна рамка која ќе ја темели Платформата за демократско и социјално прогресивно општество. При тоа во таа Платформа за демократско општество, социјално- прогресивно општество прифативме

неколку основни постулати во политичката платформа и тоа го имаме речиси сите. Прво, општество со комплетен политички плурализам. Од тој аспект треба да ги проценуваме вредностите и определбите на овој Устав.

Второ, општество со мешана економија во која се испреплетува приватната и јавната сфера, се разбира не јавната сфера врз основа на досегашните пропаднати комунистички постулати, туку врз основа на принципите што емпириски се верифицирани во општеството што го нарекуваме западно во смисла во позитивна смисла на зборот.

Трето, општество со парламентарна граѓанска демократија во која на прво место е индивидуата, светоста на нејзината приватност, заштитена со индивидуалните и колеткивните права со економските слободи, целосни и полни економски слободи, социјални стандарди прифатливи за достоен живот на секое човечко суштество. Потоа општество што ја прифаќа комплетно компетенцијата на конкурентноста економска, политичка и културна а што беше една од фундаменталните фалинки на нашиот досегашен социјалистички, комунистички проект, и не само на нашиот поради кој трпиме ова што трпиме денеска сите тие земји што го имаат тој проект.

Тие 2 крупни потфати договоривме да ги правиме во овој Парламент и од нив зависи колку брзо и квалитетно ги правиме.

Првиот беше референдумот како почетна темелна определба на граѓаните на Македонија, на народот во Македонија.

Вториот е Уставот, како највисок правен факт на секоја држава и најопшта рамка на општествениот проект на секоја земја. Но ние знаеме

дека, иако се тоа две крупни работи, за кој што, требаше доста труд да се подготват ни од далеку не се доволни и Македонија дефакто да биде и суверена, дефакто да биде демократска и дефакто просеперитетна од социјална и гледна точка, земја, држава, република. Земја која што автоматски со самите овие два чина со донесувањето на овој Устав, за кој што платиме за секоја формулација со денови лишена од човечките глупости, кои сеуште не овие простори се движат во размери кој што негираат фундаментални човечки права и индивидуални, колективни, кои што озаконија така да речам истребувањето на цели етнички колеткивитети. Не се доволни овие две работи, а се многу важни брзо да ги завршиме, а ние мислам дека доцниме заради многу околности. Не се доволни затоа што треба да се донесат бројни системски прописи и не е тешкиот дел од задачата да донесеме бројни системски прописи, тие или ќе ги препишеме или сами ќе ги направиме има искуство за тоа.

Второ, за многу од тие системски закони треба да има материјална подлога за да имаат функција тие системски закони како на пример прописите од одбраната кој ќе бараат, тешка, материјална дебела подлога за да имаат смисла да постојат и да ги донесеме. Како што се прописите од монетарната сфера, прописите што ќе треба да ги донесеме и ќе бидеме обврзани врз основа на одредбите на овој Устав со кој што гарантираме бројни социјални и економски права, а ние немаме, засега според сегашната материјална состојба теоретски шанси многу од тие права што ги запишуваме во нашиот Устав што сакаме да го донесеме. Конечно, треба да бидеме признати како рамноправен меѓународен субјект. Таа задача уште не е завршена. Конечно, треба да прекине процесот на економско и

социјално деструктирање, а потоа да почне доволно жива стопанска активност заради одредено решавање на прашањата од кои живеат граѓаните. Веќе нема кој не знае дека невработеноста кај нас е околу 170.000, уште стотина илјади работници секој момент можат да ги загубар работните места дека пензиите се постојано неизвесни дали на армијата пензионери, од 170, 180 пензионери дали ќе се испратат редовно и слично на тоа дека во 550 илјади во општествениот сектор платата е една 100-тина марки и слично на тоа. Сето ова го кажувам за нашата тежина, за нашата морална одговорност да можеме. работите и да мораме да ги вршиме многу побрзо отколку досега ги вршиме. Под сознанието на овие сумарни факти, во услови кога војна се води меѓурепубличка, граѓанска во услови кога Европа ни изрекува економски и политички санкции ние немаме право едноставно, тоа пред се за себе го кажувам д бидеме троми да бидеме инертни, да бидеме ситничари, партиски толку антагонизирани, за да трпи она што е заедничка задача, заеднички општествен македонски проект, затоа што прашањата од кој се живее не се ни запирките, ни оваа ни онаа попрецизна формулација во Уставот туку прашањата се многу, многу потешки и ние незнам колку социјално ќе издржиме уште колку време а без да почнат некои други процеси.

По Референдумот рековме дека следи Уставот. Предлогот еве го имаме пред нас. Да гласаме ли за овој Устав или да не гласаме тоа е прашањето за кое денес треба да расчистиме а потоа во една свечена атмосфера д го донесеме овој Устав. Има ли аргументи да го прифатиме овој Устав, нема ли? Толку ли е овој Устав лош, полош од другите што ги имаат во земјите на кои што ние се угледаме и си дозволуваме нас да ни држат лекции од демократија со поголемо или помало право. Прашањето е

практично. Каква е неговата корелација со уставите на повеќе земји што денес ни делат лекции од демократијата и влегоа во суверенитетот наш за кој што толку се бориме, не сме самостојни. Никој во Југославија не е самостоен токму заради тоа што сами дозволивме дали овој Устав го колерираме со тие земји од нормативна гледна точка е на нивото на тие близу ли е до нив, пред нив ли е, можеме ли да направиме таква проценка или не можеме?

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (продолжение)

А во рамките на тоа бидејќи се се сведува на човековите права, дали корпусот на индивидуалните права на човекот, на граѓанинот нормиран во овој Устав е под нивото на нормираноста во тие земји кои што денеска работат интензивно на решавање на кризата во Југославија, секој се разбира од свој аспект, со свои интереси, комплетно. Дали правата на националностите се под нивото, јас го употребувам овој израз што сега е употребен во преамбулата се под нивото на просечниот корпус на тие права пак во корелација со земјите за кои што зборуваме и сакаат да ни ја разрешат . оваа судбина која што не задесила или сами ја произведовме. Веднаш го кажувам моето мислење во врска со тоа, без оглед дали некому ќе мусе допадне, дали ќе има критики или не ќе има. Ниту по првото, ниту по второто прашање овој Устав не заостанува зад корпусот на правата што нормативно ги гарантираат овие земји кои што ни држат секојдневно лекции од демократијата, не заостанува затоа што се препишувани едноставно одредби од сите тие устави и се превземани да не речам комплетно. Но, сведоци сме ова сакам да го кажам и тоа ми е лајтмотивот на оваа дискусија на две екстремни тези во врска со квалитетот содржината на овој Устав и за нив сакам да го кажам моето мислење.

Првата е дека тој наводно ја федерализира Македонија. Слушнавме повеќе соопштенија најави индивидуални и колективни партиски во врска со тоа. Тоа е едната оценка за ова што го нуди овој Устав.

Втората теза е оценка, ја слушнавме и денеска дека на националностите не само што не им се унапредуваат правата, туку дури им се закинуваат во споредба со 1974 година која што беше спомната или со нешто друго. Без малку според првата, се растура Македонија, тоа така се

пласира во јавноста, а тоа може да најде почва, затоа што има луѓе кои што не се бават со оваа материја, кои што не го читаат Уставот, немаат прилика сами да заклучуваат, а е многу леплива. Втората теза се е мрак во поглед на колективните, а со тоа и индивидуалните права како малтене овие простори да се еднакви на незнам какви некои афрички, или не знам какви, да не навредувам сега некои други без потреба. Тоа се тие две тези кои што кружат низ јавноста, се пласираат низ разни медиуми. Јас сакам да ги отфрлам и едната и другата, затоа што и едната и другата теза без аргументи се само добри за партиско распалување на членството, на симпатизерите на граѓаните, како што реков што не го читале овој Устав, но и едната и другата едноставно се апсолутно неточни со самото тоа крајно штетни за Македонија, ,за оној минимален политички консензус што Македонија мора да го постигне во ова време без конотација на инсистирање на некаква едноумност од времињата што сме ја имале. За некои прашања треба и приближна едноумност, за многу прашања максимална политичка разнобојност, разногласие. Ова се тие прашања за кои што ни треба сепак некаков консензус. Македонија со овој Устав да кажам дека не може да биде федерална држава и не е конституирана како феде-1рална држава, ова не го кажувам, само за вас овде почитувани пратеници, туку сакам да го кажам како мое мислење и заради јавноста со која што некои шпекулираат и јас сакам во таа смисла да се декларирам, затоа што таа не е дефинирана така, затоа што нема ниеден член што упатува на федерализација, или конфедерализација на македонската држава, зошто јас прв не би се согласил со таква конституција на македонската држава и не би учествувал во работата на уставната комисија, ако има и еден член што ја прави Македонија федерална, или конфедерална, затоа што мојот концепт и нашиот концепт едноставно треба да биде граѓански концепт.

Затоа што нема ниту едно прашање во органите на власта што се решаваат со консензус, нема ни едно прашање каде што по клуч национални се структурираат одлучувањето во нив итн., да не ги набројувам затоа што суверенитетот е неделив, затоа што граѓаните се носители на суверенитетот итн. Постојат бројни одредби во врска со тоа. А одредени национални права како права на одредени колективитети едноставно и Македонија како што ги гарантира и целиот современ свет, мора да ги гарантира во својот Устав ништо помалку од она што е висок меѓународен достигнат стандард и ние немаме причини од тоа да се плашиме дали со тоа ќе ни пропадне државата или не. Може обратно, да се дестабилизира државата, ако не водиме сметка за тие прашања.

Втората теза дека не е прогресивен во поглед на колективните права исто така не држи и овде беа изречени, морам да кажам доста лоши оценки во врска со тоа прашање. Учесниците во подготвувањето на овој Устав од албанската националност јас сум уверен дека добро знаат дека овој Устав е чекор напред, помал, или поголем околу тоа можеме да дискутираме во врска со унапредувањето и на колтивните национални права во Македонија. Зошто преамбулата господа, ние ја дефиниравме како компромис и тоа е јавна тајна. Извлековме некои прашања што порано можеа да се најдат во нормативниот дел, сега ги префрливме во преамбулата која што има друго значење од нормативниот дел. Поместувањето на националниот карактер на македонската држава е ставен, овде беше веќе речено и господинот Стефковски ми се чини за тоа говореше, во еден историски контекст. Тоа е исто така компромис, отстапка, односно барање на решение. Терминот националност е употребен повторно како компромис Како желба за доближување на ставовите на различните интереси. Уставната гаранција на

средното образование е за прв пат во Устав на македонската држава. Таа беше со закон за образование, но сега е поместена во устав. Одредбите за јазикот, Советот за меѓунационални прашања и некои други одредби кога ќе се соберат навистина ќе може да се констатира јасно дека од нормативен аспект ова значи унапредување на колективните права на националностите.

Второ во врска со ова, можеме ли да говориме со таков тон, да ја информираме јавноста за такво кршење на националните права во Македонија имајќи предвид што се случува во последните две-три години, јас сум говорел на две-три места. Вие знаете дека процесот на демократизација во Републиката е започнат од пред две-три години со многу поинтензивно темпо од било кога,' го прави своето и со конкретни резултати. Вие знаете дека порано не можеа Албанците слободно да запишат ниту име на родено дете, ако тоа асоцираше на некое име од Албанија или не знам како асоцираше, вие знаете какви диференцијации постоеја пред две-три години, исклучување на наставници. Вие знаете дека не можеше да се помисли формирање на политичка партија во Македонија друга освен единствената авангарда, па да не зборуваме за политичка партија на национален колективитет речиси чиста која што денеска може слободно да ги артикулира политичките интереси. Друго е прашањето сега на остварувањето целосно на тие артикулирани политички интереси. Може ли да се запостави оваа нормативна карактеристика и оваа практика која што денеска се одвива во Македонија во поглед на демократизацијата и кај индивидуалните права и кај колективните права. Сакам тоа реално да го гледаме, а се разбира дека постојат бројни проблеми. Може ли сето ова да се негира и да се дискутира со правење на паралели со земји кои што се навистина далеку и од нашава недоволно демократска, недемократска

средина. Убеден сум дека е тоа далеку од вистината, но и кога се поставуваат максималистички барања, се разбира дека секој има право да артикулира свои максимални барања, секој етникум може тоа да го прави, секоја социјална^група тоа може да го прави, секоја политичка партија тоа може да го прави, но мора да смета на можност во услови на дадени политички односи да ги реализира тие свои политички платформи и политички цели. Овој устав е резултат на денешното сфаќање на демократијата. Дали е доволно добро тоа сфаќање или не е доволно добро, тоа е друго прашање. Но, истовремено овој Устав е и конкретен акт што го одразува и нивото на свест во конкретната средина, може да биде доволно прогресивна, или недоволно, но, и претставува резултанта на односот на политичките сили во овој момент и во Македонија од сите аспекти политички сили гледани. Може ли да помислиме какви политички платформи да се присетиме имаме ние од партиите ВМРО, Социјалдемократскиот сојуз, ПДП, може ли секоја од овие партии да бара максимално прифаќање на својата политичка платформа. Што би било ако Македонија можеше веднаш да ги остварува своите политички програмски цели, ќе имавме држава од пред сто, двеста, триста години и слично на тоа. Може ли сега да инсистира било која политичка партија целиот свој политички програм и запишан и незапишан и во свеста да бара да влезе наеднаш во еден конститутивен акт од ваква природа. Што би било ако тоа може да се реализира веднаш? Па, ние не ќе имавме работа никаква, мед и млеко ќе течеше, никогаш немаше да има меѓунационални судири, групни судири и борба на интереси во општествата. Можеме ли да извлечеме поука јод инсистирањето на Тугман и Милошевиќ целосно сега и веднаш да ги реализираат своите политички платформи во поглед на идејата за

хрватската држава и идејата во врска со српската држава. Што добивме од максималистичкото инсистирање на остварувањето на тие платформи? Добивме граѓанска војна во илјадници мртви, добивме војна во која што сите сме оштетени со илјадници милијарди долари. Зошто не го сфативме овој устав како чин на ова време имплементирано ниво на свест, на просечна свест во него овде, имплементирано ниво на реални политички интереси кое низ односот на сочелувањето на интересите доаѓа до решенија со кои се елиминираат само крајностите, а ние би требало да бидеме среќни ако ги елиминираме крајностите, екстремите, ќе успееме да обезбедиме едно просечно ниво на свест и едно просечно ниво на остварување на интересите. Може ли во општествениот развој поинаку да биде, освен вака како што ми се чини говорам со право без да се предизвикаат ломови, дисконтинуитети со трагични последици. Па, ние имавме пример во историјата кога сакавме да направиме дисконтинуитет со една општествена формација и да направиме нешто друго наеднаш и го видовме целиот слом на таквиот пристап, на таквата концепција. Тоа значи да ја напуштиме парламентарната борба и да се вратиме на револуционерни средства, со оружје со пукање, со крв и слично на тоа. Може ли овој устав да се квалификува како неграѓански. Бидејќи имаше и такви дискусии, или има и такви мислења во јавноста, затоа што максималните барања на една политичка платформа не се прифаќаат. Ако овој Устав не го заслужува квалификативот граѓански, тогаш што е со бројните устави во Европа, што е со Уставот да речеме на Грција, што е со Уставот на Франција, што е со Уставот на Шпанија, што е со Уставот на стотици други земји. Тогаш тие апсолутно немаат право да речат дека нивните устави се граѓански. Може ли да се тврди дека овој Устав е сосема

ослободен од секакви други примеси и е баш најчистиоа граѓански устав. Јас искрено кажувам дека не може ни тоа да се тврди сосема, но го прифаќам како факт на оваа битка, чекор по чекор да дојдеме до општество во кое што ќе ги релативизираме максимално конфликтите кои што постојат во секое општество и кои што треба да се заземаат. Повеќе ставови за кои јас и мојата партија се залагавме не поминаа, како што на пример не помина едно од крупните стојалишта што ние го имавме како партија за класичен тип на парламентарна демократија. Но, се направија примеси и на друга комбинација во Уставот. Но, тоа не е причина да кажеме овој Устав не чини". Можеме да бидеме незадоволни со тоа, но нема да кажеме дека заради тоа, бидејќи тоа е сепак едно од крупните прашања концепциски, нема да бидеме така жолчни во критиката на овој устав бидејќи на крајот на краиштата не успеавме да ги убедиме сите околу нас баш нашиот став да биде прифатен. Начелно овој устав заслужува поддршка. Тој сега ни е потребен. Со него не завршува нашата битка за поправично, подемократско општество, за највисок стандард на човековите индивидуални и колективни права. Со него само го отвораме новиот општествен проект, ново продолжување на Македонското опстојување. Со овој Устав тоа правиме.

Овде имаше дискусии кои што беа мошне инспиративни. Една од прекрасните .дискусии беше и на господинот Мурати. Беше спомнат проблемот малцинство, мнозинство. Јас меѓу првите би сакал веднаш да ги елиминираме термините малцинство, мнозинство. Но, може ли тоа реално веднаш да се направи? или што е поважно дали на релацијата малцинство, мнозинство, односно дали релацијата малцинство, мнозинство се стеснува, или се проширува. Говорам сега од било кој аспект, малцинство, мнозинство, не само од аспект на етникум, туку говорам и вкупно, во врска со тој проблем.

Но, прашањето е дали овој Устав ја стеснува таа релација или не ја стеснува? Јас тврдам дека ја стеснува таа релација И со тоа мислам дека можеме да бидеме задоволни во оваа фаза. Дали овој Устав е историска грешка, или историска шанса? Шанса е наша, но тоа не значи дека со самото усвојување таа шанса ќе биде реализирана. Колку примери знаеме од историјата, од практиката на најдемократски запишани зборови и на најцрна практика на гушење на човековите права и слободи. Битката за демократско општество само може да почне врз основите на овој устав, а никако веднаш да помислиме дека сме ја завршиле работата. Освен тоа, пак инспириран од дискусијата на господин Мурати. Прекрасно е да владеат само законите на етиката, но владеат и законите дури повеќе на интересите. Мораме да најдеме мерка на усогласување на интересите. Ако го уважуваме тоа ќе направиме подемократско општество, ако не ќе се гушиме во судирите социјални, етнички, како што се гушат други простори.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Мојата дискусија можеби во некои делови ќе стане веќе беспредметна, затоа што јас барав збор многу порано, пред десетина дискутанти, но еве сега кога сум прозиван излегувам. Ќе стане малку беспредметна и од фактот што доста факти, доста аргументи овде сега пред мене изнесе господинот Гошев. Јас сум исто така на мислење дека овој устав не треба да се гледа како нешто најцрно, како нешто што навистина ги руши сите мостови. Затоа, мислам дека во некои делови ќе бидам пократок. Но сепак некои дискутанти овде ми оставија впечаток зошто токму низ таа призма на многу нешто црно гледаат во овој Устав, па еден од дискутантите спомна дека овде пратениците, а сигурно алудираше на левиот блок се строго дисциплинирани, па и прават отстапки кои одат во штета на интересите на

македонскиот народ и македонската кауза. Јас се прашувам какви можат да бидат тие интереси ако со овој Устав се овозможува и другите националности да ги употребуваат своите јазици, своите писма, да се образуваат на свој мајчин јазик итн. Ако навистина овие прашања одат на штета на македонскиот народ, јас сум прв кој ќе отстапам од таквите права и од таквите интереси. Туку напротив мислам со остварувањето на овие права и на другите Македонија само може да се зацврстува да се збогатува, да биде појака да биде посилна, да биде посигурна. Некои од господата овде пак ни правеше кула на ветени права, не знам рај, или не знам што. Колку сме рамноправни според одредбите на новиот устав кој овде е пред нас, не треба многу аргументи да се трошат, ниту пак да се надмудруваме. Ако реално тој се анализира, секој ќе си го најде своето место, во каква положба се ставаат македонците во каква положба се ставаат другите националности итн. Додека еден пратеник овде, мислам дека тој беше господинот Стојановски беше малку поотворен па рече, цитирам: "може и сме рамноправни како граѓани..."

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: (продолжение)

Во никој случај како националности односно како колективитети. Новиот устав кој се предлага во одредена доза на вистина оди во овој правец и во оваа смисла. Додека за тоа кој кого мајоризира што се обиде Тодор Петров да докаже овде,  најдобар пример овој Парламент во кој и самиот придонесува сите наши предлози, сите наши иницијативи овде да бидат отфрлени. Разликата е во тоа што господинот Петров е во понезавидна положба од мене. Зошто? Затоа што јас барам остварување на моите природни права, додека господинот Петров е во понезавидна положба од мене зашто тие мои природни права се обидува да ми ги негира. Затоа, и понекогаш господинот Голубовски овде вели пратениците албанци делуваат поубедливо. Само заради тоа, а не се работи за ништо друго. Додека заложбата за чисто национален устав, заложбата суверенитетот да се врзува за нацијата, мислам дека се штетни заложби. Зашто еднаш сум го рекол, а овде пак ќе го повторам, сите земји кои својата државна филозофија ја граделе врз колективитетот како основна детерминанта за определбата на припадноста на суверенитетот3 , завршиле во тоталитаризам. Не велем дека овој устав води кон тоа, ни далеку, меѓутоа, таквиот концепт на изградување на државата и уставот води токму кон тоа. Примерите на врзувањето сувереноста со колективитетот, било тоа да е верата, нацијата, идеологијата или класата ни се свежи, со Германија, Италија, СССР со Ирак итн. Затоа, на ниедна земја не би ја препорачал таквата концепција на изградување на државата, а ни најмалку на државата во која јас живеам и се борам да ги остварувам моите права.

Поучен од ваквите примери ни случајно се определувам за граѓанско општество, па и граѓански устав. А текстот кој го имаме пред себе, т.е. Предлогот на Уставот мислам дека не расчистил со овие прашања до крај па и оттука некои , навистина оправдани реакции од пратениците на албанската националност.

Еден од претставниците на печатот, влегувајќи во салата ми рече: "што сте се закопале на таа Преамбула, побогу луѓе, дајте да расправаме за конкретни работи." После еден разговор кога објаснував некои работи ми рече: "навистина е така" Ме замоли ова кажи го и за јавноста, нека те слушаат луѓето што е што. Навистина немав намера да се јавам за дискусија, меѓутоа, ете бев поттикнат и излегував патем и да кажам и за текстот на Уставот. Зошто уставот не е до крај граѓански, а одговорот е во тоа што тој според мене правата на своите граѓани ги решава на две нивоа. Едното ниво е граѓанските права и човекови на сите граѓани важат подеднакво. А другото ниво се националните права кои на жалост не им припаѓаат на сите граѓани од исти услови. Зошто го велам тоа. Анализирајќи ги членовите од нормативниот дел од членот 7, 44, 48 итн., се добива впечаток дека за едни граѓани правото на образование на мајчин јазик е неограничено. За другите тој лимит се става. Колку е тоа реално, колку е тоа оправдано, колку е тоа опортуно во овој миг, можеби е друго прашање. Но, дека е така тоа е факт. Употребата на јазикот исто така. Во цела Македонија имаме еден службен јазик, а во единиците на локалната самоуправа каде што живеат припадниците на националностите, освен во тие каде што националностите се во мнозинство во другите се ограничува. Тој лимит ќе биде многу строг, зашто ние во текот на работата на Уставната комисија се обидовме во 10 проценти до 15, 20, 25, 30 посто отиде

експертската група и тоа не се прифати. Се наметнува прашањето кој ќе биде тој лимит. Што дефакто тоа право, освен во некои општини каде албанците се во мнозинство, другите граѓани од оваа националност или другите националности, Роми, Власи и Турци воопшто нема да го остваруваат Друго е прашањето колку е тоа економски оправдано итн. Меѓутоа, кога се во прашање остварувањата на правата, било тоа да се граѓански или национални , економскиот момент во никој случај не треба да ги доведува остварувањата на тие права во прашање. Имаме и некои забелешки во делот на Преамбулата, а гледам дека тука и господинот Поповски, кој во некоја смисла е и автор на овој дел, овие забелешки сум ги изнесол и на седницата на Комисијата, меѓутоа, овде чинам дека е потребно уште еднаш да ги повториме. За мене, преамбулата, вториот дел, современиот или целите кои се сака да ги постигнува Уставот се сосема коректни и сосема прифатливи. Според мене по мое лично убедување нема забелешка. Меѓутоа, во првиот дел , во историскиот контекст каде се констатира фактот како е создадена оваа држава имам забелешки и мислам дека и фактите држат.

Прво, е тоа што историјата на еден дел од граѓаните на оваа држава се игнорира. Тоа е факт.

Второ, се игнорира и фактот дека Македонија е конституирана како национална држава само со нормативните акти од 1974 година и амандманот 56 од 1989 година. А Македонија како држава е конституирана со одлуките на АСНОМ со првиот устав на оваа Република. Ако е така дефинирана Македонија како што е во Преамбулата, само национална држава на Македонскиот народ, со овие одлуки кога е конституирана јас сум во секој момент во положба кога истото го прифаќам. Меѓутоа, чинам дека не е така.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници нема да се задржам многу со оглед на фактот дека имам поднесено амандмани и веќе почнува да станува здодевно., меѓутоа факт е дека експертската група имаше добра прилика да чуе совети и теории за државата од нас претежно дилетантите. Меѓутоа, жалосно е кога некој по професија се обидува да дава некои наивни или лаички теории за државата. Факт е тоа дека тука пристапот е двоен. Едните се . залагаат за јакобински тип на државата според моделот еден народ, една држава, еден јазик, а другите се залагаат за типот на многунационална држава како што на претек ги има во светот па и во Југославија, споменувајќи ја Босна и Херцеговина, можеби и во светот, Австрија, Швајцарија и сите други. Оваа вечер многу се изненадив кога има прилика да дознаам дека јас сум државјанин на Албанија, што не е точно. Ако државата е една институција која создава благосостојба и обврски, тогаш на господинот правник да му кажам дека јас сум сигурен државјанин на Македонија. Те уверувам во тоа, бидејќи и војска сум служел во држава Република Македонија, во рамките на Федеративна Југославија и данок плаќам во Македонија и куќата ми е во Македонија, а во мојот живот еднаш бев во Албанија и тогаш кога веќе границите се отворени. Затоа, господине правник биди убеден дека јас сум жител и државјанин на оваа држава. Факт е дека според тоа што имав можност да го чујам од истакнати научници првиот устав на Македонија , иако не бил објавен , бил вториот ми се чини бил Уставот на македонската лига во 1880 година и имав прилика вчера тој устав да го прелистам каде јасно се гледа дека во тој устав Македонија е дефинирана како многунационална држава. И подоцната историја зборува дека Македонија никогаш не е  дефинирана како држава на еден народ, а најсвеж пример е

дека со уставните решенија од 1974 година за прв пат Македонија е дефинирана како држава, Република во рамките на Југославија , меѓутоа, како држава на македонскиот народ, албанската, турската народност и другите граѓани што живеат во неа. Овие се непобитни факти, никој не може да ги побие. Сега од Република држава, ние сакаме и настојуваме да создаваме држава. А ако господин некој тука рече дека треба да ги усогласиме интересите, токму и ние на тоа алудираме да ги усогласиме интересите, меѓутоа, врз база ј на рамноправност. А не три за тебе, еден за мене или обратно,три за мене, еден за тебе. Иако тоа е точно дека рамноправноста како поим не може да се дефинира. Тоа што е загрижувачко во овој текст на Уставот според мене е дека човекот има впечаток дека со некои членови на Уставот се одредуваат некои национални права, се детерминира. Меѓутоа, тоа е лажен впечаток, бидејќи правата на таканаречените националности во секој член на Уставот се детерминираат со закон, додека правата на таканаречената доминантна нација со Устав. Така, имаме шаренило албанците или било кој други , турците, ромите, имаат право да се школуваат или да го употребуваат нивниот јазик, меѓутоа тоа право се уредува со закон. Додека македонците имаат право да го употребуваат и јазикот и да се школуваат, а правото се уредува со Устав. Тоа значи дека тука е применет двоен аршин. Зошто ова го истакнувам. Го истакнувам од фактот дека оваа определба се уредува со закон досега драстично е злоупотребено. Најсвеж пример ми е средното образование каде уште и покрај заложбите на Владата директорите на средните училишта прават активен отпор, повикувајќи се на Законот за средно образование. А средното образование односно законот не е во согласност со Уставот. Меѓутоа, во Уставот пишува дека албанците имаат

право да се школуваат во согласност со законот. Законот е правен акт, така што не може да се изведува настава ако недостасува еден професор по струката на албански наставен јазик. Што значи тука е настаната една празнина, голема празнина, овој модел се уредува со закон и е преземен од стариот устав и мислам дека е време конечно дека таквата формулација треба да се отфрли. Јас не гледам потреба да ги прецизираме ние некои одредби . на еден начин за едните, а на друг начин за другите. Тука многу пати беше споменувана Франција или било која друга унитарна / држава. Тоа е чист факт дека Франција ги асимилирала малцинствата. Во Франција според уставот на Франција има народи на Франција или француски народи, така пишува во Уставот. Нема француски народ и во уставот на Швајцарија има народите на Швајцарија, а така почнува и Уставот на Франција со декларацијата за правата на човекот и ние народите на Франција, а и народите на Швајцарија. И во Американскиот устав народите на Америка. Меѓутоа, тоа е факт дека во многунационалните земји, вакви формулации не постојат. Да не должам многу секој од нас тука може да филозофира, меѓутоа, јас чинам дека не треба да поминеме на комплетното па да видиме како ќе ги решиме тие работи. Нашата сила не се состои во тоа да создаваме национален устав, бидејќи националниот устав не создава национална територија. Хрватска има национален устав, меѓутоа, нејзината територија остана само Загреб и некој друг град. Тоа што партијата ништо не може да гарантира, гарантира она што ќе се реализира во праксата. Затоа да преминеме на работа.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас прво сакам да изразам..една благодарност на експертната група, односно авторите на овој Македонски устав кои што навистина вложија огромни напори и денови за да се донесе еден ваков нов Македонски устав.

Во дневниот информатор граѓаните ни се обраќаат со телеграми и сите ни се обраќаат да го донесеме денес овој Устав. Јас сметам дека секој еден паметен и разумен човек треба да го донесе овој Устав, затоа што навистина во тој Устав се вложени и огромни напори за да тој се оформи како таков. Но, почитувани граѓани има повеќе вработените од Кожарскиот комбинат "Гоце Делчев", организирање на самостојна и суверена држава на Македонскиот народ и другите што живеат во неа ни порачуваат вработените од Кожарскиот комбинат, не можеме тоа да го донесеме. За да биде самостојна и суверена држава на македонскиот народ и другите што живеат во неа имаме барања од Југохром, ни се обраќа генералниот директор и вели дека за Република Македонија е најзначаен документ да се усвои и донесе за доброто на сите жители кои живеат во Македонија итн., Југотутун Скопје, со желби да се донесе овој Устав.

Конкретно јас лично сметам дека треба да се донесе овој Устав, но ве прашувам почитувани граѓани лично, дали јас треба да кренам два прста за овој Устав, затоа што имам дилеми дали може во Македонија освен Македонскиот јазик и кириличното писмо да има уште еден јазик, албански со латиница. Мислам дека треба да ни помогнете, драги граѓани на Македонија, затоа што јас не ќе можам да кренам два прста ако постојат два јазика и две писма во македонската држава. Тоа е прво.

Како второ, се поставува прашањето дека во Македонската држава треба да има и средни училишта на албански јазик. За каде ги школуваме овие средношколци? За во Македонија? за да јас кога ќе одам во Тетово или Гостивар да го прашам каде се наоѓа таа улица да не знае да ми каже на Македонски? Затоа што ние градиме Држава македонска. Овој Устав сметам дека е граден и Устав за Македонија а не Устав за Албанија.

Според тоа, почитувани граѓани, се обраќам со барање да ни помогнете за овие одредени работи каде што во дилема сум дали да кренам два прста за неколку члена кога се работи за Македонскиот устав. Одредени отстапувања нашата експертска група која го составуваше уставот, кои се автори на овој модерен Устав, можам да речам модерен од аспект дека тие вклучија и термин националност, што досега може да учи и светското правна наука дека не постои термин националност туку постојат национални малцинства. Дотаму стигнаа нашите правници што ги претресоа сите устави на сите демократски држави во Европа па и во светот, утврдија одредени норми, но почитувани граѓани вие сега судете дали ние можеме после оваа дискусија на пратениците на ПДП и НДП, ќе се послужам со еден збор турцизам исав немаше во варањето од страна на албанските партии И не знам уште колку во џебовите има барања и веднаш ако го донесеме Јас сметам дека овој Устав е идеален и дека албанската националност едногласна ќе биде да се донесе овој Устав. Испаѓа дека ништо не прифаќа од овој Устав. А кого сега ние да бараме во оваа ситуација? Затоа, почитувани граѓани на Македонија и македонската држава бараме и малку совет да ни кажете после овие дискусии од пратениците на ПДП и НДП дали можеме ние овој Устав да го преправаме за едно национално малцинство.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, би сакал да се надоврзам на излагањето на господинот Мерсим Положани дека "албанците се стари на овој простор колку се стари и планините кои не окружуваат". Што значи автохтон народ на својата етничка територија. Топонимите на сите сегашни албански населби, регистрирани уште во спомениците од средновековието се исклучило на словенски јазик. Таков е случајот впрочем и на територијата на денешна Албанија. Албанските топоними / во Македонија како изворно досега не се регистрирани, нели е логично да се заклучи дека во тие населби некогаш живееле словенски жители, денешните македонци. Може ли да се погледне статистиката од XIX и почетокот на XX век и да се констатира колкаво е и каде е албанското население во Македонија.

Споредбата на Македонија со Босна и Херцеговина и Швајцарија е доста пати споменувана од говорницата на овој Парламент и апсолутно не стои. Босна и Херцеговина е населена исклучиво со словенско население од три вероисповести, а решението е резултат на југословенскиот компромис во 1943 година, а муслиманите во Босна во тоа време не биле признати како посебна нација. Какво ќе биде сега конечното решение во Босна и Херцеговина е се уште непознато.

Швајцарија е создадена исто така со меѓународен компромис но создадена исклучиво од припадници на соседните народи. Како напомена, германците во тоа време не биле признати како посебен народ, а не постои афтохтон народ што се борел со векови за национална слобода и афирмација. Важно е што денес сите тие изделени и територијално народности и групи се декларираат по националност швајцарци. Следствено нема место за вакви и слични споредби на албанците и македонците, за што на македонците ова им е своја држава, а албанците имаат своја надвор.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа, во овој момент тешко е да се искажат мислите почнувајќи од поединци кој што искажаа навистина умерени моменти во однос на текстот на Уставот до сосема едни други крајности кои што претставуваат зачудување во однос на овој момент. Како и некои други пратеници, така и јас си поставувам пред себе си а и пред моите избирачи дали во овој момент на две дијаметрални спротивности да гласам за него или пак да се воздржам, односно да гласам против. Се разбира, ова е една дилема каде што и мене и моите граѓани кои што ме избираат ќе ме постават на една мета во која и самиот не знам што да одговорам. Затоа што од одделни дискутанти беше речено дека во Уставот треба да стои дека суверeноста на народот во Македонија им припаѓа на сите а не само на македонците кои останаа со една третина своја земја после поделбата на Македонија од 1913 година.

Понатаму точно не знаеме дали поединци се лојални граѓани на оваа земја или пак не се лојални граѓани на оваа земја, затоа што ако пописот на населението на 31 март оваа година што стана еден добар дел на населението на македонската територија остана не попишан, тогаш со што тоа население ќе го наречеме дали е лојално или пак не е лојално население. Или пак да речеме и со референдумот каде што исто албанското население на ова подрачје во еден свој најголем дел не излезе на гласање за суверена држава Македонија.

Натаму, овде се спомнаа и други атрибути, дека албанците се граѓани од втор па дури и од трет ред, Мене навистина како граѓанин односно како човек кој живее во средина каде што сме измешани и живееме долго време и македонци и албанци и турци и роми итн., јас барем во моето скоро 32

годишно работење навистина не знам или не сум направил така навистина некои од овие луѓе да бидат од втор па дури и од трет ред.

Понатаму се бара во истиот овој Устав да се дозволи употреба на национални симболи. Се знае дека употребата на национален симбол значи знамето, грбот и химната. Тогаш ако дозволиме на албанците, турците, ромите, власите на и на други народи што живеат овде да си имаат свои национални симболи, би довеле една смешна ситуација кај нас тука. Или на пример дури да имаат свои национални институции.

Понатаму, се критикува преамбулата, поради тоа што некои нивни желби не се исполнети, иако според дефиницијата дека Македонија е суверена држава на Македонскиот народ, тука се набројуваат исто така и албанците, турците, ромите, власите, а другите народи кои што ги има исто така овде не се набројуваат и со право тие можат да речат кога може некои во помал број да се набројат, зошто ние в"о поголем број да не бидеме наброени. Дури се оди, врз основа на овие работи до таму да се бара федерална држава од типот на Швајцарија итн. Не заборавете дека Швајцарија можеби пред седум осум векови е конституирана и можеби за нас се се уште недостапни моменти за тоа што ја натерало да биде така конституирана како конфедерална држава. Меѓутоа, во овој момент кога Македонија, како што реков пред малку со една третина, со едно парче земја создава своја национална држава и уште и таа да се дели на помали други конфедерални делови, мислам дека тоа е навистина недостојно и никаков почит кон македонскиот народ.

Се вели дека во овој момент, во врска со горе изнесеното народ од втор ред дека постои доминација на еден народ врз друг односно една вера врз друга. Можам да речам во овој простор дека во мојата средина од каде што доаѓам навистина такво нешто немало, дури можеби во некои по обратни состојби.

Се нарече од еден говорник тука дека овој Устав е и примитивен оти доминираат само македонците. Ваква работа воопшто не можам да прифатам, не можам да помислам, а камоли да ја прифатам.

Бидејќи доаѓам од средина каде што живее измешано население, и македонци, и албанци, и турци, и роми и други народи од Југославија, бидејќи сум претставник на 76-тата изборна единица а и пред три недели кога се договаравме партиите, македонските партии, должен сум пред овој собир да изнесам дека ние треба да направиме национален Устав. Како ќе биде после десет, петнаесет и повеќе години или половина век или век, тоа наредните генерации нека мислат тој устав дали ќе биде национален, полунационален, или граѓански устав. Во преамбулата, како и во останатиот дел на текстот на Уставот треба да стојат малцинства а не националности како што сега на нас ни се нуди, а исто така да се задржи и во преамбулата дека Македонија е држава на македонскиот народ. Исто така, оваа дефиниција да стои во член 1, со тоа што навистина во текстуалниот дел би почнувала така и би го карактеризирала националниот карактер на Македонија. Понатаму во член 7 да стои дека треба да биде...

**СТОЈАН АНДОВ:**

По членови ќе расправаме ова е општ претрес.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Јас да ви кажам што мојот народ, односно луѓето што ме избрале предлагаат.

Исто така и членот 48 дека до осумгодишно училиште се одобрува образованието на малцинствата, како и на член 115 и 117 да се изостават

за здравството и образованието да решава локалната самоуправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, општ претрес е. Ви укажувам да се придржувате кон тоа.

За збор се јави пратеникот Цветан Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ:**

Ќе бидам краток бидејќи доста е изнесено и е доста дискутирано. Предлогот на новиот Устав е еден правен акт каде што во доволна мера не е изразена волјата односно желбата на македонскиот народ ќе го даде својот глас за нас пратениците и ги претставуваме пред овој парламент.

Бидејќи често пати се споменува од одредени политички партии, а исто така во преамбулата се наброени покрај македонскиот народ и други национални малцинства, за мене искрен да бидам тврдам дека тоа претставува една "питачка торба" затоа што кога биле сите турци, па и Асан, па дајте да ги наброиме и Срби, и Грци и Бугари и што уште во таа преамбула. И онака веќе во преамбулата Македонија ја направивме "питачка торба" наброивме се и сешто. Крајно време е да и погледнеме во очи на вистината на овој Македонски народ и конечно да ја кажеме, бидејќи од нас очекува да се оствари вечниот сон, сонот кој може да биде широко прифатен во душите на целокупниот македонски народ и националните малцинства кои живеат на таа територија. Не можевме овде да прифатиме решенија што ги нудат некои одредени политички партии. Неземените забелешки во јавната расправа кои достигнаа до Комисијата за уставни прашања, односно до експертската група кои од одредени политички партии

или од граѓаните најверојатно се одраз што ова сега го имаме моментално за расправа.

Господа пратеници, каде е вистината што македонскиот народ ја искажа во Куманово кумановско, Гостивар гостиварско, Тетово тетовско, Кичево кичевско, Струга струшко. Јас ве прашувам каде е вградена таа вистина на тој македонски народ што9— побара во овие денови откако почна да се подготвува Уставот на Македонија. Имаме ли храброст уште еднаш да погледнеме во вистината со вистински очи и да му објасниме на тој народ кој 45 години укажуваше на пропустите во монизмот. И овој пат истото го чиниме, за жал, можам да констатирам од оваа говорница. доста беше надмудрување, доста беше измами кои паѓаат во вода како хибрид на измислени народи и народности. Сега измислен хибрид националности. Најверојатно по неколку години и тој хибрид зборот националности ќе отпадне, но ете ние сме доста паметна нација што продаваме ум, но за жал никој не ни го прифаќа како што беше социјализмот и самоуправувањето, неврзувањето итн.

Ве молам, господа експерти и татковци на новиот Устав, објаснете ми ако сум во заблуда, во кој Устав и во чија земја е напишано националното малцинство како националности и доста му продаваме на овој македонски напатен народ ветер, премногу алегорија, од одредени пратеници и никој нема право да му го одземе или да му даде право на националните малцинства што му припаѓаат. Тоа е точно, никој нема право да му одземе или да му даде, тие се стекнуваат со самото живеење како лојални граѓани или граѓани, државјани на таа Република. Никој нема право. Народ сме така еден пратеник се искажа и ништо друго не може да биде. Тоа може да го каже само во својата матична држава односно во Албанија, бидејќи Албанија е матична држава на албанскиот народ.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ** (продолжение)

Заканувањето од одредени претставници на партиите и правеше Федерација на ова мало македонско парче земја од два милиона народ сосе националните малцинства, мислам би било илузија.

Не може од вистината да замижиме и да ги препуштиме работите на агресивноста на одредени политички партии, а со тоа да бидеме однесени во виорот на времињата од мунизмот, бидејќи истото ни се повторува со агресивноста на одредени политички партии.

Имав можност да слушам одредени претставници во Комисиите како македонскиот народ треба да биде џентлмен и да донесе џентлменски устав кој што сака тоа и да добие и да се напише во тој устав се што ќе побара. Тоа го имав можност да го слушнам во одредени комисии кога расправавме за Предлогот на уставот. Но нека им служи на чест на оние кој до туркаа овој народ во оваа дереџе кое сега го доживуваме сите, за жал не сите подеднакво. Исто така 45 години го труеме народот како не е време во овие политички мигови, во овие политички моменти да се донесе нешто поконкретно, но ќе биде тоа во оние моменти кога ќе се создадат други политички услови. Јас нЕ можам да замислам како можеме така да се играме со чувствата и достоинството на нашиот народ или со благодушноста што ја има досега или со племенитоста на македонскиот нароД и затоа барем досега ги трпи овие вакви неразумни односи во смисла на изигрувањето на политиката и градењето на македонскиот народ. Јас ве прашувам драги граѓани на Македонија, драги пратеници кога ќе дојде мирот на македонскиот народ што живее во матичната земја и кој што е прогонет од политички и економски прилики надвор од дијаспората да се оствари тој политички миг онака како што треба.

Исто така да напоменам не може да постои така наречена нација македонска, туку чисто македонска нација на која матична држава и е Македонија како што се споменуваше, но кога господин Петров рече, имаше претставници од ПДП или НДП од тие политички партии кажаа дека во Франција постои Франција и Француски народи. Кога господинот Петре на едни од претходните седници напомена дека во Македонија живеат Македонци од албанско потекло, се создаде толкава врева и недоразбирања и се фрлаат дрва и камења по истиот господин дека тоа не е точно, не е прифатливо. А сега истите тие ја заговараат таа споредност од одредените политички партии.

Јас мислам крајно е време да донесеме еден национален устав. Има една мала поговорка која што една болест, односно едно детинство ако не е излезено од човекот и факултет да заврши и колку да се надгради тој мора детството да го издржи еднаш за секогаш. Јас сум го слушал тоа од постари луѓе, можеби ќе ја злоупотребувам говорницата меѓутоа човек со факултет, завршил се оженил оди на гости со фамилијата ги гледа децата во реката играат со песок ја остава жената и оди да си поигра. Тоа го направил бидејќи немал време тоа да го стори кога имал прилика. Затоа предлагам да се донесе национален устав бидејќи овој македонски народ досега нема видено национален устав.

**ЕШТЕРФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, работно претседателство, почитуван претседател на Република и членови на Влада и почитувани пратеници. Излегувам на говорница со надеж да кажам од многу малку од тоа што морам да кажам, а не да зборувам само затоа што треба да се зборува и да свртам внимание можеби за првпат со молба и пак со голема почит кон водителот на седницата да води сметка, да сврте внимание за да се почитува еден принцип што помалку оваа говорница да се злоупотреби. Ако

зборуваме за народот, за граѓаните, бидејќи седницата е јавна, тогаш најмногу што барам од сите е поголема одговорност кон кажаниот збор. Лично сум еден од тие пратеници за среќа не единствен кои оваа говорница ја сфаќам ја шанса на„ просперитет на оваа наша држава која отсега натаму ќе се вика Република Македонија. Од почеток би ве замоли да ми дозволите една дигресија, сакам јавно да им дадеме признание пророштвата на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. По се изгледа дека тие секогаш се во право, правдата е со нив, власта е нивна, народот е ј нивен, уставот е нивен.

**ГЛАСОВИ**: и господ.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

За господ треба да се праша вон Македонија, целиот свет. Сакам да свртам внимание да не се злоупотребува толку многу народот. Секој нека се ограничи во доменот на своето членство. Сакам исто така да ви кажам за една непријатна вест дека надвор на паузата дел на пратениците на ПДП беа вознемирени од симпатизери или членови на ВМРО. И тоа во кругот до вратите на Собранието. Јас лично како Ештреф Алиу овој устав сум го очекува како шанса за исправка на грешките кои почнаа отворено од поединци, од органи од општински комитети, од органите на власта да се прават кон албанците во Македонија. Сум очекувал со право дека ќе имаме устав со оригинални решенија. Устав кој би нудел врвни дострели на најдемократските решенија. Убеден сум и ден денеска дека затоа имаме знаење. Умот постои тука, но се прашувам дали има готовност . Ние ценам во правата на граѓаните во Македонија поодамна сме биле подалеку од ова денешна Европа .што нуди. Сега за жал како да ми е мило што поаѓаме од едни состојби кои беа и си оценија со право сосема ненормални и секој од своја позиција една страна да дели лекции другата страна тие да не ги

прифаќа. Што бараме ние. Јас лично сметам дека правата кои сме ги оствариле во овие простори во оваа заедништво, со македонците и со сите други бездруго треба да се вратат. Ние бевме на пат да бидеме скоро сосема рамноправни тој пат наеднаш се наруши. Јас колку сум упатен не по вина и желба на народот и на граѓаните од оваа Република. Место тоа да се исправи место да побрзаме кон тоа да оваа вековно заедништво да го зацврстиме место во овие темели да создаваме поздрава материја која ни обезбеди перспектива, без малку одговорност се излегува на говорница и се зборува со јазик кој е надминат веќе во светот и кој нема ништо заедничко барем со демократијата која дојде кај нас, изгледа не не најде сосема дома и не не најде спремни со одговорност да ја прифатиме,да ја доградиме онака како нам ни одговара.

Се прашувам дали постои некој граѓанин во оваа Република Македонија кои со научни факти може да докаже било за која штетност од вистинската рамноправност која ние сме вршеле напори во тој систем еднопартиски да ја достигнеме. И заправо уште поконкретно. Дали постои некој пример каде може да се докаже дека од таа рамноправност се обесправи македонецот, се обесправи турчинот, се обесправи ромот, влаот, србинот и други. Ценам дека од вистината не треба да се бега за жал голем број говорници свесно или несвесно бегаат од тоа и тоа многу далеку. На оваа говорница се нуди една лажна вистина , без грижа на совеста и без најмалку чувство на одговорност кон тоа што се кажува тука. Јас лично од оваа говорница барам дијалог. Дијалог врз силата на аргументите и на научните сознанија и на научните достигања. По се изгледа дека подоста од говорниците не покажуваат спремност да прифаќаат дијалог. Најмалку тој дијалог да биде рамноправен. Некои за вчудовидување сеуште живее со

илузии дека е доволно да се биде само Македонец и се да биде во ред, бидејќи по се изгледа смета тој дека тогаш со него е силата правдата, со него е државноста, со него суверенитетот. Јас мислам и сите ние знаеме дека тоа ниту е така, ниту може да биде така. Но однесувањата се присутни. Проблемот во суштина лежи во следното: Ние тоа го размислуваме јасно, дека сеуште не сме готови да прифаќаме позиција, од која некој ќе ни дава права или ќе ни додели права. Ние таа вистина ја прифаќаме со тешко срце и сметаме дека правата можат само да се ограничуваат да се одземат но начините и методите се знаат можат да бидат само недемократски. Нам не ни преостанува друго освен да продолжиме да бараме дијалог и начин преку тој дијалог проблемите да ги решиме. Не знам за каков висок на стандард на права се зборува во овој устав. Ако некој смета дека степенот на употребата на јазикот е твој врвен стандард тогаш нека ми дозволи да речам дека тие стандарди врвни што ги нудат меѓународните акти, јас сум ги прочитал и тоа не е така. Но нека ми се дозволи да кажам дека јас сум се чувствувал крајно рамноправен , без тие меѓународни акти во оваа Македонија. Суштината на проблемот лежи само во тоа. Сакаме ние тоа да го прифатиме, таа грешка да ја исправиме или воопшто не сакаме. Вистината значи е таа дека работите срамежливо би рекол, ако не ми се замери, тргнале кон доброто. Тоа го говорам само заради другите присутни и заради јавноста. Немам потреба да водам дијалог со говорници кои оттука, однапред ги узурпираат правата, а тоа се без исклучок досега сите говорници од ВМРО ДПМНЕ.

На крајот дозволете ми да го кажам и следното. Треба постепено да се соочиме со една вистина и таа да ја прифатиме како таква дека и ние тука имаме неотуѓиво право да зборуваме барем за ,себе. Да дозволите со нешто и да не се согласиме, да ни дозволите и да не сфаќате погрешно за

нешто и да имаме сосема подруго мислење и дозволете токму затоа и заради тие факти некој пат да бидеме и во право. Ако сме ја прифатиле демократијата дозволете да покажеме спремност да се учиме да живееме, да веруваме и да размислуваме демократски. Многу е некој пат и увредливо кога некој друг дели лекции без аргументи што треба јас да бидам каде ми е матичната земја, колку права имам, како треба да се чувствувам, какви грешки правам, како сум некултурен како на друг му пречам, дека тука нешто барам и така натаму.

**ЕШРЕФ АЛИУ**: (Продолжение)

Не сме успеале во Уставот да ги вградиме докрај инструментите за заштита на мислењето на малцинството. Малцинството мислам во парламентот не врз национална база. Мислам дека не сме изградиле в~о Уставот доволно сигурни механизми за некои нешта кои природно се подразбираат, а тоа е сферата на меѓунационалните односи каде се уште не сме го кажале последниот збор и тоа децидно на тоа поле да не може да има надгласување т.е. длабоко сум убеден дека на таков начин бездруго во филозофијата на градењето на иднината ќе се навикнеме другиот да го почитуваме, да соработуваме, да нудиме дијалог и тоа рамноправен. Сето тоа ценам дека е можно дури и нужно потребно да се постигне во овој устав. Јас токму затоа излегов да го изразам моето незадоволство како човек не како припадник на една партија бидејќи и јас во овој Устав сакал да признам или не сум се плашам да речам само посреден учесник. Моите размислувања зборуваат за начинот на гледање на нештата малку поинаку, можеби порозово, можеби во мене владее многу субјективно, така сум изграден и мислам дека е доволно што тоа го кажувам јавно.

По се изгледа тргнавме да направиме Устав не водејќи сметка многу за иднината, Устав на трчаше на хиподром, не дадовме можност зборот на стручњаците да се произнесе слободно, зборот на науката да биде последен. Водевме партиски натпревари за среќа или несреќа бев само времен учесник во Комисијата за уставни прашања, во тој впечаток не можам да го отстранам. Мислам за жал,  дека сеуште членовите на оваа

Комисија од многу партиски состав не вршеа обид, место простор да му остават на умот туку се водеа со чувствата и водеа калкулации во програмските определби на партиите и затоа ние имаме толку гнев, затоа на оваа говорница многу непотребни зборови, затоа многу категорички оценки, затоа само јазични воопшто неиздржливи или непоткрепени со силата на аргументите. И на крај, ако ништо друго јас сум длабоко убеден дека граѓаните на оваа република заслужуваат уште за степен поквалитетен устав иако ми се дозволи да ја запазам сета скромност таков устав очекувам желно и заслужувам и јас. Сметајте луѓе, ние мораме да имаме дијалог и низ оваа говорница не зборувајте со јазикот кој е горк и кој носи раздор, кој носи вознемиреност кај граѓаните. Ми треба, ни претстои уште малку време до конечниот збор, јас апелирам за уште еден степен разбирање за да сите работи бидат в ред и да ми се дозволи дегресијата "и волците"сити и овците на број".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи немаме понатаму пријавени учесници во расправата, го заклучувам општиот претрес и давам пауза да продолжиме со работа во 20,45 часот. (Паузата започна во 20,20 часот).

По паузата седницата со работа продолжи во 21,15 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Уставот на Република Македонија. Претресот ќе го водиме по секој член одделно.

Расправата ќе се води по секој амандман што не е прифатен на Комисијата за уставни прашања. Членовите од Предлогот на уставот се утврдени ако за нив гласале повеќе од половина од вкупниот број пратеници, значи 61 е минимум.

Преминуваме на утврдување на преамбулата.

Отворам претрес по текстот на преамбулата.

Амандмани поднесоа: пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ ПДП-НДП и РСМ Либерална партија, пратениците Стоиле Стојков, Мухамед Халили, Насер Зибери, Владимир Митевски, Џеладин Мурати, Авди Муртезани, Наиф Мустафа, Агим Фазлиу и Аслан Селмани, Влади мир Голубовски, Тодор Петров, Драги Арсов и Томислав Стефковски, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата аз заштита на човековата околина, Комисијата за здравство, Комисијата за образование, наука и култура и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен од Комисијата за образование, наука и култура и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот.

Секој предлагач на амандман кога ќе се расправа сега по преамбулата или по текстот на било кој член на кој што се однесува амандманот, се разбира може да го повлече амандманот, да не одиме во расправа.

Отворам претрес по амандманот поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

А во прегледот има образложени, дали сакате, инсистирате на образложение (не) ако некој инсистира на образложение, само тогаш, инаку имате сите пратеници преглед и има објаснение*

Имате извештај на Комисијата, па како сакате.

Нека самиот предлагач на амандманот сам оцени дали е нужно дополнително објаснение. Во ред ли е сега, можеме ли да одиме на изјаснување.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Комисијата за заштита на човековата околина на својата седница поднесе свој амандман за преамбулата да се брише. Има образложение, меѓутоа и како пратеник со една група пратеници дадовме исто така амандман преамбулата да се брише од Уставот и да започне со општите определби и одредби на Уставот. Причината во што се состои, лично јас давам едно објаснување дека првиот, историскиот дел на преамбулата има погледи кон XIX век, додека вториот дел на преамбулата кон XXI век, нема она интеракции итн., па од таа причина сметам дека навистина немаме потреба да се вратиме кон оние историски факти итн. затоа што ако Македонија е еден еков систем тука сме сите во тој еко систем и сите делуваме во сите законитости итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако не бара никој збор, го давам на изјаснување амандманот. Ве молам, имате преглед, во прегледот е даден редоследот. Имате извештај од комисиите, ова е Комисија за заштита на човековата околина, но истовремено тоа е амандман и на пратениците Авди Муртезани, Наиф Мустафа, Агим Фазлиу и Аслан Селмани.

Го ставам на гласање амандманот, кој е за молам да крене рака? (23)

Молам кој е против? (Реакција од пратениците во салата немаат против), има уште едно има по секој амандман постапката мора да биде„целосна (реакција на пратениците).

Добро, ако се согласувате понатаму така да одиме. Само под услов стално да знаеме колку се пратеници внатре, 61 мора да биде тоа е точно. Тогаш да одиме по тој систем.

Овој амандман доби потребен 61 глас и со тоа констатирам дека амандманот поднесен од Комисијата за заштита на -човековата околина и од пратениците Авди -Муртезани, Наиф Мустафа, Агим Фазлиу и Аслан Селмани не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Го повлекувам амандманот и се придржувам кон амандманот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ:

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема објаснување, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеничката група на ПДП-НДП.

Молам, кој бара збор.(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (23)

За амандманот гласаа 23 пратеници, бидејќи не амандманот не доби неопходен потребен број на гласови 61, констатирам дека амандманот поднесен од пратеничката група на ПДП-НДП не е усвоен. (Реакција од пратениците во салата да се гласа и кој е против).

Па нели се договоривме сега. Се договоривме само оној кој добил 61 глас, ама не добил 61 глас, не поминал. (Реакција од пратениците во салата), така ќе се задржиме трипати повеќе. Ве молам како да гласаме, јас ве прашав дали да гласаме ' само кој е за иако добие амандманот да го прогласиме да е усвоен. Треба да добие 61 глас. Добро.

Кој е против. (81)

Кој е воздржан (Никој)

Констатирам дека амандманот поднесен од пратеничката група на ПДП-НДП не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ПОДНЕСЕ повеќе амандмани меѓу кои првиот се однесува за преамбулата. Од амандманот усвоен е само зборот "духовно" е вграден во текстот што ни е предложен, додека зборовите "целосна и трајно сожителство" и како "Албанците, Турците, Ромите, Власите и другите националности како зборови не се прифатени што значи останува да се произнесеме за остатокот од Предлогот

амандманот на ВМРО-ДПМНЕ со кој што се бара да се бираше зборот"целосна граѓанска рамноправност" односно само зборот "целосна", да се брише и трајно сожителство бидејќи во контекст на целата реченица јасно произлегува дека се обезбедува граѓанска рамноправност на македонскиот народ и се брише Албанците, Турците,. Власите, Ромите и другите националности, што се заменува со зборовите "националните малцинства и етничките групи", всушност ние не сакаме и се определуваме да не му дадеме живот на зборот "националности" како измислен од Македонската академија на штета на македонскиот народ.

Во овој историски дел е овој наш амандман, во другиот целиот дел на амандманот бараме да се бришат зборовите "да се воспостави и изгради" едноставно како оптоварување на текстот туку да биде текстот "владеењето на правото како темелен систем на власта".

Понатаму, во третата алинеја, да се гарантираат човекови права, граѓански слободи да се брише и "националната рамноправност", говориме за граѓански права, човекови, национална та рамноправност да отпадне бидејќи и нема место.

Четвртата алинеја, да се обезбеди мир и сожителство на македонскиот народ со националностите кои живеат во Република Македонија сметаме дека е непримерна на еден устав кој што говори дека не може да има ни мир, ни сожителство со националностите а тоа е апсурд на овој текст и сметаме дека треба да отпадне. Ова е суштината на нашиот амандман на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега видовме во Уставот и Деловникот се гласа и се одлучува со мнозинство од вкупниот број на пратеници, со 61, и натаму кога тоа се добива, не треба да се гласа. Ете тоа е работата, според тоа, да се гласа кој е против кој се воздржал тоа нема никаква врска (реакција од пратениците во салата), да да, точно така, се одлучува и тоа е одредено во актите со 61 глас. Оној амандман што не добил 61 глас нема што понатаму да се гласа. Тој не е усвоен.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Барам да се почитува правилото се што е речено понапред и се што стои во образложение да не се повторува тука за да не се губи времето. Конкретниот дискутант не кажа никаков нов елемент во врска со изнесеното со барањето на овој амандман. Во името на тоа да не се губи време повторување нема. Кој има нешто ново и тоа во прилог издржливо, не само да се губи време, нека повели нека каже. Тоа е мое барање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е организациона забелешка, мислам корисна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор. (Не)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање

Кој е за молам да крене рака? (42)

За амандманот гласаа 42 пратеници.

Констатирам дека амандманот поднесен од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратениците Мухамед Халили и Насер Зибери.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (23)

За амандманот гласаа 23 пратеника.

Констатирам дека амандманот поднесен од пратениците Мухамед Халили и Насер Зибери не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од Комисијата за здравство.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(35)

За амандманот гласаа 35 пратеника.

Констатирам дека амандманот поднесен од Комисијата за здравство не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (9)

За амандманот гласаа 9 пратеници.

Констатирам дека амандманот поднесен од Комисијата за економска политика и развој не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Молам, кој бара збор?

Почитувани пратеници, како пратеник од 45 Изборна единица каде што мнозинството од моите избирачи се од Српска националност поднесов 2 амандмана. Првиот беше на Преамбулата и беше одбиен од Комисијата за образование, и подоцна од Уставна комисија, меѓутоа бидејќи е во врска со член 78, каде што предвидуваме формирање на Совет за меѓунационални односи и се наброени сите националности што стојат во Преамбулата, а бидејќи Уставот е граѓански и демократски и стојат 2 члена од други националности сметам дека треба и од српската националност треба да бидат опфатени.

Да не се јавувам повторно кога ќе биде амандманот по членот 78 сега мислам дека треба сега да се произнесеме за тоа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Бидејќи Преамбулата допушта простор да се вградуваат носители и на други етности јас лично сметам дека треба да водиме грижа што повеќе словенски нации да бидат вклопени. Имаме и Хрвати тука, мислам на просторот и да видиме дали ќе може уште нешто повеќе. Има и Руси избегани после грозниот пуч 1917 година, па да размислиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, нема друг амандман, само амандманот 1.

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (20)

За амандманот гласаа 20 пратеници.

Констатирам дека амандманот поднесен од пратеникот Владимир Митевски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Кој е за молам да крене рака. (23)

Констатирам дека амандманот поднесен од пратеникот Џеладин Мурати не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеничката група РСМ-ЛП.

Молам кој бара збор?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Амандманот на нашата пратеничка група упатува на вториот став од Преамбулата, а се однесува на усогласување на Преамбулата со меѓународно прифатливите стандарди од проста причина што ние сме за граѓански устав и сакаме во Уставот да се применува и таа терминологија.

Во алинеја 4 предлагаме да се усогласиме со она што и последниот Хашки документ го посочува како однос за националните и етничките групи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (45)

За амандманот гласаа 45 пратеника.

Констатирам дека амандманот поднесен од Пратеничката група на РСМ-ЛП не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Овој амандман е идентичен со текстот на ВМРО-ДПМНЕ. Така ми е укажано од Службата овде.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Што треба да значи тоа? Може ли да ми објасните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали е идентичен, сакам да утврдам. Вас ви го упатувам прашањето.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Не е идентичен предлагачот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По тој текст сме се произнеле во тој случај.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Не сме се произнеле и молам да ми дозволите да си го остварам своето право како пратеник.

Најпрво д потсетам дека изгледа не сте ја прочитале првата страница или намерно не сакате да сфатите што пишува. Овој амандман не го предлага Владимир Голубовски, туку ВМРО-ДП, што очигледно вас ви одговара да го преиначите.

Новото образложение на овој амандман, бидејќи тоа е услов аз да излезам на оваа говорница гласи. Односно прво да ви кажам на што останува од ова.

Бидејќи "духовно е прифатено..."

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако е од ВМРО-ДП повлечете се од говорницата, тоа не е овластен предлагач. Ве молам да знаеме со што имаме работа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

ВМРО-ДП во билтенот на Собранието на Република Македонија е евидентиран како политичка партија која што е застапена во Парламентот преку пратеникот Владимир Голубовски

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде може да биде предлагач пратеник а не партија.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Пратеничката група на ВМРО-ДП....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас го прашам дали е Владимир Голубовски пратеник....

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Пратеничка партија на ВМРО-ДП. Бидејќи не е дефинирано со Деловникот на Собранието колку пратеници претставуваат пратеничка

група ви давам до знаење дека ВМРО-ДП има пратеничка група во Собранието на Република Македонија и во име на пратеничката група ВМРО-ДП предлагач стојам како Владимир Голубовски. Дали е јасно сега?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи не е од партијата. Тоа да го расчистиме.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Не, од Пратеничката група на ВМРО-ДП.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, оти рековте од партијата.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи "духовно"е усвоено се откажувам од бришење на зборот "историските" и замена за "федеративна Југославија", со "Социјалистичка Федеративна^ Република Југославија", а оставам да се бришат зборовите "целосна" и "трајно сожителство". Зборовите "Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите националности", се заменуваат со зборовите "национални малцинства и етнички групи".

Во алинеја 2-зборовите "да се воспостави и изгради" се бришат.

Во алинеја 3 запирката се брише и се додава зборчето "и" .

Зборовите "национална рамноправност" се бришат. Новото образложение гласи: "во интерес на македонскиот народ и на Република Македонија".

Инсистирам по Деловникот, член 127 изјаснувањето да биде поединечно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ставам на изјаснуваше предлогот на Голубовски дали да биде поединечно. Собранието одлучува за тоа. Таа одредба само соодветно ја применуваме, не е од Деловникот што сме го овде усвоиле и затоа треба да одлучиме сега. Јас немам ништо против на тој начин да се изјаснуваме, меѓутоа не можеме да даваме привилегија само по еден амандман и на еден предлагач. Тогаш, јас ќе соберам 10 пратеници и по секој амандман ќе треба да се изјаснуваме така, меѓутоа, треба да сфатите дека тоа ги минува границите на рационалност и ќе треба да останеме многу долго.

(Реагирања од место).

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Мислам дека како претседавач односно водител на седниците немате право да ги оценувате демократските придобивки во Република Македонија. Сето тоа е уредено со Деловникот и ве молам држете се до Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас го толкувам овде Деловникот и господинот Голубовски нека се воздржи од поуките што овде ги дава.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ако се потребни ќе ги дава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, во овој случај сакам поддршка од Собранието и сакам да се изјасни Собранието дали ќе одиме со поединечно гласање.

Молам кој е за поединечно гласање да крене рака....

Во тој случај ќе издвоиме само на Голубовски една постапка а другите предлагачи друга. Тоа е невозможно. Тоа е нерамноправност во постапката.

Во име на мојата парламентарна група предлагам за сите.

Молам, кој е за да крене рака. (14)

Кој е против поединечното изјаснување молам да крене рака. (71)

Според тоа предлогот за поединечно изјаснување по амандманот не е усвоен.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Македонија не е самопослуга.

Ми се чини дека ние не се разбираме. Сакам да кажам Македонија нашата држава не е самопослуга. Барам од секретарот на Собранието колку гласа треба по Деловникот да гласаме поединечно. Не можеме да се сокриеме зад прстот. Носот само можеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам седнете си на местото и да продолжиме со работа.

Молам дали уште некој бара збор по амандманот на Владимир Голубовски.(Не).

Ако никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (37)

За амандманот гласаа 37 пратеника.

Констатирам дека амандманот поднесен од пратеникот Владимир Голубовски не е усвоен. Пардон, му се извинувам, констатирам дека амандманот поднесен од Пратеничката група ВМРО-ДП не е усвоен.

(Да не се игра со македонскиот народ овде)

Имате некој предлог вие?

(Реагирања од место)

Отворам претрес по амандманот поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (30)

За амандманот гласаа 30 пратеника.

Констатирам дека амандманот поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (38)

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

За амандманот гласаа 38 пратеници.

Констатирам дека амандманот поднесен од пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Тодор Петров. Кој бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со оглед на тоа сто во поголем дел од амандманите одделни формулации се повторуваат, а во текот на расправата ќе ги повлечам кога ќе дојде момент за тоа со независните пратеници Ефтим Манов, Димитар Трпеновски и пратеникот ВМРО-ДП Владимир Голубовски предлагаме од сите овие набројувања што се во амандманот 1 од моја страна да се гласа само по следниот став. Во преамбулата и целиот текст на Предлогот на Уставот зборот " националности", се заменува со зборовите "национални малцинства и етнички групи". Така што целиот амандман, од него барам само за овој дел да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали некој друг бара збор? (Нико;)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (53)

Констатирам дека амандманот поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и текстот на преамбулата го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака?

За текстот на преамбулата гласаа 75 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја утврди преамбулата на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на структурата на Уставот на Република Македонија. Комисијата за уставни прашања не го прифати овој амандман. Предлагачот го повлекува амандманот.

Пратеникот Јордан Бошков поднесе амандман за внесување на нов член 1 пред членот 1. Комисијата за уставни прашања не го прифати овој амандман .

Отворам претрес по амандманот.

Кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ**

Дами и господа, јас уште при уточнување на нацртот имав една заложба своја каде што барав да се признае и да се прифати божјиот суверенитет врз оваа држава и сметав дека тоа ќе добие едно достојно уважување од страна на учениот наш свет посебно на експертскиот дел. Но, некако заблудата ширена повеќе од неколку векови со тој вулгарен материјализам не доведе во ситуација да и самата мисла за виша сила нам ни е одбивна. Јас бев до некаде градиран во својот приод. Едно што барав божји суверенитет, поточно божји благослов за оваа држава. Тој благослов признаено или не постои. Прашање е само на нашата перцепција. Понатаму отидов и во тоа да уточнам оваа држава како и прилега да биде. Според моето гледиште нацијава постои благодарение на тоа што е христијанизирано населението. Инаку немаше да бидеме ни случајно вакви како македонски народ. Делумно сме денеска од друга вера, делумно сме без вера, но според она што постои како јас што сум видел најголемиот дел е сепак православен и затоа би сакал да им упатам на пратениците една

топла молба да не гледаат ништо злобно во тоа дека прифаќањето на бога е една огромна придобивка не само за овој тек на настаните, не само за овој век, исто така и за идниот. исто тага

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој  бара збор?

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ**

Што се однесува до овој амандман јас мислам дека долги години оваа Македонија беше под чизмата така да речам на комунизмот каде што нон стоп се негираше црквата, се негираше христијанството кое сто не остави сега вака да зборуваме на македонски јазик. Јас мислам дека овој  член е достоен да македонскиот народ чесен да го гласа онака како што и е бидејќи е сторителот на сите нас и на се она што имаме.

**МИХАИЛ ПАКОВСКИ**

Сакам да апелирам до сите 120 пратеници, вклучувајќи го и претседателот да внимаваме многу и да се создаде работна атмосфера. Верувајте не може човек да се следи. Постојано постои некое викање,дофрлување а носиме и многу важни одлуки. Затоа ве молам и предлозите кога се даваат, ако треба нека се читаат. Да се создаде една работна атмосфера, доста со тие дофрлувања, смеења и така натаму. Да знаеме за што се гласа и како се гласа и ко предлага да создадеме една.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Интервенцијата е умесна. На сите вас ви се поделени сите предлози, имате и извештаи итн. Внимавајте таму има и образложенија. Не само текстот на амандманот, туку и образложенија. Го имате и амандманот на господинот Боков, погледајте го.

Дали некој друг бара збор.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**

Јас лично го прифаќам амандманот поаѓајќи од една подолга историја на македонскиот народ. Благодарение на верата, на крстот ние сме тие што сме денес. Според тоа ми се чини ќе немате ништо против сите вие христијаните да го прифатите амандманот кој го предложи господинот Бошков.

**ЕШТЕРФ АЛИУ:**

Амандманот како предлог делува можеби на прв поглед симпатичен Не може да се прифати од две причини. Се залагаме за модерна држава каде верата е вон државните институции, лично убедување и желба на граѓаните.

Второ, образложението е многу еднострано и му дава тон на еднонацисналност, што за нашите реални прилики е неприфатливо во оваа Република.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

За амандманот гласаа 35 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов член 1 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**

Господа, навистина со предлогот на амандманот стои и образложение. Меѓутоа сметам за потребно покрај ова што е кажано да се кажат и уште неколку збора во прилог на предлогот за воведување на нов

член да Република Македонија е национална држава на македонскиот народ и држава на граѓаните нејзини државјани. Причина повеќе да кажам од образложението е следна: кога говорев за начинот на олкружување и за начинот на прифаќањето за меѓународно признание посто]ат толкувања дека Србите ја признаваат македонската нација, а не признаваат држава. Бугарите говорат дека признаваат територија, а не признаваат нација, Грците практичко ќе признаваат ниту едно ниту друго, додека Албанија во овој однос без оглед што има разложениве да даде меѓународно признание на Република Македонија, по однос на овој дел останува неодлучна што е. Практично значи дека еднаш, барем на едно место ние сами ќе мора да кажеме чија сме држава. Како ќе бара меѓународно признание кога сами викаме дека не сме нечија држава. Како ќе бара момент на самопризнание и имате ли осет во што е проблемот кога ние сами викаме дека немаме наша држава, како да го молиме комшијата да каже "па ваша е". И во оваа смисла доаѓа една барем самите да признаеме и држава на македонскиот народ, не треба да му биде срам на никој, туку треба да му биде гордост и достоинство да еден човек кој има простор и јазик и народ  сам да каже "не е". За овој амандман барам да се гласа со противка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа се изјаснивме дека нема да гласаме со прозивки.

Дали некој друг бара збор.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас реков дека едно врапче ќе остане, а ми се чини дека нема да остане ниту едно. Еднаш господ рекол: еве ви ја давам земјата, наслдедете ја. Не, сме рекле пеколот. Срамота и греота. Газиме врз коските на нашите

дедовци, газиме врз коските на нашите татковци, газиме врз коските на тие што загинаа до 40, да не продолжам за тие до 50-та и понатаму на тие што ја сакаа оваа земја, на тие сто го сакаа од нас и го бараа овој час. Но гледа Европа, наследат соседите и тие се срамат од нас. Одиме во Хаг, одиме во Европа, одиме во Америка, одиме во дијаспората, ги посетуваме нашите браќа,не гледа светот во чие име ви се молам? Од коза држава сте и кого посетувате? Рече господинот Стојановски во чие име ќе бараме држава и која држава ќе ја бараме кога ја негираме, кога во таа држава не сме ние стопани. Ве молам, се превртуваат коските и сме биле лажговци дека го почитуваме Илинден, АСНОМ и дека се поклонувавме на сликите на старите борци, првоборците итн. Ние не сакаме држава, ние сакаме да бидеме робови во оваа земја. И уште нешто ќе кажам. Како не ни е срам. Како не ни е жал од денешна Хрватска и Срби]а секо] ден ни носат мртви деца, а рониме не вистински солзи, крокодилски. Грев и срамота, Да знаете дека злото ќе не погоди.  Можам да потврдам сите тие што не ја сакаат Македонија и нека запаметат никогаш не биле Македонци, туку биле од дедо, лрадедо предадени на некои или Грци, или Бугари, или Срби. И тие и ден денес го тераат тоа. Нашиот народ не ве донесе во оваа сала да гласате против Македонија, но да створите држава, а утре да биде во обединета Европа, обединета цела Македонија. Срамота, како утре ќе одите во дијаспората, како ќе одите во Канада. Како ќе одите во Австралија, од чие име ќе зборувате И за кого ќе зборувате?

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа гласавме, овде се гласаше, вие гласавте.

Амандманот го става на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака.

За амандманот гласаа 48 пратеници .

Констатирам дека амандманот за внесување на нсз член 1 поднесен од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во името на пратеничката група на ВМРО-ДПХНЕ , бараме пауза од 15-минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Давам пауза од 15 минути.

По паузата

Да продолжиме со работа .

Госпоѓицата Димовска бараше пауза, таа заврши, прашувам дали имате идеја како да продолжиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАКОВСКИ:**

Го користам правото од Деловникот за работа на ова Собрание по член 127, усогласување со врши кога тоа го предложи претседателот ако смета дека а потребно точно да се утврди резултатот од гласањето или ако тоа го бараат еден делегат односно пратеник чие барање го поддржуваат најмалку десет пратеници. Затоа што предлагачот за кој даваме од пратеничката група а ВМРО-ДПМНЕ од 35 практично, ве молам да постапиме по оваа одредба од Деловникот и да се повтори гласањето за предложениот амандман на член 1.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, 127 вели вака "по имениччно се врши кога тоа ќе го определи претседателот ако смета дека е потребно точно да се утврди резултатот од гласањето, или ако. тоа го бара еден делегат. Во што е сомневањето за

течното утврдување. Што е неточно во броењето на гласовите.

Ако гласаат повеќе ќе го повториме гласањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не треба да се надмудрувате, изразеното сомнение е предмет на оправдување за преборување на гласовите со поединечно, а не дали е или не е. Овде објектот е сомневањето и така е стилулиран членот и по ќе го ќе се однесуваме.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Прво, да расчистиме дека за тоа што сме гласале никако не се сложуваме да гласаме повторно.

Второ, мене ме интересира кој е предлагач на текстот на предлог уставот, бидејќи господин Стојановски е член на Уставната комисија и сега врши опструкција на неговиот текст на неговата комисија.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Мислам дека е добро уште еднаш да се навратиме на амандманот, може и да го видиме каков е, нека биде и прочитан, па некој нека ни ги каже мотивите поради кои токму толку се инсистира на тој амандман, дали од експертската група или некој друг, па ако се убедиме да гласаме, ќе гласаме сите. Ако има толку дебели причини за таа работа да гласаме. Меѓутоа начинот на кој се сака да се остварува тоа, мислам дека не е примерен за оваа работа. Како сакате, ако во Деловникот пишува еден пратеник да бара со прозивка, а Собранието да не одлучува, само барањето ако е доволно јас незнам. Ако така пишува во деловникот, тогаш не е во ред нешто се Деловникот. Затоа што, секој од нас за нешто може да бара и да предложи да се пребројуваме и со прозивка да гласаме и таа

работа ќе трае во недоглед, ако не одлучува Собранието. А ако бара некој поставува предлог, дава предлог Собранието треба да одлучи. Јас така го сфаќам деловникот и ако пишува поинаку мислам дека не е добро.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, мислам дека претседателот го прочита Деловникот и од него е тесно штом постои сомневање мора да се изврши поименично гласање. Тоа е јасно и треба да нема никакви забуни за колегите правници. Од друга страна сакам и тоа да кажам дека на Уставната комисија токму по овој член ние што сме од членовите на Уставната комисија од ВМРО-ДПМНЕ бевме надгласани и јас претседателот се секава дека реков, за се што сме надласани во Уставната к:миси;а, ќе го поставиме пред Парламентот. Оттука, никаква опструкција не прави господинот Стојановски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што се однесува до амандманите така е и по Деловникот сите амандмани што не ги усвоила Уставната комисија нормално доаѓаат овде на седница на Собрание, а предлагачот на амандманот може да се изјасни дали останува на него или го повлекува. Овде го имаме случајот кога предлагачот останува на амандманот. Групата ВМРО- ДПМНЕ изрази сомневање. Дека само 48 пратеници гласање за амандманот и јас предлагаат ние да поминеме на поединечно изјаснување ако тие инсистираат.

Молам, ете по какви работи се блокираме ние сега. Јас инаку мислев дека не треба да одиме на предничени изјаснувања и затоа ве консултирав од чисто да кажам така чистота на работата. Ако почнеме со тоа да се занимаваме и секој амандман да биде така, а може да биде, ако минеме на тоа, тогаш ние навистина Уставот и донесувањето на Уставот ќе ни стане

второстепена работа и само овде ќе се прозиваме. Тоа ми беше единствената забелешка и затоа го консултирав Собранието. Меѓутоа, очигледно еве во овој случај тоа не се прифаќа. Се разбира, може сосема реално да се случи после сите предлагачи на амандманите што остануваат на амандманот да одат во прозивка и тоа ви велам веќе постапката ќе оневозможи да внимаваме што е тоа што се донесува, туку ќе биде многу поважно друго.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас бидејќи сум во најмало малцинство во овој Парламент, како еден пратеник, нормално дека ќе барам да се почитуваат сите одредби на правилникот и на каков се повредуваат правилата според барањата и желбите на мнозинството, малцинствата нема ни потреба да се ди во овој парламент. Меѓутоа, бидејќи станува збор за повреда на Деловникот, смотам дока не можеме да носиме Устав, за што ќе пишува дека основна цел на уставот е демократијата, а да ги носиме одредбите или да го употребуваме предлогот на уставот на недемократски начин. Затоа сметам дека во прашање е манипулација и изигрување на одредбите со Деловникот. Дали е во гласање партиска игра или подигнување на рејтингот во тоа не навлегувам. Меѓутоа, барањата на било кој пратеник. ако се постават пред собранието, ова собрание но може да ги менува заради тоа што мнозинството така сака. Ние така ако ни одговара да со менуваме, можеме секој ден уставот да го менуваме. Ќеречеме се договоривме мнозинството, тогаш зошто има потреба од квалификувано мнозинство за некои работи.

Затоа, сакам да укажам на некои повреди на Деловникот што настанаа и во врска со тоа се јавив. Поименично гласање се врши кога тоа ќе го определи претседателот. Точно е тоа, меѓутоа, и ако тоа го побара еден пратеник чие барање  го поддржуваат најмалку 10 пратеници

И тука нема никакво гласање со мнозинство дали ќе се прифати барањето на пратеникот. Бидејќи тоа мнозинство од 10 е утврдено во Деловникот. Сметам дека сите гласања што ги извршивме на начин на кој што ги извршивме спротивно од ова се против деловнички, против законски и против уставни. Второ, во врска со мнозинството на донесување на амандманите. За мене е сомнително дека амандманите треба да ги гласаме со мнозинство од вкупниот број, сомнителни. Лична како пратеник се консултирав со Уставот за да видам како треба да се гласа, да не учествувам во. Некоја импровизација која што може за било кој да создаде поинаков однос. Во амандманот 79 пишува дека нацртот на уставот или актот за измена на Уставот се носи со мнозинство од вкупниот број на пратеници, Се става на јавна расправа и пишува по спроведената јавна расправа Собранието го утврдува Предлогот на актот за измена на Уставот и одлучува за него". Не пишува за никакво мнозинство. Бидејќи начинот на одлучување не е утврден, се применува Деловникот. Во деловникот член 123 пишува "полноважни се одлуките за кои гласало мнозинството од присутните пратеници". Меѓутоа, бидејќи утврдуваме акт, устав во кој сме укажало во пределот што треба сега да го изгласаме да се носи со двотретинско мнозинство од вкупниот број нормално дека после утврдувањето на секој амандман поединечно кое ќе се усвои или не со мнозинство од присутните што сме вкупниот текст на предлогот кој што ќе го утврдиме со двотретинско мнозинство и за таков ќе го прогласиме. Затоа, сметам дека погрешно се пристапува и при усвојувањето и неусвојувањето Не некои амандмани кои се поднесени. Секаде каде што е извршена повредата барам гласањето да се врати и да се почитува Деловникот.

Јас незнам точно колку пратеници сме присутни. Дали сме 120, 119, 105, заради тоа што некои амандмани не поминаа под изговор дека не се со 61 глас. Јас барав токму да се почитува Деловникот и Уставот.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ :**

Ова што господинот Петров со постави е принципиелно прашање. Во амандманот 79, во точка 1, ставот 3 е уредено дека нацртот на актот за измена на Уставот Собранието го утврдува со мнозинство гласови на сите пратеници и го става на дискусија. По завршената расправа, јавна дискусија Собранието исто така го утврдува и предлогот. Став е на стручната служба дека ако Собранието го утврдува Нацртот со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници нема никаква логика ниту резон, предлогот да се утврдува со вакво мнозинството што е уродено за работа на Собранието според Деловникот. Еве од кои причини. Во привремениот Деловник на Собраниево, член 13, став 2 "Собранието одлучува" со мнозинство гласови на седници на кои се присутни повеќе од половината од сите пратеници". Тоа значи дека Собранието може да работи и со присутни 61 пратеник. Во конкретниот случај како што го толкува господин Петров произлегува Собранието може да го утврдува Предлогот со 61 присутни пратеници, а мнозинство од 61 е 31 глас. Замислете предлог на Устав да се утврдува со 31 глас или само со присутни 61. Ние во стручната служба имавме дилеми дали и утврдувањето на предлогот не треба со двотретинско мнозинство. Бидејќи со оглед на тоа што во Уставот не е децидно уредено со какво мнозинство, извлекувавме логика дека мора најмалку со исто мнозинство како што се утврдува и Нацртот на уставот. За овој став на стручната служба консултирани сме и стручњаци од науката.

А уште на почетокот претседателот предложи дека предлогот ќе се утврдува секој член одделно и за секој амандман по одделно ќе се гласа. Претседателот кажа дока Е усвоен оној амандман кој што ќе добие најмалку 61 глас од пратениците. Тоа беше уште на почетокот расчистено. Овие се одредби на устав и јас мислам дека уставот се знае кој може да го толкува. Ова е мислење на стручната служба со една поширока консултација. Има и професори на правниот факултет, па можат да ни помогнат. Инаку, уште еднаш да повторам дека спуштањето на вакво мнозинство за највисокиот акт да може само со 31 по на~е мислење ка стручната служба, не држи.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека нешто расчистивме. Дека се работи за став и мислење на стручната служба, а не за прашање кое е регулирано со Уставот и со Деловниот. Сметам дека во такви празнини има и решение. Правото се применува,м нема тука логика, мислев вака или така. Како е напишано така се применува. Затоа, јас сметам дека ЕС уставот точка е, во постојниот устав по кој ние работиме. Не е регулирано со кое мнозинство се утврдува уставот и со кое се прогласува, Меѓутоа се што со устав не е утврдено се регулира со Деловник. Во деловникот пишува дека одлуките се полноважни за кое гласало мнозинството од присутните, она што и секретарот го прочита. А и ние во предлогот што го имаме поднесено дека се носи со двотретински мнозинство од вкупниот број кога ќе го утврдиме амандман по амандман, кој е освои мнозинство од присутните, колку што сме, ако имаме две третини минимум за да одлучуваме после по целината на тој текст и ако појде со две третини од вкупниот број, тогаш ќе се смета за донесен. Само да кажам дека импровизации во моето излагање немаше,па ниту во она што го напоменав. Затоа, ова што го мисли Стручната служба е нивно

право што сакаат да мислат. Треба да работиме она што е напишано. Ако се договориме кога ќе ни текне тоа да правиме, тоа е друго. Плус тоа, немаме точка Промена на Деловникот за работа. Затоа, кога се носат вакви акти и точката и запирката е многу битно каде ќе се стават. Не треба некој да се смее зошто се преелагаат такви амандмани. Заради тоа што со една точка создаваме однос за два милиона луѓе во практиката .

**СТОЈАН АНДОВ:**

С"е разбира, ова толкување на стручната служба ние е на Претседателството го прифативме како толкување и го пишаваме во раководството и го прочитавме овде. Колку што з нам толкувањето на деловникот припаѓа на задача на претседателот и потпретседателите. Тоа беше постапката што сме се разјасниле до сега . Поради тоа го прочитав ова овде, а тоа господинот Петров го знае. За што, толкувањето на деловникот му припаѓа на претседателот, му е задача на претседателот заедно со потпретседателите. Кога има отворена дилема, тогаш го толкува, се знае, претседателот на Собранието заедно со потпретседателите а не господинот Петров. Кога има дилема, а дилема имало овде, заради тоа што тоа не се однесува на обични одлуки, Деловникот е необични одлуки и Деловникот кој сходно го применуваме наидуваме на најјасни ситуации во новата состојба сега, тогаш приоѓаме на толкување. Тоа е овластувањето што е дадено со Устав на претседателот и потпретседателите.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Нека влеза во записникот дека не сум задоволен од одговорот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не знам зошто. Дојди и кажи дека не си задоволен во стенограмата тоа ќе си оди тоа е нормално, јас не знам како да ги

задоволам сите. Едноставно незнам, како. Ние се најдовме пред ситуација на една многу сериозна материја која треба овде да се расправа и дадовме задача на стручната служба, ни дадоа елаборат.

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

За тоа како треба да се изведе ги консултирав потпретседателите да се прифати тоа право по Устав го имам. Тоа е посилно од оној Деловник на кој се повикува господин Тодор Петров ко^ е фактички сходно применуван, според КОЈ деловник има три собори овде итн. Тоа е што се однесува на мнозинството и затоа јас настапив овде и ви прочитав пред да минеме на првиот амандман. Еве што ви прочитав.

"Отворам претрес по текстот на Уставот на Република Македонија.

Претресот ќе го водиме по секој член одделно. Расправата ќе се води по секој амандман што не е прифатен од Комисијата.

Членовите од предлогот на Уставот сс утврдени ако за нив гласале повеќето од половината од вкупниот број пратеници".

Господинот Тодор Петров не стана и никој од пратениците не стави никаква забелешка, ниту пак не расколеба со аргументите што сега ги изнесуваше. Ете, тоа е работата што се однесува до мнозинството.

Да одиме натаму. За мнозинството е јасно, 61 глас се потребни.

Сега одиме понатаму. Овде има барање. Да ви кажам се работи за Устав, без поглед по ова прашање дали сме одлучиле дали има право повторно да го покренува или не, бидејќи се работи за Устав и за амандман, јас предлагам, ако е спорно неговото, да одиме на повторно изјаснување. Сакам овој Парламент да не биде доведен, да извините со ситни потези во ситуација како нешто одлучува набрзина и непотребно. Не, такви дркблинзи овде не се потребни и ние треба да одлучуваме без било сомневања, да ги

отстраниме сите сомневања. Според тоа, иако беше на ист начин бројот утврден како по сите амандмани, може да постои посебна причина по овој амандман зошто така да постапиме, да постапиме така. Јас ви предлагам бидејќи и ова е една од дилемите, и ова сходно се применува. Не е деловник што го утврдивме ние, и ова е од деловникот со трите собори. Затоа, ве молам, тој Деловник не е овој состав што го утврдил, поради тоа, ние веќе порано во една таква ситуација се договоривме да го консултираме Собранието. Сега јас молам да ми дозволите, да се согласите да одиме на повторно изјаснување, да не одиме без консултација на Собранието.

Дали тоа се прифаќа? (се прифаќа)

Господинот Абдурахман предложи нешто друго, нешто повеќе да се разјасни околу овој амандман, да не излезе дека некоја пресудна битка се бие тука, па се укопал еден против Македонија, друг за Македонија. Тој рече, ако е доволно јасно што е и ако е многу корисно, сите ќе гласаме за него. Таа изјава е важна. Тој спомна да ги слушне и луѓето од експертската група. Јас ги молам експертите .

Дали Собранието се согласува да ги слушнеме и нив? (може)

Дали се согласувате?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тие не може да ни го толкуваат Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаат врска експертите со Деловникот. Нема врска господине Петров не се држите за Деловникот, не чекате да ви се даде збор, од место зборувате.

Инаку, не ги викам нив да го толкуваат Деловникот но еден пратеник овде изрази желба за суштината на текстот на амандманот да слушне и мислење од експертската група. Зошто да не го слушне тоа? Или треба да ги замолчиме тие луѓе да не кажат ништо. Ете, во тоа е работата. Вие слушнавте.

Дали се согласувате? (се согласуваат)

Кој од експертската група ќе каже во врска со овој амандман.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, тешка е оваа ситуација кога треба во вака запалена атмосфера да се расправа за некои стручни проблеми, но јас ќе се задржам само на таа линија. Политичката одлука можат да ја донесат само пратениците и ќе се обидам да не сугерирам. Меѓутоа, се работи за следното:

Ако усвоиме термин "Национална држава" на било кој народ ќе бидеме единствена земја во Европа која тоа ќе го има. Тоа е факт и тоа не може да се голтне. Постојат држави кои се дефинираат само во однос на граѓаните кои се нивни државјани. Тоа с единствен јазик кој може да го разберат демократските земји. Тие не можат да ги разберат нашите фрустрации, нашите конкретни историски проблеми, нашите специфични ситуации, тоа е нејасно. Ако се усвои таков термин односно таква дефиниција во првиот став, можете само да се утешувате дека Уставот ќе остане конзистентен во другите ставови. Не постои уставен правник или човек кој држи до себе, ако може таа контраверза во одредбите да ја прескокне само затоа што го сака Македонскиот народ, што му мисли добро, како што сите ние му мислиме добро. Тоа се, велам, идеолошки постулати, кои можат да бидат емотивни, може да се прави драма од нив, но тие едноставно  не држат вода. Можеме овде исто така, да се прозиваме

еден по друг односно вие да се прозивате и ние еден по друг и од тоа да се прави политичка пропаганда, но тоа едноставно не може, тоа ќе се заборави следниот ден. Ниту на било која земја во Европа, ниту во Хаг можете да им го објасните тоа што се случило и во кои специфични околности тоа се прави.

(Реакција во салата од некои пратеници)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тој беше повикан да објасни, од него беше побарано, Собранието се согласи.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Јас веќе споменав дека стручното мислење сигурно нема да ве задоволи, меѓутоа, фактот дека ќе бидеме единствена држава во Европа, демократска, која се обидува да биде демократска со таква дефиниција стои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега минуваме на поединечно изјаснување.

Еве го, господине Абдурахман, тоа што го баравте го слушнавте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Господа пратеници, јас би сакал да не разговараме во ребуси туку доста отворено. Инсистирањето да не се оди на повторно гласање, туку на поединечно гласање јас лично бидејќи имам обврска и пред моите бирачи и пред граѓаните на Македонија да кажам како го сфаќам. Едноставно го сфаќам да се види отворено кој е за Македонија, кој е против Македонија. Сега да ви кажам зошто јас лично се определив и зошто мојата партија и мојата пратеничка група се определи да гласа за оваа формулација што е

во Уставот а  не за ова што се предлага како амандман. Едноставно, затоа што ова што го рече господинот Фрчковски, покрај Хрватска не сретнавме, а имавме можност сите устави во Европа да ги проучиме како ја дефинираат државата. Нема ниту една држава во Европа во својата одредница дека тоа е национална држава_на тој народ и заедница на други граѓани. Од причина што во теоријата денес што може да се сретне во науката, држава, национална држава или поблиску речено на македонски јазик народна држава од стручен аспект, од политички аспект од уставно правен ако сакате нема никакво значење, не означува никаков карактер на таа држава, не означува тип на држава, а држава според тип, според карактеристики или може да биде унитарна или сложена држава, може да биде демократска или автократска држава, но во никој случај државата не може да биде расна или етничка држава. И самиот факт што денес не кореспондира нашиот Устав со Европа и на што ни укажаа и експертите од европски профил ние имавме можност да разговараме овде со експерти по уставно право од Франција, тие дадоа во глобала исклучително висока оценка за Уставот, вклучително и карактерот на државата што се дефинира со Македонскиот устав. Имавме можност да разговараме, гостин беше на ВМРО ДПМНЕ, стручњак по уставно право од САД и тој лично се произнесе дека во суштина Уставот е граѓански и апсолутно кореспондира со современите процеси во Европа. Тие беа мотивите поради кои причини јас се определив да го поддржам решението што е во  Уставот а да не го поддржам амандманот бидејќи ќе остане недоречено меѓу граѓаните. Меѓу нашите гледачи утре што фактички станува збор, дека јас не сум за Македонија, ако не гласам за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш да минеме на изјаснување.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, овде очигледно сите чувствуваме потреба некако да се оправдаме за она што треба да го кажеме, "за" или "против", но при тоа свесно, изгледа намерно се оди на тоа пак да се наврати водата на друга страна. Конкретно министерот Фрчковски како експерт од групата што го подготвуваше Уставот, и покрај тоа што рече дека ќе се воздржи од сугестија, неговото излагање всушност беше само сугестија. Очекував од него дека ќе каже само тоа, она што беше побарано, да каже само тоа во што се состои амандманот.

Членот 1 на Уставот гласи: "Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава", во постојниот текст со амандманот се пледира на тоа Република Македонија да биде суверена, самостојна, демократска и социјална и национална држава на Македонскиот народ.

Сега би сакал да се осврнам на излагањето на господинот Петковски а воедно и на Фрчковски, дека во Европа ќе бидеме единствени, покрај Хрватска со национална држава, со нагласување на националниот идентитет на државата. Јас сум на мислење дека сепак треба да се нагласи националниот идентитет на Македонската држава, бидејќи европските држави се држави со традиција културна, цивилизациска, историска и секаква,. додека македонската држава не го има изживеано тој стадиум на национална држава и секој обид да се престоиме некој стадиум од развитокот свесни сме и сведоци сме на тоа како резултира. Тоа како реплика.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, поттикнат сум во некоја мерка од последните дискусии што ги слушнав. Можеби во Европа веќе и не ги дефинираат државите како национални држави на еден народ, но јас чувствувам потреба да ве известам за неколку лични контакти што ги имав, поточно што бев во прилика да ги имам. Имено, демократијата чини меѓу другото и материјални средства, бидејќи ние партиите како држави не ги финансираме и нашите партии се во голема мера хендикепирани да контактираат со овој свет со учениот дел од овој свет за да се соберат релевантни информации. Но на посета беше тука една делегација од двајца члена од Советската амбасада. Јас приликата ја искористив и прв прашав како во СССР се дефинирани републиките односно сега веќе во поголемиот дел прогласени за самостојни и независни. Во Советскиот сојуз освен Русија која носи време на федерација и чиј нов Устав нема да носи национален белег, сите други или скоро сите други држави кои се по територија мали, сепак се национални држави на тие нации, на тие народи, така што во Европа, јас не се сомневам Вие господа дека сте ги консултирале уставите, но уставите на тие држави што сте ги консултирале датираат како држави во релативно подолг период и нивната сувереност ни најмалку не се става под знак на прашање. Самите устави валидни на овој свет во огромно мнозинство повеќе од две третини се донесени после1970 година и ако гледам на Европа, тука меѓу најстарите устави кои функционираат а се пред 1950 година е на Германија, Италија, Франција има од 1958 година итн. Сите тие држави си пишуваат од тековна потреба повторно Устав и тие немаат ни потреба веќе да бараат дефинирање на носител на сувереност во смисла дека токму таа нација е носител. Ова е според моите скромни согледувања единствената преломна точка и јас не

гледам причина зошто ние мораме веднаш да мавтаме со нови белези. Мислам дека тоа може да не чини прескапо, да не се напише конкретно која нација е носител на суверeноста.

Кога сме веќе кај тоа дека имало посета од Америка по покана од ВМРО-ДПМНЕ, професорот Глаустен се изјаснил позитивно и јас сум го слушнал тоа, лично од него сум го слушнал дека овој Устав е демократски, тука нема спор, де*а гарантира широка кочница на слободи и околу тоа нема никаков спор. Но исто така можам да ви кажам дека јас лично во разговор со него слушнав дека не пречи да биде дефинирана македонската држава онака како што ние предлагаме, а вие упорно одбивате.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

За тврдењето дека само Хрватска има национална држава во Европа го чувте демантот, значи тоа не е точно/ има и други.

Меѓутоа, јас друго сакав да кажам дека ниедна нација во Европа не е толку оспорувана, а тоа е само по себе исто така аргументација, во овие историски услови, потребата на Македонската држава го налага тоа. Вие денес имавте прилика да видите на каков безобѕирен и дрзок начин овде во говорницата ни се оспоруваше правото на сувереност во сопствената држава и затоа сметам и не треба многу да се убедуваме дека Македонија мора да биде национална држава на Македонскиот народ.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам впечаток дека изолирано член 1 само го толкуваме и анализираме, па оттаму извлекуваме и вршиме крупни и сложени заклучоци. Затоа јас лично би сакал да се определам, а тој став и на Уставна комисија јасно и гласно сум го искажал, а и пред овој

Парламент. За мене лично, а со тоа би сакал да дадам коментар и на член 1 како го толкувам, а мислам дека исправно го толкувам и би требало во тој контекст да се прифати по мое мислење.

Прво, СР Македонија или Република Македонија на АСНОМ е конституирана како национална држава на Македонскиот народ. Тоа е историски факт и тој е вграден во преамбулата на овој Устав.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Целиот овој развој на Социјалистичка Република Македонија и сите републики во Југославија се конституирани исклучиво на национална основа. Значи основата на конституирањето на републиките во Југославија е националната основа како држава. Според мене во оваа конструкција што експертната група ја понуди, за мене нема дилема дека носител на националниот суверенитет во Македонија е единствено македонскиот народ.

Втор принцип кој што од АСНОМ до ден денеска во сите устави е присутна, овие начела, принципот на рамноправност на македонскиот народ, националностите или народностите како во досегашниот суват беа. И трето она што треба да го разграничуваме, носител на политичкиот, односно државниот суверенитет, е субјектот граѓанинот. Затоа во Јвториот член на нормативниот дел на Уставот, говориме дека власта произлегува од народот и му припаѓа на народот како збир на рамноправни граѓани во Републиката. Според тоа, од тој аспект диференцијацијата за мене воопшто нема потреба во член 1 да го нагласуваме, бидејќи тоа е историски факт дека македонската држава дека е конституирана како национална држава на македонскиот народ и дека македонскиот народ е носител на тој национален суверенитет во Република Македонија бидејќи по сите меѓународни заности народите го имаат тоа право на самоопределување до отцепување врз кои се темели и овој суверенитет.

Втор принцип е рамноправноста од АСНОМ до ден денеска постојано била присутна со сите устави и трет принцип е оној што сега го вградуваме во нормативниот дел на Уставот дека носител на државниот суверенитет е

граѓанинот, односно народот, од него произлегува и на него му припаѓа како збир на рамноправни граѓани.

Според тоа, имам впечаток дека во дискусијата се создава една атмосфера дека оваа држава е една 6eaim4Ha држава со оглед на граѓанскиот пристап кон конституирањето дека тие историски факти или дека таа основа на која почива оваа држава, едноставно се анулира со овој Устав, што за мене не го прифаќам како толкување во овој документ што се прифаќа. Лично мислам дека се работи за недоразбирање, отколку за потреба од дополнително утврдување, бидејќи во премабулата како историски факт, што никој не може да промени тоа е зацртано и изразено во овој текст.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Токму на оваа иста линија. Определбата да се дефинира Македонија како национална држава на македонскиот народ од овој Устав натаму е всушнсот негирање на она што е став дека Македонија е навистина национална држава на македонскиот народ. И во тој контеескт сите уставно правни документи на Македонија тоа го дефинираа. Пред се АСНОМ-сктие одкули од уставно правен карактер, со Уставот во 1946 година во членот 12 дури прави разграничвуање на националното малцинство како овде што се бараше поимот да се поврзе. Во Уставот од 1963 година зборува за суверенитетот на македонскиот народ и зборува за народностите па става тире национални малцинства.

Со Уставот од 1974 година во таа дефиниција која овдека постојано се кажува поаѓа дека Македонија е национална држава на македонскиот народ и држава на албанската и турската народност.

Што значи дека уставно- правниот континуитет на националниот карактер на македонската држава постои. Сега е прашање со концептот на Уставот кој сакаме да биде граѓански, кој треба да го одвои она што беше практика во досегашниот систем, да се утврдуваат колективните права, а тоа е дали да бидат врзани за националностите дали да бидат врзани за работен народ, работни луѓе или за партија како субјект на носител на власта, тоа не сакаме да го прифатиме. Во тоа е таа разлика. Сакаме да го дефинираме односот помеѓу државата и граѓанинот и само тоа да биде предмет на регулирање на Уставот. Сето тоа друго останува еден либерален однос концепт на слободи на човекот и граѓанинот. Према тоа, нема спор од карактер кој сака да се импутира дека е тоа цепање на македонското јадро овдека во Парламентот. За мене лично задоволува во преамбулата каде што вели дека поаѓа од фактот дека таа е конституирана како национална држава. Меѓутоа, ако сакаме нешто друго да изразиме, тоа беше дилема во нашата пратеничка група, а тоа е односот што Македонија заради историските околности, македонскиот народ заради историските околности е определен народ и единствено на овој дел од Вардарска Македонија има своја државност. Сака да изрази еден друг однос дека односот на македонците кои се надвор од Македонија, пред се во дијаспората и кој не можат со соседните земји, не само од позиција како што се кажуваше дека се признаваат само држави и влади, да ги посочиме како матична земја а како матична држава Македонија ние имавме една дилема да предложиме и пратеникот Симјановски има една таква формулација Македонија како матична држава на македонскиот народ. Токму тоа поврзување да го обезбедиме. Меѓутоа, не сме длабоко убедени од еден однос уставно правен кој може да создаде една небулоза во нормативниот дел. Можеби аго добро размислиме ако сакам без емоции

да разговараме таква една подецидна формулација да дадеме во самата преамбула. И со тоа ќе ги надминиме сите недоразбирања.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас нема да учествувам во расправата по ова прашање, мислам дека доста на долго и на широко се расправаше и сосема ми е јасно и би ве замолил како Претседателство и Вас како претседател господине Андов да го оставиме прашањето на разјаснување. Еве 12 по полноќ е часот, а по ниту еден амандман не расправавме толку. Дајте да се изјасниме.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Ценејќи ги претходните правници мислам дека мешаме две работи. Едно е историски континуитет, кој никој не го негира, а друго" е меѓународно правен субќејтивитет и континуитет. Факт е дека Република Македонија меѓународно правен субќејтивитет нема. Затоа ја има СФРЈ. Меѓутоа, од распаѓањето што се случува сега на СФРЈ, меѓународната заедница го признава правото на народ кој има статус на народот во таа СФРЈ да се самоопредели. Ние се самооппределивме и затоа ова е македонска држава, меѓународно- правно призната како субјект меѓународно правен и би требало да носи во почетокот дека е држава на македонскиот народ и на граѓаните кои се негови државјани. Во тоа се состои. Јас за жал ќе кажам уште еднаш тоа правниците најдобро би требало да го знаат дека Македонија има континуитет, но историски континуитет, а не меѓународно правно признат субќејтивитет со континуитет. Немаме тоа за жал. Една Баскија си има исто така своја историја, свој историски континуитет, меѓутоа не е држава. За курдите да не зборуваме. Во тоа се состои разликата.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас сакам само едно мало укажување во врска со укажувањето на господинот Петковски кој што погрешно го интерпретира нашиот гостин проф. од ЊУ Џерси Блајњ Штањ кој што беше недвосмислен во однос на потребата и дефинирањето на Републиката во Новиот устав. Мислам дека за секој човек е јасна пораката дека Предлогот на Уставот е крштеницата на македонската нација. Многу јасно кажа професорот.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Во прилог на вистината се јавив да го изнесам своето мислење, затоа што покрај господинот Петковски и господинот Поповски учествувавме во работат на Уставната комисија и ние и очигледно е нивното еднострано изнесување и гледање по ова прашање. Сигурно дека е тоа нивно право тие така да се определуваат и да гледаат по ова прашање, но ова говорница не би требало да се присвојува само од страна на поединци или од едната страна, затоа чувствував потреба да ги чуеме и другите мислења што беа изнесени таму, а во прилог на таа вистина се јавив да дадам некои објаснувања во врска со овој амандман што го понудивме.

Република Македонија, како национална држава на македонскиот народ и држава на граѓаните на нејзините државјани, како што го понудивме со овој амандман поаѓавме од следните ставови дека народот на Македонија, македонскиот народ го има тоа колективно право на самоопределување и тоа негово национално право како народ не само што треба да се оствари, туку треба тоа и со Уставот да му се овозможи, а неговото остварување се покажа како потреба со последниот референдум

кога ние го активиравме институтот на националното самопределување. Тоа од нас не го бараше само македонскиот народ, туку тоа ни послужи и како легитимација пред Европа во однос на нашето определување како ние понатаму се определуваме во однос на Југославија и во однос на сојузот и во однос на другите држави со кој што сакаме да живееме. Едно такво право што го има македонскиот народ, за разлика од другите народи кој што го оствариле, историјата му го овозможува токму овој во овој период тоа право да го оствари. И затоа нема место ако некое право односно националното право го оствариле одредени народи во минатиот век на нашиот македонски народ ние тоа право да му го оствариме во овој момент кога тој ја чувствува потребата за национално самоопределување и создавање на своја национална држава кога се соочува со потребата да ја стекне својата суеверност и својата афирмација и меѓународно признавање во Европа. Имам овде една забелешка дека Македонија со АСНОМ постанала национална држава. Тоа е точно. Меѓутоа само сакам да ве потсетам дека националниот карактер Македонија што го доби со АСНОМ на 2 август траеше само до 7 јануари 1945 година, односно ако на 2 август со АСНОМ од 1944 година ја здоби таа национална држава, таа национална држава на 7 јануари кога беше извршен кучот, односно кога престана македонската војска, кога македонската војска ја изгуби својата самостојност а со тоа ја изгуби надлежноста во однос на одбраната и кога нејзините надлежности во тој домен беа пренесени во федерацијата ние не можеме да зборуваме во периодот после 7 јануари 1945 година па наваму за некаков суверенитет на Македонија.

Од тие причини во овој момент се покажа потребата македонскиот народ преку референдум да го реактивира своето право за национално самоопределување. Од тие причини барам овде да се прифати предлогот за поединечното гласање, за овој член што го предлагаме затоа што тој член е од посебно значење, не само за македонскиот народ, туку и за македонската држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ќе ви кажам само неколку збора околу мојот разговор со уважениот професор Блауштајн. Беше предложено да го примам и со посебен интерес го примив професорот особено што ја чув и неговата претходна изјава, како он гледа на формирањето, на осамостојувањето на македонската држава. Мислам оти неточно го пренесува г-динот Стефковски неговиот став дека крштеница на македонската нација. Ние се задржавме на еден разговор околу пола саат и тој изнесе задоволство што доаѓа овде на раѓањето на една нова нација во Европа. Јас внимателен му укажав дека можеби од аспект на американското искуство и американското право каде навистина создавањето на државата претходеше на создавање на американска нација, така изгледа и овде, меѓутоа овде сосема друго стојат работите и ми беше жал што не бил претходно запознат, му кажав дека веќе пред, повеќе од 150 години почнува зародишот на настанување на македонската нација врз етничка основа на македонскиот народ кој има повеќе од илјада годишна историја и дека таа нација е сосема оформена веќе и се искажала во напорите на нејзината државотворност во востанијата која ги имала и оти во сите тие востанија успеала да формира некоја државна власт и оти најзначајно беше резултатот на учеството на македонскиот народ  во втората светска војна на страната на хитлеровската коалиција кога создаде држава.

Оттаму, професорот Блауштајн никако немал став дека ние треба да направиме национална држава, ние разговаравме малку повеќе за тоа, тој изрази големо задоволство што правиме граѓанска  држава затоа што јас

колку што знам и контактирам со светот на Запад фактички тие граѓански држави имаат и одредена структура и тие потоа очекуваат таква структура и таков распоред на правата да го имаме и ние во нашата држава и оттаму мислам оти треба да поведеме сметка токму и затоа.

Инаку, сигурно е дека нашата македонска држава настанала како национална држава на македонскиот народ и она

националниот аспект си го задржува и затоа е преамбулата таква но сега прераснува во граѓанска држава, затоа што македонецот не е само индивидуален припадник на нацијата, туку припадник на нацијата" е 'Сега" како граѓанин, како една развиена индивидуа, граѓанин кој е еднаков со сите свои права и слободи како и оние граѓани во тие други земји итн. Затоа, треба да ја земеме целината на прашањето, да видиме што сме решиле во преамбулата, што останува сега во понатамошниот текст, дали може ако ги повторуваме работите што сме ги веќе рекле во преамбулата да дојде до една нерамнотежа ,и нарушување на концептот на државата што понатаму треба да ја развиеме. Ако до тоа дојде треба да видиме кои се последиците. За пример никако не би ги земал новонастанатите држави од советскиот сојуз, тие остануваат таму во советскиот сојуз, прават таму сојуз на суверени држави и тие не се очекува брзо да се кандидираат да одат во европски совет, во

Кај пратениците апелирам да не не заслепува само да кажам така некоја формулација туку Да ја видиме што е суштината и да ве погрешиме во одлучувањето. Затоа, би ги молел навистина со внимателен речник и со аргументи како што правеа на Уставната комисија и претставниците од

експертската група уште еднаш да повторат ама со внимание и без нешто што може да се толкува како навиваше во таа работа.

Ако има господинот Поповски да објасни, па да бидеме најјасно, тука да минеме на гласање веднаш по тоа.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас не сум воопшто сигурен дали ќе објаснам бидејќи имам чувство дека имаме ставови и^ со ставови можеби тешко може да се разговара напросто тие може да се констатираат особено што имам чувство дека г-динот претседател коректно објасни што значи преамбулата во врска со нормативниот текст. Фактички Уставот на Република Македонија е дефиниран со преамбулата во образложението тоа е јасно кажано, станува збор за две димензии во таа дефиниција во смисла на тоа дека историски е фактот дека Македонија е конституирана како национална држава со онаа додавка па се вели “а со цел”, па вториот дел укажува дека онаа Република Македонија која како држава и политичкис истем ја конституираме и чија што дефиниција во материјалните одредби почнува со член 1 и завршува со последниот практично дека таа Република Македонија е со тој карактер, гради власт врз граѓанскиот концепт како структура на граѓанска држава во смисла на развиени гражански права со позиција пред организацијата на власта, со организација на власт и се она што е типично во структурален смисол за современи држави. На тој начин ние сметавме дека овој устав ги задоволува и еднкот и другиот аспект и дека правиме типичен модел кој што има проодност, проточност или прифатливост и дека во таа смисла

дури и самиот нормативен дел сакам и тоа

да го појаснам дека и граѓанскиот модел и тоа во примерите на демократските држави и тоа демократски по национална линија не само по граѓанско политичка линија го познаваат моделот на определени малцински права или права на националностите ние како што ги нарекуваме и кои што се во тој нормативен дел опфатени, сметајќи дека во нашиот устав тие права се задоволителни би рекол со повисоки стандарди и се вклучуваат во повисоките стандарди во дел од европските земји.

Сметам дека Уставот .не е безимен, не е безличен по својот карактер, тој е објаснет со овие два аспекти и дека практично го содржи и едниот карактер и вториот карактер. Да одам и натаму со сиот ризик бидејќи мислам дека не можат да се погодат сите желби и интереси, меѓутоа моето толкување сега би било само лично толкување, дали на пример кога во членот 1 би стоело Македонија е она што е таму дефинирано со сите оние пет елементи и со додавка "на македонскиот народ и на сите граѓани што живеат или на сите граѓани државјани или на сите граѓани Што живеат во Македонија што тоа би значело. Доколку би само тоа стоело, и доколку не се наруши целокупната следна структура и ни&ето на решенијата во таа структура тогаш би имале практично повторно граѓански устав со една норма која што е непотребна.

Не можам да гарантирам ниту да се контролираат натаму би можела да биде толкувана. Јас мислам дека тука не може никој да даде цврста гаранција дека таа норма би била толкувана рестриктивно или не би била

толкувана рестриктивно, но во секој случај е норма која што штрчи затоа што нејзиното место е поместено во претходниот дел и второ позицијата на преамбулата иако е пред нормативниот дел, преамбулата е составен дел на Уставот, таа не е со нормативно значење бидејќи како што објаснија и колегите дека самиот атрибут национална држава не значи ефективно различно право во однос на вршењето на власта, бидејќи по таа линија изворот на власта и непосредното вршење на власта единствено може да биде поврзана со граѓаните и тука нема никакви разлики меѓу граѓаните мислам ниту тука може колективистички одредени субјекти да се поставуваат во смисла на доминантен и доминиран субјект.

Јас незнам дали објаснив, веројатно не е можно да се објасни бидејќи станува збор за позиции.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Сега да се договориме да минеме на гласање.

Го молам секретарот секој поединечно да гласа. Сега е појасно, на секого му е јасно.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ**: (Прилог)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде утврди колку се сега, како е резултатот?

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Според евиденцијата што се водеше тука, 42 гласа се "за".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. За амандманот гласаа 42 пратеника.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Незнам зошто е тешко да се работи правилно и према Деловникот. Бидејќи се уочи грешката и господинот претседател ја поправи само во еден дел нема причина зошто да не се повтори гласањето за Преамбулата бидејќи навреме барав.... (Реагирање на пратениците)

Ве молам Вашето право како пратеници не е поголемо од моето право. И мене ме бирал народот и за мене стојат избирачи. Овде Правилникот, Деловникот точно зборува дека независно толкување на претседателот на Собранието, делегат кој што е поддржан од 10 пратеници има исто така право на поединечно изјаснуваше за својот предлог.

Да не кажам и за тоа дека постоеше и тоа како основано сомневање. Во она што ќе биде соопштено како резултат. Таквото сомневање останува да виси и понатаму но ќе видиме како за другите ќе се фрли историска замка на овој Устав дека ва нерегуларен начин е донесен дел од Уставот. Утре ќе свикам Конференција за печат и ќе ја повторувам секој ден, додека не се поправи грешката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, еве како е.

Прво, во Уставот и во Деловникот не пишува дека е независно толкувањето на претседателот. Не зависи и толкувањето не се третира таму во....

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас незнам....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ви дадов господине Голубовски. Напуштете ја говорницата. Не ви дадов збор, напуштете ја говорницата сега. Напуштете ја ве молам, Ќе ви дадам збор после. Држете се за Деловникот. Инсистирате на тоа, држете се за Деловникот.

(Владимир Голубовски ја напушта говорницата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само момент. Секретарот нека каже дали има овде одредба која е независна од тумачењето на претседателот. Да видиме дали пишува дали е независно, уставната одредба за право да толкува претседателот не се однесува на ова.

(Реагирање од место на пратеникот Владимир Голубовски)

Ако е така, во ред, нема проблеми. Зошто?

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Ве молам ако сакате да сослушате.

Ова право претседателот произлегува од амандманот 74, точка 4 став 4 според кој претседателот ва Собранието со потпретседателите ва Собранието ги толкува одредбите ва Деловникот на Собранието и зазема ставови по други прашања од интерес за работата на Собранието определени со Деловникот ва Собранието.

Од ова јасно произлегува дека уставно овластувањ>е ва претседателот заедно со претседателите е да ги толкува, не да дава мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Зарем верувате дека тоа што го кажавте одговара на вистината? Но, да ви помогнам можеби да ги решите сопствените дилеми.

Поединечно гласање се врши кога тоа ќе го определи претседателот ако смета дека е потребно точно да се утврди резултатот од гласањето или ако тоа го побара еден делегат чие барање го поддржуваат најмалку 10 делегати.

Доколку вие се криете зад тумачењето на стручна комисија таа сигурна е свесна дека за ова не само морално и кривично може да се одговара за донесување во заблуда на пратениците за еден вака важен документ од судбинско важење на Република Македонија. Тоа е ваш проблем со што се соочувате, но бидејќи сметам дека веќе не е основано сомнение туку е сосема извесно дека се манипулира со седницата и дека се извршува одредена концепција до кра ј, како што вие мене културно ме .замоливте да ја_ напуштам говорницата, јас ве повикувам во име, пред с€ на вашата совест, но и во интерес на довршување на донесувањето на овој уставен документ да поднесете оставка пред ова Собрание.

(Аплауз од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, правото на толкување на претседателот овде е разјаснето. А во што верува Голубовски, а тоа е и по овој Устав е приватно право на секој.

Да одиме понатаму. Ве молам, ве молам, инаку заканите од господинот Голубовски, секогаш ги правел, па не не ни сега плашат, се разбира, со кривични или незнам какви закани. Тоа е метод негов, него да одиме понатаму. Бидејќи, мене сигурно мене сигурно ми е мноту станало до Уставот отколку на Голубовски, а помалку до паради, јас предлагам и барам овде да се гласа повторно и за неговиот амандман. Ќе гласаме, цела ноќ и цел ден, он имаше амандман на преамбулата, он тврди дека ќе се оштети Уставот т.е. ќе се оштети, се манипулира со седницата, еве му докажуваме дека тоа не е така, само целото Собрание тоа ле си го плати се разбира. Ве молам, ете и за амандманот на господинот Голубовски ќе гласаме да се и тоа разјасни.

Господинот Шиковски нека иде и нека ги поединечно извикува. Ако може Голубовски да употребува речник примерен за Парламент, тоа ќе биде подобро.

Јас добро ви објаснив дека овој деловник на кој се повикува господинот на кој се повикува Голубовски не е деловник што сме ние донеле. И затоа сходно го применуваме, и применуваме тумачење овде за тоа. Господинот Стојановски сака нешто да каже.

**СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот од господинот Голубовски навистина ќе држеше место во рамките на сиве овие, тоа е мое мислење. Во рамките на сиве толкувања што се дадоа вечерва, ако благовремено беше даден во текот на расправата и после гласање непосредно на членот како што тоа го направи ВМРО-ДПМНЕ. А, откога е еден дел од Уставот пошто се договоривме претходно да влечеме врска дека ќе гласаме член по член, дел, по дел од актот кој го носиме и го утврдувавме, ние веќе го апсорбиравме тој дел и

дојдовме на првиот член, значи на вториот дел по делови како што се договоривме. Не е проблем да гласаме и така сметано лаички да се вратиме повторно на преамбулата, како што се изјаснивме поединечно овде. Али правиме опасен преседан, да после 50-тиот дел кога ќе го гласаме овде, да некој му текне да повторно се врати на 40-тиот, на 35-тиот, затоа што ќе се повика на вашето пресединско право што ќе го валоризираме овде и ќе дојдеме во една крајна неизвесност или блокада во овој устав на некој начин овде да го утврдиме, оти со цел капацитет ако го користат тоа право сите пратеници на сите делови 135 што се од предлог-уставот, постои таква опасност да влеземе во едни матни води и навистина да дојде утврдувањето на Уставот на нерегуларен начин што никој не го посакува во ваа сала, а за што и вие на неколку пати инсистиравте. Јас ве молам, ве разбирам целосно за потребата, али навистина требаше благовремено да се интервенира. Само толку сакав да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да се и тогаш изјасни Собранието за мојот предлог. Јас предлагам да го тоа прашање ликвидираме на ТОЈ начин што ќе се изјасни секој поединечно по предлогот на господинот Голубовски и треба да биде јасно оти не сум признал грешка него заљради неговите инсинуации да ги ликвидираме.

Кој е за, да крене рака. Ајде повели прозвај ги. Нека ги прозива. Да го тоа прашање ликвидираме. Па ве молам, затоа и заседовме таков став.

Добро, инсистираат членовите на Претседателството предлогот, новиот предлог да го ставам прво на гласање.

Кој е за мојот предлог да крене рака. Да се повторно гласа.

Има 17, доста се за да можеме да го уважиме.

Досега го завршивме гласањето.

Дами и господо. Мора да имаме доверба овде и овие ситни дриблинзи да ги отстраниме од салата да нема никој кој ќе се повикува на било што околу Уставот, заради тоа што не му се него темелни амандманите и после да може да се правда во постапката. Ако е добар амандманот ќе го прифатиме.

Ве молам почнете се прозивката.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ Не
2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА не е за повторно гласање во принцип
3. ХАМИТ АЛИУ не е за повторно гласање во принцип
4. ЕШТРЕФ АЛИЈИ не е за повторно гласање во принцип
5. СТОЈАН АНДОВ воздржан
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ не
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ да
8. ДИМЕ АНДОНОВ воздржан
9. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ за
10. ДУШКО АРСОВСКИ воздржан
11. ДРАГИ АРСОВ за
12. БРАНКО АРСОВСКИ воздржан
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ - да
14. БРАНКО БЛАЖЕВСКИ – не е тука
15. .ЈОРДАН БЛАЖЕВСКИ не е тука
16. ГОРГИ БОЈКОВСКИ против
17. ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ против
18. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ воздржан
19. ПЕТАР ГОШЕВ против
20. ТУШЕ ГОШЕВ  воздржан
21. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - за

22. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ за
23. САНДЕ ДАВЧЕВ воздржан
24. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ против
25. ТОДОР ДИМОВ воздржан
26. ДОСТА ДИМОВСКА за
27. РАТКА ДИМИТРОВА за
28. ПЕТАР ГЕОРГИЕВ воздржан
29. БОРКО ГОРЧЕВСКИ за
30. ДУШКО ГОРГЕСКИ воздржан
31. ЗУДИ ЕМИНИ против
32. ЈОРДАН ЗАФИРОВ не е тука
33. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ за
34. НАСЕР ЗИБЕРИ против
35. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ воздржан
36. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ воздржан
37. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ не е тука
38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ воздржан
39. ЉУБОСАВ ИВАНОВ не
40. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ воздржан
41. ИВАН ИВАНОВ против
42. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ - за
43. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ за
44. РИСТО ЈОВАНОВ за
45. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА против
46. РИСТО ЌЕЛЕШОВ воздржан
47. ТАШКО КИРОВ за
48. ЗОРАН КИТЕВ за
49. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ за
50 . ЃОРЃИ КРСТЕВСКИ за

51. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ воздржан
52. ЗОРАН КРСТЕВСКИ воздржан
53. НИКОЛА КРСТЕВСКИ за
54. БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА за
55. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ за
56. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ за
57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ против
58. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ против
59. ЕФТИМ МАНЕВ за
60. СТРАШО МИЛКОВСКИ не е тука
61. ПАНЧО МИНОВ против
62. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ против
63. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ воздржан
64. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ за
65. ВАНЧО МЛАДЕНОВ не е тука
66. ЏЕЛАДИН МУРАТИ против
67. АВДИ МУРТЕЗАНИ против
68. НАИФ МУСТАФА против
69. СИМОН НАУМОВСКИ воздржан
70. ПАНЧЕ НАСЕВ воздржан
71. СЛАВЕ НАУМОВСКИ воздржан
72. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ
73. ДУШАН НИКОЛОВСКИ не е тука
74. ЈОВАН НИКОЛОВ против
75. ТОДОСИЈА ПАУНОВ воздржан
76 . МИХАИЛ ПАНОВСКИ за
77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ за
78. ТИТО ПЕТКОВСКИ воздржан
79. ТОДОР ПЕТРОВ за

80. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ не е тука
81. ДИМИТАР ПОПОВСКИ не е тука
82. КИРО ПОПОВСКИ воздржан
83. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ воздржан
84. ШАБАН ПРЕВАЛА не е тука
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ против
86. БОЖО РАЈЧЕВСКИ за
87. НЕИМ САЛМАНИ против
88. ФЕРИД САДИКУ против
89. АСЛАН СЕЛМАНИ против
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ воздржан
91. АЦО СПИРОВСКИ, за
92. РИСТО СТАНКОВСКИ, против
93. НАКЕ СТОЈАНОВСКИ против, не учествувам во гласањето затоа што сметам дека не е легитимно
94. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА воздржана
95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ за
96. СТОИЛЕ СТОЈКОВ за
97. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ за
98. РИСТО-СТАМЕНОВ воздржан
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ против
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ - против
102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ за
103. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ за
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ за
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ за
106. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ за
107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - за

108. АГИМ ФАЗЛИУ против
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОСКИ за
110. БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ воздржан
111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ против
112. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ против
113. МУХАМЕД ХАЛИЛИ воздржан
114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ воздржан
115. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ не е тука
116. НЕЏАТИ ЗАФЕРИ против
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ не е тука
118. ВЕБИ ЏМАИЛИ воздржан
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ за
120. ХИСНИ ШАКИРИ воздржан

Според евиденцијата за резултатите од гласањето за амандманот гласале 38 пратеника.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам господинот Халили и другите да не бараат повторување на гласањето по нивните амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ги молам сега господинот Халили и другите да не бараат повторно и за нивните амандмани да се гласа со прозивка.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Веќе се сомневам и јас. Бидејќи се сомневам и јас сакам сега поединечно да се гласа. Се сомневам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашето сомневање не е покриено со реакција во време на гласањето, а Голубовски тогаш бараше, само него му удоволивме. Јас ве молам д не комплицираме.

Господата од НДП и ПДП не инсистираат. Минуваме на утврдување на член 1.

Отворам претрес по текстот на член 1

Амандмани поднесоа пратениците Драги Гроздановски, Наум Симјановски,Ристо Ќелешов, Тодор Петров, Владимир Голубовски, Драги Арсов и Томислав Стефковски и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Комисијата за уставни прашања не ги прифати поднесените амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Драги Гроздановски.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 31 пратеник.

Констатирам дека амандманот на член 1 од пратеникот Дарго Гроздановски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Пратеничката група на Реформски сили- Либерална партија.

Кој бара збор?

Крстевски, може ли да го повлечеме амандманот?

Да не се изјаснуваме, да не водиме постапка.

Се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Наум Симјановски.

Дали се повлекува и овој амандман? (Не)

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Страхувам дека емоционалниот набој кој владее во Парламентот дека воопшто ќе го восприеми не само мојот амандман, туку и сите понатамошни што ќе доаѓаат, но сепак се одлучив овој амандман да се разгледа. Истиот ќе го прочитам. Тој гласи: Во член 1 да се внесе став 2 "Република Македонија е матична држава на македонскиот народ и држава на сите граѓани кои живеат во неа". Во продолжението имам истакнато: Сметам дека одредувањето на Македонија како матична држава на македонскиот народ е објективна стварност и неповредува ничии права. Исто така, во излагањата од неколкуте пратеници по Предлог- уставот на Република Македонија овој проблем го потенцираа, истиот го подржаа, истакнаа дека тоа е каратктеристика на една држава, значи матичноста ја оценува како специфичен елемент на оваа нова држава гледано од аспект на самото формирање кое се изведува за прв пат на овој начин и ' во вакво време. Исто така, тоа е во контекст и на самата расправа, на самата распространестост на македонскиот народ во соседните земји врз кого се вршат невидени репресии и непризнавања. Што значи, ова е матична држава на сите Македонци кои живеат во рамките на оваа територија и дијаспората.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака

Молам, кога прашувам тогаш да се реагира.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само сакам да го прашам предлагачот, дали се работи овде за техничка грешка, бидејќи ваков амандманов каков што е даден произлегува дека став 2 испаѓа, или се работи за тоа во член 1 да се внесе став 3 што е сосема нешто друго, дека останува став 2. Само тоа, за да можам да се одлучувам да гласам.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Во предложениот член 1 од предлогот »а Уставот став 2 гласи: "Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава". Мојот амандман е за вметнување на нов "член 2, во член 1 став 2 "Република Македонија е матична држава на македонскиот народ и држава на сите граѓани кои живеат во неа".Со тоа 1пто ставот 2 од член 1 станува 3 и истиот гласи: “Суверенитетот на Република Македонија е недделив, неотуѓив и непренослив”.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласан»е. Кој е за, да крене рака. За амандманот гласаа 66 пратеници.

Констатирам дека амандманот поднесе на член 1 од пратеникот Наум Симјановски е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеничката група на Социјалистичка партија на Македонија.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

За амандманот гласале 2 пратеника.

Констатирам дека амандманот поднесен на член 1 од Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Ристо Ќелешов.

Молам, кој бара збор?

Дали пратеникот Ќелешов го повлекува бидејќи е ист текстот со претходниот? Останува амандманот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

За амандманот гласаа 6 пратеника.

Констатирам дека амандманот поднесен на член 1 од пратеникот Ристо Келешов не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Владимир Голубовски

Молам кој бара збор

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Република Македонија е национална држава на македонскиот народ и држава на рамноправни граѓани во интерес на македонскиот народ и Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Голубовски има во вид дека сега веќе има нов став усвоен како амандман кој е составен дел на текстот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ :**

Го имам во види останувам на предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Останува  на амандманот.

Молам, дали некој бара збор(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. За амандманот гласаа 26 пратеници.

Констатирам дека амандманот поднесен на член 1 од пратеникот Владимир Голубовски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки.

Молам кој бара збор.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Предлогот беше од Пратеничката група на ВМРО-ДП.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 3 пратеника.

Констатирам дека амандманот поднесен на член 1 од Комисијата за општествен надзор и претставки не е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 1 поднесени од пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор?

Господинот Стефковски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Новиот став 1 го повлекувам и останувам на новиот став со текст: "Република Македонија го признава двојното државјанство и на сите лица од македонско потекло може да им се даде македонско државјанство".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 39 пратеници,

Констатирам дека амандманот поднесен на член 1 од пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров,

Предлагачот го повлекува амандманот.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и текстот на член 1 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да креe рака.

За текстот на членот 1 гласаа 77 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 1 на предлогот на уставот на  Република Македонија

Преминуваме на утврдување на член 2.

Отворам претрес по текстот на член 2.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија,,

пратеничките групи на Демократскиот сојуз на Македонија, Реформските сили Либерална партија, пратениците Мухамед Халили и Тодор Петров, Законодавно- правната комисија, Комисијата за прашања на изборите и именувањето и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен од Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот.

Отворам. претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Мухамед Халили.

За збор се јави господинот Зуди Емини.

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Почитувани пратеници, забелешката ни е во тоа дека ако веќе се усвои членот 1 така како што се усвои, се јавува една битна потреба дека тотално се менува концептот на самиот устав и се јавува таа потреба да се обработува уште еднаш од почеток. Бидејќи вака нема потреба да се работи понатаму, основната карактеристика што досега сме се повикувале на тоа дека граѓанскиот Устав со овој член понатаму тој ги нема, веќе ги губи тие елементи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е впечаток на господинот Емини. Мислам дека уште никој не отстапил овде, барем Собранието од концептот на граѓански устав.

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Друга работа е ако ова Собрание демократијата ако ја сфати како демократија на античка доба, тогаш се сложувам. Сосема е во ред и дефинирање на првиот член. Или демократија во стилот на американските држави во XIX век. А демократија во сегашно време за тоа немате аргументи, мислам спротивно на ова што реков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Халили бара збор? (Не)
Дали некој друг бара збор по амандманот?

**ЕШТРЕФ АЛИЈУ:**

Без иронија сакам јавно да апелирам до пратениците на Партијата за демократски просперитет да покажуваат широкогрудост и да се сложуваат ама баш со се. Секој од вас што ќе предлага. Од ова формулирање, па натаму апсолутно неприфатливо е присуството и убедувањето дека ние навистина се залагаме за граѓански устав. Тоа нека ни биде јасно, тоа да г"о расчистиме, а понатаму ќе работиме и во ништо нема да ви пречиме. Апсолутно баш во ништо. . . .

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Овие претходни дискусии ме наведува да се јави. Сега ние треба да продолжиме со член 2 каде суверенитетот е на граѓаните , од граѓаните на граѓаните. Со овие претходни дискусии самите дискутанти се противат на граѓанскиот концепт на Уставот. Инаку, матична држава е Македонија на Македонците. Меѓутоа, можете да си дополните дека е и ваша, но е изгласано за Македонците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не разбирам во што е работата.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас предлагам да се одложи оваа седница за друг ден. Инаку, од сега можеме да кажеме дека свој Устав веќе стана неприфатлив за нас.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Ги молам пратениците .од ПДП и НДП да не прават инсинуации во врска со натамошните членови кои што следуваат во овој устав и кои што зборуваат"за" неговата граѓанска содржина. Мислам дека конфронтации не ни се потребни. Ова уште повеќе зборува во прилог на тоа дека тие треба со своето присуство да учествуваат помасовно и дури подобро со сила на аргументи да донесеме подобар устав за доброто на Македонија и за доброто на сите граѓани кои живеат во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да продолжиме по амандманот на пратеникот Мохамед Халити.

Дали некој бара збор? (Никој).

Тогаш да ја прекинеме седницата

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Без Албанците не може да има држава Македонија. Тоа треба да ви биде јасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ја прекинеме седницата, бидејќи очигледно сега се само караници.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Навистина со нас се манипулира и станавме најобична гласачка машина. Повредени сме и како граѓани и како нација. Ги направивме сите обиди во оваа држава да најдеме свое место. Прифативме дури и некое степенување, прифативме скоро 90% од она што ни се нудеше. Сето тоа само за да го сочуваме мирот овде. Вие се играте со Македонија. Нели го чувствувате мирисот на барутот. Таков Устав донесе и Хрватска. Гледајте ја сега каде е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да прекинеме со работа во овој момент, а утре да продолжиме во 10 часот. Ја повикувам и Пратеничката група на ПДО-НДП да присуствува на седницата.

(Седницата заврши во 01,30 часот).